**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**

**Филозофски факултет - Скопје**
**Институт за социологија**
**Европски студии за интеграција**

# МАГИСТЕРСКИ ТРУД

## Келтското културно наследство и неговото влијание врз Република Ирска како модерна европска држава

**ментор**
**проф. д-р**
**Антоанела Петковска**

**кандидат**
**Кирил Ангелов**
**досие: 4010/10**

**2016 година, Скопје**

**СОДРЖИНА**

I Вовед....2
1 Проблематика на истражувањето....2
2 Методологија на истражувањето....5
3 Операционализација на клучните поими....6
II Историјата на Келтите и Ирска....10
1 Келтите низ историјата....10
1.1 Почетоци....12
1.2 Созревање....14
1.3 Опстојување низ историјата....16
2 Европскиот континент и Ирска....18
2.1 Европска Ирска од 18 до 20 век....20
2.2 Период на политички тензии и созревање....23
2.3 Демократска Република Ирска....24
III Анализа на корпусот....27
1 Келтско културно наследство во Ирска....27
2 Келтска митологија и религија во Ирска....34
2.1 Митологија....36
2.2 Религија....40
2.3 Духовно наследство....43
3 Келтска музика во Ирска....44
3.1 Развојот на келтската музика низ Ирска....46
3.2 Келтски фестивали....48
3.3 Музичко наследство....51
4 Келтска лингвистика во Ирска....57
4.1 Лингвистички почетоци....59
4.2 Лингвистичка еволуција и регресија....61
4.3 Лингвистичко наследство....64
5 Келтска уметност во Ирска....66
5.1 Почетоци на келтската уметност....67
5.2 Келтската уметност низ историјата на Ирска....70
5.3 Уметничко наследство и келтско оживување....74
6 Келтска архитектура во Ирска....78
6.1 Почетоци на келтската архитектура....79
6.2 Христијанска архитектура во Ирска....80
6.3 Келтското архитектонско наследство во Ирска....82
7 Келтска литература во Ирска....84
7.1 Прилив на творештво....87
7.2 Карактеристики на ирско-келтската литература....89
7.3 Келтско литературно наследство....91
8 Европската идеологија и Келтите како етнолингвистичка група....93
IV Заклучни размислувања....99
V Библиографија....102

# I Вовед

## 1 Проблематика на истражувањето

*„Додека светлината патува со брзина од 300.000 километри на час, мислите патуваат практично надвор од времето*".

(Шивананда, 2014: 7).

Токму така, преку мислите и нивната брзина се создаде потребата да се најдат соодветни одговори на многуте прашања поставени во овој магистерски труд. Следствено, се појави и потребата да се осознае точната фактографската положба на Келтите како етнолингвистички народ и да се увиди нивното културно наследство и како тоа созревало и влијаело врз територијата на модерна Ирска.

Размислувањето како процес е секојдневна практика и претставува механизам да се осмисли некоја идеја, и таа да се пренесе и/или да се прошири (Munson, 2001: VIII). Од тој процес на размислување се појавија одредени прашања што бараат соодветен одговор за она што се културата и цивилизацијата, објаснувајќи кои се Келтите. Со самиот процес на осмислување на магистерскиот труд се појави и потребата да се изнајде значењето на јазикот, културата, музиката, уметноста, архитектурата на Келтите, а воедно и да се даде одговор на тоа како сите овие видови културно наследство биле пренесени низ времето кон оформување на Република Ирска како модерна европска држава. Најважно, и како почетен стадиум, мора да се пристапи кон одговарање на тоа во кои делови на Република Ирска најмногу се забележува влијанието на келтската култура, и кои се општествените промени што настанале со ширењето на келтското културно наследство низ Република Ирска.

Покрај сите видови културното наследство на Келтите, треба да се земат предвид и големиот број примери во историјата на човештвото, кои би дале соодветен одговор за келтското културно наследство и неговото влијание врз Ирска. Еден од тие интересни настани е степенот на распространување на Келтите и нивното ширење низ Северна Европа, односно Обединетото Кралство

и Ирска. За да се увиди нивната миграција и влијание врз модерниот свет, најпрво треба да се разграничат одредени поими што би ни помогнале за оформување на тој обемен одговор.

На самиот почеток авторот Џон Колинс во својата книга *Келтите: потекло, митови и откритија*[1] (*The Celts: Origins, Myths and Inventions)* укажува на фактот дека Келтите се впрочем етнолингвистичка група на племенски општествени групации во времето на железната доба и средновековна Европа (Collins, 2003: 22). Самите тие племиња користеле голем број келтски јазици, иако многу делови од нивната лингвистика и богата култура остануваат неоткриени, што до одреден степен ги прави и контроверзни и мистични. Точната географска распределба на античките Келти е исто така ставена под голем прашалник. Најмногу поради прашањето дали населениците на Британија и Ирска треба да се нарекуваат Келти (2003: 23). Кога денес зборуваме за Келтите, прво што ни паѓа на ум е Ирска како географска одредница. Оттука произлегува потребата да се увиди зошто токму таа етнолингвистичка група се идентификува со токму тој конкретен регион, односно која е таа нераскинлива врска што ги спојува.

Келтското културно наследство претставува важен дел во човековата историја, кое оставило траги втемелени во историјата и модерното општество на Република Ирска. Големиот број откритија што се дел од келтското културно наследство алудира на огромно богатство кога станува збор за ширењето и опстанокот на уметноста, музиката и јазикот на Келтите. Најголем доказ за тоа е модерниот свет што има многу зачувани вредности од таа етнолингвистичка група народи. Модерниот свет, а најмногу современа Ирска, е навистина богат со келтска уметност и архитектура. Низ многуте употребени академски извори се споменува фактот дека келтското културно наследство има оставено трага и врз политиката на Ирска; нормално, ова влијание зазема замав со текот на годините. Ова нè наведува да заклучиме дека станува збор за арка на промени и можности од секоја сфера од општествениот живот на народот, која влијаела врз оформувањето на една модерна држава. Без сите дејства што биле карактеристични за историјата, денес не би можело да ги истражиме сите докази за келтското постоење и нивното значење за Ирска.

---

[1] Насловите од делата што немаат официјален превод на македонски јазик се преведени од авторот на магистерскиот труд, доколку не е поинаку наведено во фуснота.

Треба да се воочи фактот дека модерниот келтски идентитет се појавил во Западна Европа во 18 век. За тоа е задолжен Едвард Луид[2], кој ги идентификувал атлантските домородци како Келти, кои се опишани како предци на предримските народи на Франција, Велика Британија и Ирска (Cunliffe, 1997: 276). Од ова може да се види дека едни од најголемите и највозвишени аспекти на келтската култура биле долготрајноста и истрајноста. Таа долготрајност и истрајност денес можат да се увидат преку опстојувањето на келтските јазици во рамките на англиските дијалекти, уникатната мистична уметност, мелодичната и комплексна музика, па дури и политиката.

Од сите термини и поими поврзани со Ирска и ирскиот народ, најпознат и најупотребуван термин е зборот „келтски", кој е распространет како синоним на таа држава (McCaffrey, 2002: 12). Се идентификува со сето она што претставува ирско и на тој начин доловува една сфера на припаѓање и спојување на минатото со сегашноста, а понатаму и со иднината.

Но прашањето останува исто – колку Ирска е келтска? Ова е едно од најзначајните прашања поставени од ирските археолози и историчари, што нуди и многу интересни одговори (McCaffrey, 2002: 14). Тие одговори ќе бидат детално разгледани низ магистерскиот труд. Тие ќе дадат појаснување за многу други прашања што претставуваат темели за изнаоѓање соодветни објаснувања за тоа како келтското културно наследство влијаело врз развојот на Република Ирска како модерна европска држава.

Трудот е поделен на пет поглавја, кои првично имаат цел да го објаснат зачувувањето и ширењето на келтското културно наследство во Република Ирска и нејзиното прераснување во модерна европска држава, преку анализирањата на Келтите во сите периоди од нивниот развој. Претставени се специфичната уметност и музика, како и нивната архитектура. Дадени се и одговори за развојот на Ирска и Обединетото Кралство, со посебен фокус на тоа како келтското културно наследство влијаело (директно и индиректно) врз развојот на тие географски територии, имајќи ги предвид и политичките промени и развојот на ирскиот национализам, кој се темелел врз келтските антички вредности. Трудот завршува со историските промени на општеството и

---

[2] Едвард Луид (Edward Lhuyd) (1660 – 30 јуни 1709) бил велшки натуралист, ботаничар, лингвист, географ и историчар (Campbell, 2007: 29).

развојот во модерното време фокусирајќи се на Република Ирска како модерна европска држава.

Ова истражување настојува да проникне во суштината за тоа на кој начин Келтите и нивната култура влијаеле врз развојот на Република Ирска денес. На посебен начин ќе биде претставено и ширењето на келтската уметност, музика и јазик, како и патувањето што го минал етосот на оваа етнолингвистичка група.

# 2 Методологија на истражувањето

Во процесот на наоѓање и читање на сите извори, дела и историски книги, со една и единствена цел да се дадат одговори на сите поставени прашања, беше потребно да се пристапи од различни гледишта за да се увиди соодветниот начин да бидат одговорени прашањата што ги поставува овој магистерски труд. Иако генерално идејата за самиот магистерски труд е општопозната, се појави и потреба да се влезе подлабоко за да се дадат детални одговори како келтското културно наследство влијаело и сè уште влијае врз територијата на Република Ирска. Од првичното читање се согледаа главните термини што ќе бидат објаснети во следното поглавје „Операционализација на клучните термини“ и кои послужија како основа врз која ќе се градат главните резултати и одговори.

Според општоприфатената дефиниција терминот културното наследство претставува наследството на физички артефакти и нематеријални атрибути на одредена група или општество што се наследени од минатите генерации, кои се одржуваат во сегашноста и кои опстојуваат за доброто на идните генерации. (Falser, 2015: 3). Преку оваа дефиниција може да се увиди дека авторот се обидува да прикаже како културното наследство се пренесува од минатото, низ сегашноста, и оди кон иднината. Како такво тоа влијае врз сите сегменти на општеството во кое е застапено.

Понатаму авторот објаснува дека културното наследство вклучува материјална култура (како што се зградите, спомениците, пејзажите, книгите, уметничките дела и артефактите), духовна култура (како што се фолклорот, обичаите, јазикот и знаењето), и природно наследство (вклучувајќи ја главно природата) (Falser, 2015: 3). Оваа поделба послужи понатаму при дефинирањето на главните поенти од темата на магистерскиот труд, давајќи соодветни

одговори на поставените прашања. На овој начин се допре до сржта на разбирањето на темата и осознавањето на клучните фактори што придонеле да се зачува келтското културно наследство и во модерна Ирска и во модерниот свет.

Во содржината на магистерскиот труд се претставени голем број можни одговори, анализирајќи ги музиката, уметноста, религијата, митологијата, јазикот и културата на Келтите и модерните Ирци и согледувајќи ги сличностите што во некој период од историјата се испреплетиле. Крајната цел на овој труд е да се согледа сличноста меѓу античките Келти и модерните Ирци, и истовремено да се увиди како културното наследство на Келтите опстојало во модерното време и како влијаело во изградувањето на едно модерно општество. Еден од главните фокуси на ова истражување е територијата на Ирска, со дополнителни примери од територијата на Велика Британија и САД, каде што најмногу се распространило келтското културно наследство. Но за да бидат успешно опфатени сите делови од временскиот и просторниот компас, конкретните поими и теории беа испитани сосем од античките времиња на Европа, па сè до модерното време на овој век.

Природата на овој труд е аналитчко-историска, што значи дека трудот ги претставува најмалите составни делови на оваа тема, согледувајќи ги митолошките, религиозните, уметничките и културолошките сегменти и елементи. Исто така ја претставува тематиката на Келтите и Ирците во модерна Европа и расчистува голем број недоумици и прашања.

# 3 Операционализација на клучните поими

Пред да се пристапи кон одговор на прашањето како Келтите и нивното културно наследство влијаеле врз развојот на Република Ирска како модерна европска држава, а воедно и пред да се претстават сите собрани информации добиени од истражувањето, потребно е да се објасни терминологијата, односно клучните термини и поими што се основа на овој труд, односно кои ќе послужат за одговор на клучните прашања. Тие претставуваат двигатели за да се одговорат горепоставените прашања, кои се од големо значење за природата на овој труд. Така, најважните термини што се директно разлеани низ оваа тема и кои најчесто беа сретнувани низ изворите се култура, културно наследство,

културологија, мултикултурализам, како и Келт, келтски, западна култура, митологија, религија, уметност, литература, архитектура, келтска преродба, музика, Европска унија, и многу други термини што ќе бидат од фундаментално значење за одговорот на прашањето: како Келтите и нивното културно наследство влијаат врз развојот на Република Ирска како модерна европска држава?

*Култура и етнички идентитет*

За почеток ја имаме културата како една целина што ќе биде носечки двигател низ целиот магистерски друг, за да ја долови важноста на Келтите. Според авторот Е.Б. Тајлор, културата претставува комплексност што вклучува знаење, верување, уметност, морали, закони, обичаи и некои други способности и навики што ги стекнува човекот како член на некое општество (Tylor, 1974: 1). Од ова може да се увиди дека културата е всушност историјата на една земја, историјата на нејзината нација, и историјата на нејзините етничките заедници и на нивниот начин на живот. Воедно историјата претставува и еден систем што сочинува една опширна мрежа на презентирање знаење, уметнички вредности и културно наследство. Културата сепак ги става во одредена рамка активностите во општеството и не ретко е поврзана со политиката. Ова најмногу ќе се увиди во делот што ќе објасни како келтските закони влегле во модерната политичка сфера и со што придонеле за да се зачуваат голем број норми и морални вредности од минатото.

Кога станува збор за етничкиот идентитет, авторот Драган Коковиќ дава соодветна дефиниција за тоа што претставува тој идентитет. Имено, според него, идентитетот е извор на искуствата што одреден поединец, група или народ ги доживува како свои. Во однос на етничкиот идентитет, најчесто се поставуваат прашањата: кој сум, каде сум, кому му припаѓам (Коковиќ, 2010, пар. 3). Од ова може да се заклучи дека сепак етничкиот идентитет претставува најголемото богатство на една култура и на еден народ, давајќи голема вредност која опстојува низ историјата.

*Културно наследство*

Културното наследство е израз на начините на живеење што се развиени од страна на заедницата и се пренесуваат од генерација на генерација,

вклучувајќи ги и обичаите, навиките, местата, предметите, уметничките изрази и оставените вредности. Културно наследство често се изразува или како нематеријално културно наследство или материјално, зависно од неговата природа (Culture in Development, 2015: пар. 1). Токму со тоа културно наследство Келтите ја оставиле својата трага, која е видлива и во модерна Ирска. Но како дел од човековата активност, културното наследство произведува допирливи претставувања на системот на вредности, верувања, традиции и начин на живот. Како суштински дел на културата како целина, културното наследство ги содржи овие видливи и опипливи траги од антиката, па сѐ до блиското минато (Culture in Development, 2015: пар. 1). На прашањето за блиското минато ќе му биде дадено посебен фокус во овој труд, каде што ќе се увиди реформираната Ирска со сите нејзини келтски „квалитети" и историски остатоци.

*Културологија*

Културологијата во овој контекст на трудот и неговата тема може да се дефинира како гранка на општествените науки. Културологијата се занимава со научно разбирање, опис, анализа и предвидување на културните активности и системи. Важно е да се споменат и социологијата, етнологијата и антропологијата (White, 1959: 33). Во тој контекст ќе бидат истражени и објаснети социолошките, етнолошките, лингвистичките и антрополошките области кај Келтите и нивното опстојување на територијата на Република Ирска. Сите овие вредности придонеле за создавање на чувството за келтски идентитет, а во исто време и да се пристапи кон зачувување на оваа заборавена култура.

*Мултикултурализам*

Во рамките на постоењето на културата, го имаме постоењето и на мултикултурализмот и интеркултурализмот. Мултикултурализмот претставува соживот на различни култури, како културата вклучува расна, верска или културна група и се манифестира со обичајни однесувања, културни претпоставки и вредности, начин на размислување и стил на комуникација (IFLA, 2015: пар. 1). Од ова може да се согледа дека мултикултурализмот се создава во мултиетничко, мултијазично или мултирасно општество. Токму

поради ова, ќе се разгледаат односите меѓу старите Келти, Ирци, Англичани, Викнзи, и како меѓусебно влегувале во конфликти, граделе историја, се труделе да се вклопат во соживот, да го заборават лошото минато и да се движат кон иднината.

*Келт, Келти, келтски*

Накратко, термините „Келт", „Келти" и „келтски" не биле користени во англискиот јазик во далечното минато. Тие првпат почнале да се употребуваат со изнаоѓањето на лингвистички доказ, кој ги поврзал домородните јазици на Ирска, Шкотска и Велс со јазикот на континенталните народи. Овие народи Јулие Цезар ги нарекол Келти (Knowth, 2015: пар. 3).

*Уметност*

Уметноста претставува разновиден спектар на човечки активности и резултати и производи од тие активности, кои често се добиени со креативни и технички вештини (Stecker, 1997, стр. 10). Следствено на ова, авторот објаснува дека самите тие активности што ја образуваат уметноста вклучуваат производство на уметнички дела, изучување на историјата на уметноста, и естетското распространување и значење на уметноста (стр. 10). Од сето ова можеме да заклучиме дека сепак уметноста се фокусира првенствено на претставување и изработување на визуелните уметности, каде што се создаваат слики или дела со посебно значење за одреден народ. Уметноста претставува едно големо богатство за секоја држава каде што на посебен начин се прикажува културата; истото тоа ќе се увиди за Келтите и за нивното културно наследство.

Концептот на културно наследство во модерна Европа, односно во модерна Република Ирска, претставува предизвик сам по себе, бидејќи има широк опсег, а е вметнат и во интелектуалната и социјално-општествената димензија на историјата, односно на историјата на Келтите и Ирците. Поради тоа, од голема важност е да се реши проблематиката на овој магистерски труд и да се покаже и да се прикаже темелно разбирање на поимот културно наследство и истовремено да се одговорат сите поставени прашања во однос на Келтите и нивниот оставен белег.

# II Историјата на Келтите и Ирска

## 1 Келтите низ историјата

Историските записи претставуваат начин за да се увиди како минатото се одвивало со сите промени предизвикани од различните општества, и како тие промени влијаеле врз тогашното време. За да се добијат одговори и за да се разјаснат овие фактори, потребно е да се искористат теоретски и фактографски податоци, кои ќе се стремат на најсоодветен начин да претстават јасна слика за тематиката што е фокус на овој магистерски труд.

Поради тоа, научната теорија всушност претставува многу повеќе од научниот факт, и како таква дава одредени информации за одредена тема. Теоријата постои за да објасни одредено прашање, а фактот претставува само општ дел од одредена информација или одредена проблематика. Пример за тоа е дека универзумот е барем 13 милијарди години стар, што претставува невообичаено интересен факт, но објаснува многу малку во споредба со теоријата Биг Бенг (Krogh, 2005: 6). Од тие причини мора да се има предвид дека теоријата дава факти што можат да се употребат како одговори на сите поставени прашања.

Келтите биле активен народ полн со креативност. Тие континуирано ги негувале своите традиции, вредности и наследства. Тоа е веќе историски факт. Во модерниот свет, тие наследства можат да се видат како составен дел од културата на Република Ирска. Според авторот Бери Канлиф, модерниот келтски идентитет е за првпат определен како таков на територијата на Западна Европа откако Едвард Луид ги идентификувал и ги именувал домородните староседелци од Атлантикот – Келти (Cunliffe, 1997: 276). На тој начин се појавува модернизацијата на келтското културно наследство, кое прераснува во составен дел на ирскиот народ. Денес можат да се видат голем број траги од таа богата култура, кои се во рамките на многу сфери од општествениот живот на модерната Република Ирска.

Низ сите периоди од развојот на келтската култура, уметноста, музиката и јазикот се трите големи промени чие влијание растело експоненцијално. Ова влијание во денешна Република Ирска навистина е суштинска нишка од модерната држава. Дури и Република Ирска може да се спореди со голем

географски и културен музеј на келтското културно наследство, кој директно и индиректно сè уште влијае врз многу инстанции на општествениот живот на двата острова.

Филип Бабкок Гов во *Третиот нов Вебстеров меѓународен речник* (*Webster's Third New International Dictionary)* ги дефинира и ги идентификува Келтите како членови на одредена поделена групација на раните индоевропски народи во железната доба и предроманската Европа, кои биле населени на Британските Острови и Шпанија, па сè до Мала Азаја (1993: 360). Самите докази за нивните географски распространувања даваат дополнителни информации за тоа кои навистина биле Келтите и што е најважно за нив. Токму од тоа нивно географско проширување можат да се увидат и да се воочат голем број докази за нивното постоење и нивната важност низ историјата.

Со доаѓањето на Римската Империја и нејзиниот подем, се проширило и се продлабочило чувството на келтска припадност и етничка идентификација. Имено, тогаш келтските народи биле идентификувани како Британи, Гали, Бои, Галтјани, или Келтиберинци, а исто така и како луѓе со потекло од народ што имал првично знаење на келтските јазици и модерен велшки, шкотски, ирски и бретонски (1993: 360). Од ова може да се увиди дека Келтите почнале директно и индиректно да влијаат врз териториите каде што биле населени. Таков бил случајот и со Ирска.

Кога станува збор за Британските Острови, веднаш се наметнува сликата дека Келтите се едни од првите народи за чиј јазик постои големо знаење и многубројни докази. Во минатото било претпоставувано дека доаѓањето на Келтите во Британија се совпаднало со појавувањето на бронзата на самиот остров. Но употребата на бронзата најверојатно претходела на доаѓањето на Келтите (Baugh, 2003: 45). На овој начин Келтите полека, но сигурно почнале да се распространуваат низ територијата на Британските Острови.

Но што се знае за почетоците на Ирска? Дали воопшто таму имало друго население? Има голем број докази дека дури и самите Келти не се првите жители во Ирска и Британија. Кога Келтите се населувале на островите, се судриле со староседелци што веќе биле вдомени на тие простори (Squire, 1909: 3). И токму од тие староседелци Келтите добиле некои од нивните највпечатливи карактеристики.

Кои биле тие староседелци? Што знаеме за нив и за нивното постоење и значење на овие острови? Од големиот број откритија и докази било утврдено дека тие староседелци биле историски народ со уникатни физички карактеристики: краток раст, темна кожа, висок череп и прилично слаби според нивната физичка конструкција, припаѓајќи на многу низок степен на цивилизираност и интелектуалност (Squire, 1909: 3). Потеклото на овој староседелски народ е непознат. Но важно е да се спомене дека неговото постоење во голема мера влијаело врз ариевско-келтските обичаи и митологии. Но на крајот, тешко би било да се каже и да се утврди каде и како овие два вида народи се сретнале и се споиле во едно (Squire, 1909: 3). Откако го направиле тоа, откако се споиле и откако настанала симбиоза на двете култури, тогаш келтската култура почнала да се воспоставува. Доказите покажуваат дека Келтите биле со сосема поинаква градба од овие староседелци. Поради нивната различност, интелект и физичка сила, тие предоминирале на териториите на Британија и Ирска, воспоставувајќи го своето келтско општество и започнувајќи ја својата келтска култура.

## 1.1 Почетоци

Сè до пред 1700-тите години, терминот „келтски" не бил употребуван во англискиот јазик. Како термин бил официјално класифициран со пронаоѓањето на сите лингвистички докази што укажале дека има поврзаност меѓу домородните јазици на Ирска, Шкотска и Велс со јазикот на континенталните народи. Овие народи Јулие Цезар ги нарекол Келти (Knowth, 2014: пар. 3). На тој начин и во тој период, овие народи (Келтите) ја започнале својата миграција што била еден од главните настани за да се населат ни Британските Острови и Ирска. Терминот „келтски" алудира на семејство на јазици, а истовремено значи „од Келтите" или „во стилот на Келтите" што овозможува терминот да има свое посебно и подлабоко значење (Kruta, 2005: 95). Ова длабоко значење терминот го добил со опсегот што го поседувал. Ова дополнително ја покажува распространетоста и богатата култура на Келтите како народ.

Од друга страна, на територијата на Ирска имало длабоко верување дека келтската ДНК била континуирано застапена кај ирскиот народ. Одреден број антрополошко-археолошки докази покажале дека многу култури се сметале за

келтски според својата природа, и ова нивно сознание се базирало врз нивниот уникатен начин на изработка на артефакти, кои биле едноставно познати како келтски. (Kruta, 2005: 96-102). Со сите овие докази се согледува сознанието како Келтите полека, но сигурно почнале да влегуваат во светот на уметноста и културата.

Но самиот термин „келтски" не бил единствено употребуван и анализиран во минатите времиња. Имено, неговата широка употреба во однос на Ирска е всушност термин вкоренет главно во 19 век, во периодот и движењето познато како „келтска ренесанса". Ова книжевно и културно движење било обид ирските писатели и фолклористи да воспостават чувство на идентитет за ирскиот народ во времето кога политички и социјално земјата била во длабока депресија (Knowth, 2014: 3). Самата ревитализација на келтскиот идентитет во Ирска придонел да се создаде посебно чувство на припадност и да се поттурне каква и да било симбиоза меѓу старите Келти и новите Ирци.

Во тој период постоеле валидни општествени причини за да се воспостави чувство за националност и легитимитет на Ирска, и токму поради тоа се појавило движењето на келтската ренесанса. Имено, доказите покажуваат дека присилниот Парламентарен сојуз[3] на Ирска и Велика Британија во 1800 година претставувал економски и политички неуспех. Гладот од 1840 година си го направил своето, а ирските природни земјишта и предели биле опустошени. Бројот на населението драматично се намалил како резултат на голем број смртни случаи предизвикани од глад, болести и емиграција. Гладот оставил длабоки психолошки лузни врз ирскиот народ (Knowth, 2014: пар. 3). Сите овие појави почнале да ги поставуваат темелите на келтското културно наследство и неговото оживување и зацврстување во Ирска. На тој начин Ирците почнале да чувствуваат припадност на територијата на која живееле, и историјата што во голема мера припаѓала на нивниот остров.

---

[3]Актите на Парламентарниот сојуз од 1800-тите години (некогаш познати и само како Актот на сојузот од 1801 година) помогнале за обединување на Кралството на Велика Британија и Кралството Ирска на 1 јануари 1801 година, за да создадат Обединето Кралство на Велика Британија и Ирска Двата акта, иако изменети оттогаш, сè уште остануваат во сила во Обединетото Кралство, но биле отфрлени на територијата на Република Ирска (Office of the Attorney General, 1983: пар. 15).

## 1.2 Созревање

Распространувањето на келтската култура претставувало едно од најкарактеристичните моменти во човековата историја. Имајќи предвид дека Келтите биле народ склон кон војни, постојат голем број примери каде што исто така преферирале хармонија и единство. Имено, многу често историјата ни укажува дека и покрај тоа што никогаш немало целосно отсуство на варварство и ирационално однесување во човештвото, постоеле и многу општества, култури и нации што биле верно посветени на хармонично и морално однесување и живот (Muller, 2003: 236). Келтите биле мешан народ што сакал да војува, но во исто време сакал и да живее во хармонија и мир. Римскиот историчар Страбо за Келтите има кажано дека „*сета таа келтска раса е склона кон војна; тие се воени лудаци*" (Harpur, 2007: 7-8). Двојноста на нивната природа ги направила Келтите да бидат едни од најуникатните народи од минатото. Тие биле најмногу познати по нивната храброст и борбени вештини, а во исто време и раскошните веселби и умешноста во раскажување приказни (Harpur, 2007: 7-8). Токму со таа нивна двојност можеле да се заштитуваат себеси, а воедно и да ја зачувуваат културата што постојано ја граделе.

Во својата книга *Воини – Целата вистина, тактики и триумфи во историјата на најголемите воини* (*Warriors – All the Truth, Tactics, and Triumphs of History's Greatest Fighters)* авторот Џејмс Харпур објаснува дека во текот на првиот милениум пред Христа, Келтите почнале да се иселуваат од својот првичен дом во Централна Европа. Прво ја населиле Франција, а потоа Северна Италија, Шпанија, Балканскиот Полуостров, Британија и Ирска (Harpur, 2007: 7). Со ова нивно населување Келтите почнале да го воспоставуваат своето влијание врз новите земји, а најмногу во Ирска. Нивната континуирана миграција е една од најинтересните миграции во текот на човековата историја.

Постојат голем број факти што алудираат на тоа дека Келтите и Римјаните биле големи непријатели. Римските легии во неколку наврати ги собориле Келтите низ голем број територии во Европа, додека, пак, во Ирска, која никогаш не била освоена од Римјаните, успеале да опстојат мали келтски кралства сè до средниот век (Harpur, 2007: 8). Ирска секогаш била посебна географска локација за Келтите и нивните аспирации. Самиот остров имал големо значење, како поради местоположбата, така и поради недостапноста на

пределите што им помогнале да опстојат низ многу години. Како што тие ја заштитувале природата на Ирска, така Ирска ги заштитувала и нив.

Келтското војување претежно вклучувало неразрешени локални непријателства и кражби на добиток. Нормално, покрај ова, Келтите се вклучувале и во битки од големи размери. Го нападнале Рим во околу 390 година пред нашата ера, и грчкиот град Делфи во 279 година пред нашата ера (Harpur, 2007: 7-8). Келтите имале голем број тактики со кои ги освојувале народите и извојувале победа во речиси сите битки. Тие тактики им помогнале да извојуваат голем број победи. Тие ги плашеле своите непријатели пред почетокот на секоја битка со силни вресоци, удирање на нивните оружја врз штитовите, и свирење на огромни труби за кои се претпоставува дека испуштале страшен звук (Harpur, 2007: 7-8). Ова покажува дека Келтите знаеле како да ги намамат своите непријатели, а со тоа и да доминираат врз каква и да било напаст.

Еден од најинтересните примери за обид на напад врз Келтите бил од страна на Рим и Јулие Цезар. Во летото 55 г. пред нашата ера, Јулие Цезар, кој само што ја освоил Галија, тргнал со цел да изврши инвазија врз Англија. Сè уште, до ден-денес, не е позната целта на неговата желба да освои толку голема територија. Многу е неверојатно дека Цезар размислувал и планирал да го освои целиот остров, но постои голема веројатност дека неговата единствена главна цел била да ги обесхрабри Келтите од Британија и Ирска да појдат напомош кон Келтите во Галија – што пак би значело голем пораз на римската војска (Collingwood, 1937: 34). Иако постоеле голем број обиди да се урне келтското општество во Ирска, Келтите како народ покажале голема тврдокорност и посветеност на својот живот и опстанок.

Нормално, таа природа склона кон војна не им одела секогаш во прилог на Келтите. Кај нив се појавил период на пресврт што влијаел негативно врз нивните општества. Во одреден период од нивната културна експанзија, поради големите воени конфликти во кои влегувале, Келтите станале одметници и почнале да градат засолништа и прибежишта во длабочините на шумите (Harpur, 2007: 7-8). Шумите за нив биле свети места, и претставувале совршено соодветна локација за повторно да почнат со градење на своето општество и култура. Следствено на ова, Келтите биле уникатен народ во нивниот однос со природата и шумите. Ги обожавале дрвјата и немале никаков страв од шумите

(Day, 2012: 56). Напротив, ги гледале како дел од нив, дел од натприродното и духовното.

Келтите биле шумски жители кога првпат дошле во Европа, околу 2000 години пред германските освојувачи. Имале знаење за сите шумски суштества и цврсто верувале во фактот дека не постои никаква опасност и страв во природата, освен ако не е предизвикана од самиот човек (Day, 2012: 56). Од друга страна, покрај нивната природа да бидат љубители на војни, Келтите покажувале и скриен афинитет на смиреност и почит кон природната хармонија. Ова верување придонело Келтите да бидат претставени како народ што длабоко верувал во единството на човештвото со природата – онаму од каде што секој доаѓа до онаму каде што секој заминува.

Нивното созревање на територијата на Ирска продолжило да се шири во сферата на келтското општествено уредување. Нивното општествено уредување по природа било рурално и племенско. Не постоеле градови и поголеми организациски единици. Територијалната единица била прилично мала, а била управувана од крал, кој зависно од својата надмоќ, можел да има превласт и над кралевите на соседните племиња. Подоцна оваа групација на племиња довела до формирање на највисока власт, а тоа е крал на провинција (Arnold, 1977: 15). Со сите овие политички поместувања, Келтите продолжиле да се развиваат како народ и како општество.

## 1.3 Опстојување низ историјата

Овој дел од магистерскиот труд појаснува како Келтите и нивното културно наследство опстојале низ сеќавањата, и како тоа културно наследство било зачувано низ времето и годините. Покрај големиот број докази за нивното историско опстојување, Келтите го воспоставиле и своето значење во историјата на човештвото. Поради тоа, со сето она што го претставувале и со сето она што го придонеле, тие дале придонес кон историјата, а за возврат добиле гарантирано место во сеќавањето на годините (Rachels, 2007: 154). Вредностите на Келтите им помогнале да остварат достигнувања што се видливи и денес на територијата на Република Ирска. Покрај тоа што по природа Келтите верувале во моралните вредности и важноста на војната, сепак верувале и во моралните

вредности и важноста на нивната духовност, која била тесно поврзана со моќта и значењето на природата и единството на сите нешта создадени на Земјата.

Нападите од страна на Римската Империја биле едни од најсериозните напади што ги доживеале Келтите. Дополнително, постојат и други голем број востанија и битки што останале запаметени низ времето и во сеќавањата на историјата. Едно од најдраматичните и најважните востанија на Келтите што ја покажува нивната вистинска природа се случило во 61 година од нашата ера под водство на Боадицеа[4]. Се верува дека околу 70.000 Римјани и романизирани Британци биле масакрирани во текот на востанието што било дигнато за да се протераат Римјаните од територијата на Ирска (Baugh, 2003: 46). Иако станува збор за една од најкрвавите битки, сепак им помогнала на Келтите да го осигурат својот опстанок низ времето и да покажат дека биле дел од едно милитантско етнолингвистичко племе.

Од друга страна, покрај големата инклинација на Келтите кон воени конфликти, постојат голем број докази за нивниот интелект, миројубивост и добрина. Непознат мудрец од Рим што живеел 50 години по Христа запишал дека келтската раса била поумна од сите нејзините соседи, односно од сите народи што некогаш живееле (Arnold, 2014: 21). Покрај мистицизмот и војувањето, Келтите биле препознатливи по уште една карактеристика – а тоа било знаењето и нивната интелигенција. Ова сведоштво укажува на фактот дека Келтите иако познати по своето варварство, сепак поседувале големо знаење и посветеност кон духовните нешта, кои пак им помогнале да се развијат како племенска групација (Arnold, 2014: 21). Келтското духовно наследство бил темелот врз кој тие започнале да ја градат својата култура. А преку својата култура почнале да се развиваат како народ и општество.

Опстојувањето на Келтите низ времето и низ сеќавањата не се должи само на материјалните докази што ги оставиле зад себе, туку се должи и на преданијата и сеќавањата што се споделувале од генерација на генерација. На тој начин тие успеале до ден-денес да бидат идентификувани со одредени карактеристики и дела, кои се својствени само за нивната етнолингвистичка група келтски народи.

---

[4] Boudicca или Boadicea (различни форми зависно од областа) била вдовица на еден од главните келтски шефови.

# 2 Европскиот континент и Ирска

Европскиот континент – како регион, чува многу тајни, премногу одговори и премногу вистини. Темелите на опстојување на европскиот континент датира од антиката. А антиката како период дава интересни податоци за перцепцијата врз Европа како континент. Од записите на грчката митологија може да се прочита и приказната за Европа. Европа била претставена како девојка, која додека се забавувала со своите придружнички покрај некоја река, Зевс, кој се претворил во голем бик, ја киднапирал (Bock, 2002: ix). На тој начин се создава сликата за европскиот континент. Европа не е само запишана во историјата низ овие митолошки приказни, туку е запишана и запамтена како соѕвездие.

Оставајќи ја настрана митолошката интерпретација, одиме кон научните географски факти што покажуваат дека Европа се граничи со Атлантикот, Азија и Африка, каде што нејзината историја и географија се нераздвојно испреплетени, а нејзиното минато е во рамките на важноста на сето човештво (Bock, 2002: vii). На овој начин Европа претставува една од најважните географски одредници и региони во светот, дефинирајќи се себеси како лулка на науката и литературата.

Европа е вториот најмал континент на светот, но со мошне разновидна клима и релјеф (Макаровски, 2004: 306). Оваа разновидност на климата и релјефот овозможила многу голем број народи да се приспособат кон различни територијални пространства, алудирајќи на различноста на континентот и богатите безбројни култури. Континентот го задржал името што бил даден од старите Грци, додека, пак, корените од богатото наследство можат да се трасираат дури во предисторијата. Европската иднина континуирано се гради (Bock, 2002: vii) и на тој начин претставува област која секогаш изнаоѓа нови докази за историјата и племињата кои првично биле населени на таа територија, вклучувајќи ги и Келтите.

А тоа е и мотото на Европската унија – „обединети во различноста". Се чини дека по големите војни, Европа најмногу верува во обединетоста на народите и постоењето хармонично граѓанство преку меѓусебна егзистенција. Имено, граѓанството како такво е на повеќе начини различно и

меѓудимензионално. Може да претставува одреден идентитет; збир на права, привилегии и задачи; уникатен политички статус; однос меѓу поединци и нивните држави; голем збир на практики што можат да ги обединат или да ги разделат членовите на политичката заедница; како и идеал на политичка едукација (Friedman, 2005: 3). Граѓанството во Европа (*како во минатите времиња така и во модерните години*) е важна карактеристика на демократски односи и владеење.

Уште еднаш, Европа како континент сè уште се гради. Ова е предизвик сам по себе за зачувување на минатото, бидејќи за Европа, минатото е од голема важност. (Bock, 2002: vii). Иако постоеле голем број превирања и тешки години, создавањето нови сојузи е секојдневна појава, дури и во модерното време, меѓу државите со слична (*па и различна*) култура. Ова се должи на голем број богати културни темели, кои со своето постоење, покрај тоа што создале многу поделби и различности, на крајот обединиле многу народи и региони, и придонеле за развивање на демократските вредности.

Во рамките на Европа се наоѓа модерна Република Ирска – која ќе биде главен фокус на овој магистерски труд, и како таа била и сè уште е под влијание на келтското културно наследство. Според Филип Гов и неговата дефиниција во *Третиот нов Вебстеров меѓународен речник* (*Webster's Third New International Dictionary),* терминот „Ирска“ се однесува на: *„островот Ирска, или нешто што припаѓа или доаѓа од островот Ирска; или нешто што припаѓа или доаѓа од Република Ирска; или она што е во рамките со Република Ирска“* (Gove, 1993: 1193). Оваа дефиниција укажува на сето она што може да се карактеризира како ирско, или има своја ирска заднина.

За почеток е добро да се претстави која е навистина Ирска и што претставува таа. Ирска е помалиот и најзападниот од двата главни острови на Британските Острови. Самиот остров не е богат или моќен, но некогаш бил дом на една од најнапредните цивилизации низ целиот западен свет (Celtic Ireland, 2015: пар. 4). Тоа неминовно е келтската цивилизација, која со својата богата култура придонела за цутење на Ирска. Убавината и културното богатство на островот биле скриени поради повремените воени дејства низ вековите против надворешни доминација и внатрешни судири. Граѓаните на Ерин[5] се населиле

---

[5]Или Смарагден остров, како што популарно се нарекува Ирска (Celtic Ireland, 2015: пар. 4)

низ целиот свет и нивните песни и приказни за татковината опстојуваат насекаде (Celtic Ireland, 2015: пар. 4). Идејата за татковина за Келтите претставувала важен фактор што им дал место каде што можат да припаѓаат, односно место што можеле да го наречат свое; свој дом – во овој случај Република Ирска.

Ирска нема само едно име; Ирска има повеќе имиња што посебно ја карактеризираат на многу начини. Тоа се: Островот на шумите, Земјата на крајот на светот, Благородна Ирска, Еир (Eire), Ерин, Инисовиот пад, Островот на зелените магли, Шкотија, Хибернија, Ирландија, Ериу, Огигија, и нормално, Ирска (Celtic Ireland, 2015: пар. 5). Речиси секое од нив дава некое значење со зелената боја. Тоа е поради природните предели што се протегаат низ територијата на Ирска. Ова алудира и на фактот дека за Келтите, природата и нејзиното зеленило претставувале свети инстанции во нивното живеење. Од доаѓањето на Келтите, па до 18 век претставува период каде што Келтите и Ирска ја имаат една од најинтересните примери на меѓусебна зависност.

## 2.1 Европска Ирска од 18 до 20 век

Во 1779 година започнало едно од најважните реформски движења во Ирска. Реформаторите барале поголема автономија од Британија, бидејќи ирските елити како такви се чувствувале како млади соработници во рамките на Британската Империја, а нормално сакале повеќе (Noble, 2002: 645). Окупацијата од страна на Англија била пречекана со многу негодување. Ирска сакала да си ги врати своите келтски корени, и токму поради тоа почнала да презема драстични чекори. Ирските протестантски земјопоседници биле загрозени од таквиот вид решенија и го искажале своето негодување не само во текот на парламентарните дебати туку и со отворен воен бунт (Noble, 2002: 645). Почнале голем број конфликти, кои за жал резултирале со многу жртви. Овие конфликти на ист начин влијаеле и врз самите размислувања на народот што биле причина да се создаде потребата да се припаѓа некаде и да се воскресне келтското значење за Ирска.

По големите отпори и големиот број конфликти, во 1782 година на Ирска ѝ била дадена поголема автономија – но се појавил друг „проблем" што растел се повеќе и повеќе, а тоа била католичката популација. Целиот остров бил под

британска колонија многу векови. Самото тоа придонело да се обедини со Обединетото Кралство во 1801 година. Се создала и потреба од независност во текот на 19 век, најмногу по тешките економски состојби и гладот од 1840-тите години, кои предизвикале до масивно иселување (Rubenstein, 2008: 208). Ова иселување го оставил островот во голема депресија, која влијаела врз оние што останале таму.

За жал, еден од најозлогласените катастрофални појави низ целиот свет (*во тој период*) се случил на територијата на Ирска. Меѓу 1844 и 1851 година, 1 милион Ирци биле изгладнети до смрт како резултат на пламеницата што ги зафатила растенијата. Оваа појава создала поголема невработеност, а со тоа и голема сиромаштија што била најголемата причина за масовно иселување од територијата на Ирска (Noble, 2002: 733). Големото иселување и големиот процент на смртност едноставно не придонеле за позитивен пресврт. Ова можело да се согледа како излез од ситуацијата. Во 1914 година речиси половина од сите Ирци живееле надвор од Европа (Noble, 2002: 820).

Времето минувало, а Ирска сè повеќе се покажувала како постојан социоекономски проблем. Политичката свест на Ирците го достигнала врвот во овие години. И најпосле, по сите други проблеми, се појавил и религиозниот проблем меѓу протестантите и католиците (Noble, 2002: 827). Католиците од Ирска и протестантите од Северна Ирска опстојувале со своите различности токму како еден народ, сплотен и споен. Но токму религијата што некогаш во минатото била спас за Ирска, во 19 и 20 век претставувала тешкотија за опстанок на самите Ирци. Еден од најважните моменти по ова била поделбата на Ирска и создавањето посебен Алстер или Северна Ирска, од оние земји што имале протестантско мнозинство. Северна Ирска останала под британското раководство, додека пак нова и независна Република Ирска била основана во 1922 година со мнозинство католици низ целиот остров (Noble, 2002: 899). Католиците го сочинувале мнозинството во Ирска. Целосната независност на Ирска била постигната во 1937 година, додека пак Република Ирска била создадена во 1949 година (Rubenstein, 2008: 208).

Европа како целина тогаш влегувала во ерата на обединетоста и ерата на Европската унија. Одреден период членките на Европската унија континуирано се бореле да создадат наднационален ентитет и идентитет. Во тој период во Европа се појавиле други локални, верски, етнички и племенски сили што

чекореле во спротивна насока и често произведувале насилни конфликти (Noble, 2002: 1031). А сепак, секогаш се труделе да ја претставаат идејата за обединетост како единствен спас за сите народи од европскиот континент. Но тоа не било примерот и со Ирска. Католиците од Северна Ирска биле тешки жртви на дискриминаторските практики, како што биле недостапност на подобро платени работни места и подобри училишта. Во 1968 година католиците започнале протести поради овие дискриминаторски практики. Од таа година, повеќе од 3000 протестанти и католици биле убиени во Северна Искра, кои биле вклучени во ваквиот вид демонстрации и протести (Rubenstein, 2008: 208). Но ова не било карактеристично само за 20 век. Постоеле голем број примери каде што ова било карактеристично и за периоди од минатото. Таквите примери ќе бидат објаснети подолу, каде што ќе се увиди губењето на келтскиот идентитет и насилното наметнување на англискиот национализам. Дополнително на ова, со почетокот на 1969 година, Британците морале да употребат воено засилување во Северна Ирска за одржување на редот и мирот. Ова воено засилување било поради континуираните закани од ирските католици што сакале да му стават крај на британското владеење и обединување со Република Ирска. Резултатот на сето тоа било конфликт меѓу протестантите и католиците, кој траел три децении, за на крајот да произведе група решенија дури во 21 век (Noble, 2002: 1031).

Од друга страна, се појавила важноста на Европската унија, која како водечка заедница почнала да се шири низ Европа. Шесте членки на Европската заедница за јаглен и челик во 1958 година ја создале Европска економска заедница со многу поголеми и поамбициозни цели и задачи. Целите вклучувале развој на заедничката земјоделска политика, договор за заедничка надворешна тарифа за сите стоки што доаѓаат во Заедницата, како и развој на единствен пазар, во кој ќе имало слободно движење на луѓе, стоки, пари и услуги. Поради сето ова, членство во заедницата во 1973 година се проширило со пристапувањето на Велика Британија, Данска и Ирска (McCormick, 2005: 53). Ова групно пристапување донекаде дало чувство на единство. Тогаш за првпат Република Ирска и Обединетото Кралство почнуваат првични дијалози за соработка, пријателство и разбирање, кои се стремеле да им донесат благосостојба на сите инволвирани граѓани. Под покровителство на Европската

унија почнало да се создава чувство на мир и стабилност, без разлика на сите несогласувања и недоразбирања што постоеле дотогаш.

## 2.2 Период на политички тензии и созревање

Политичката мисла често се базира врз емпириски темели – односно сето она што секое општество може да го направи. Но првичната природа на политичката мисла не е емпириска, туку етичка. Политичката мисла не постои за тоа како луѓето живеат меѓу себе, но постои за да објасни како треба луѓето да живеат еден со друг (Ebenstein, 2002: xi). Од ова може да се заклучи дека моралот игра голема улога бидејќи тој бил првична движечка сила за да се создаде некое единство преку Европската унија, меѓу Република Ирска и Обединетото Кралство. Но наместо тоа, само се појавиле уште поголеми тензии што резултирале со конфликти. За жал, етичката природа на политичката мисла била ставена во втор план.

Зголемувањето на тензиите биле уште повеќе предизвикани од католиците во Северна Ирска и Република Ирска, кои се приклучиле кон Ирската републиканска армија (ИРА), која пак според својата организација претставувала милитантна групација посветена на постигнување на ирското национално единство. Ова значело дека насилството како опција не било исклучено. Слично на тоа, во истиот период како одговор на ИРА се создале Одбранбените сили од Алстер (ОСА) (Rubenstein, 2008: 208). Постоеле голем број вооружени конфронтации, и нормално имало голем број и на жртви. Се чинело дека ни Европската унија со своите утописки идеали не можела да помогне.

Иако поголемиот дел од католиците и протестантите во Северна Ирска се стремеле кон соживот, екстремистичките групации се стремеле за нарушување на тој секојдневен живот или каков и да било обид за хармонична коегзистенција (Rubenstein, 2008: 209). Сепак, бил направен првиот чекор за да се достигне некој вид договор што би бил темел на мирот. Во 1999 година бил постигнат првиот мировен договор што алудирал на тоа да има поделба на власта. Британската влада неколкупати го суспендирала тој договор поради прекршување на некои делови од одредбите (Rubenstein, 2008: 209). Иако

постоеле овие прекршувања, сепак ситуацијата во однос на тензијата се подобрувала со секоја одмината година.

Конфликтите биле резултат на непромислени и брзи одлуки донесени од националистички поединци што биле на власт. Според Род Хаг и Мартин Хароп во нивната книга *Компаративна власт и политика – Вовед* (*Comparative Government and Politics – An Introduction*), постојат мали групации што можат да донесуваат одлуки без да размислат за она што може да го предизвикаат, без разлика дали е позитивно или негативно (Hague, 2007: 4). Токму ова го отсликува и конфликтот во Ирска, каде што се чинело дека е време да биде донесена каква и да било мировна одлука, без да се земат предвид резултатите што би биле достигнати или исходите. Многу често се вели дека нацијата се залага за создавање на национална држава. Всушност, врвот на една држава се стреми кон заживување на националнтаа свест (*како типична свест на колективниот идентитет на една модерна држава*), кон гаранција за прифаќање и легитимност на политичкиот систем. Идеолошкиот идентитет и политичка форма се во тесна врска (Вајденфелд, 2009: 143). Погрешно е кога тој идеолошки идентитет ќе прерасне во потреба за тврдокорен национализам што ќе заземе некоја политичка форма што би се граничела со несоодветни исходи.

## 2.3 Демократска Република Ирска

Како дел од Европа, Ирска претставува важна геостратегиска држава што има богата култура историја. Дел од таа богата историја е постоењето на келтскиот народ, кој ќе биде детално анализиран подолу во глава 4. Република Ирска има површина од 70.280 км$^2$, а нејзиното државно уредување е парламентарна република. (Макаровски, 2004: 310) Како што веќе споменавме, својата независност ја стекна во 1937 година од Велика Британија, по што почна да функционира како слободна демократија, зачувувајќи го својот идентитет и култура, кои ги црпи првично од своето минато – од постоењето на Келтите и келтската култура. (Rubenstein, 2008: 208).

Еволуцијата на правниот систем во Република Ирска нуди интересен пример на пресврти во текот на времето и вековите. Некои видови ирски закони можат да се трасираат уште во 7 век, кога Ирска како држава била поделена на одделни царства и феудални области, а самите закони и нивната примена биле

контролирани само од мала група образовани луѓе (Lawson, 2003: 439). Дел од овие закони дошле од Келтите, а дел од христијанството што се појавило во Ирска околу 5 век од нашата ера. По 1800 година, освојувањето на Ирска од страна на Англичаните довело појавата на англиско-ирско обичајно право[6], кое продолжило да биде апликабилно и по независноста од 1922 година (Lawson, 2003: 439). Нејзиното оформување како демократска држава бил бавен процес што со себе довел многу промени во законодавството на Република Ирска. Одлуката на Судот за правда од 1924 година се однесувала на тоа дека новоослободената Република Ирска ги имала приспособено своите закони (Lawson, 2003: 439) и како темел на своето законодавство го имала искористено англискиот закон. Од 1973 година, судиите биле под влијание на правото на Европската заедница, но ирските судови продолжиле да следат одредени преседани за да се создаде одреден степен на континуитет пред целосен пристап кон правото на ЕУ (Lawson, 2003: 439). Со ова почнало да се воспоставува врската меѓу Република Ирска и Европската унија. Како членка на Европската унија, Ирска била свесна за сите промени и приспособувања што морала да ги направи, но не отстапувала од својот идентитет. Поради тоа следувале дополнителни измени на ирскиот Устав, кој го направиле тој модел поуникатен за самата држава (Lawson, 2003: 440).

Имено, ирскиот Устав бил изменет за да се дозволи членство во Европската задница и Европската унија[7] и да се зачува келтско-ирскиот идентитет. Ирските судови ја воспоставиле моќта да ги „заобиколат" националните закони што се судираат со Уставот, но не се знае дали тоа се однесува и на правото на Заедницата[8]. Сепак, Уставот укажува дека ништо во самиот Устав не може да го наруши правото на Заедницата[9] потенцирајќи дека

[6]Системот на обичајно право преовладува во Англија, САД и други земји колонизирани од Англија. Обичајното право се разликува од системот на граѓанското право, кој доминира во Европа и во областите колонизирани од Франција и Шпанија. Системот на обичајното право се користи и во Канада, освен во провинцијата Квебек, каде што системот на француски граѓанското право преовладува. Англо-американското обичајно право влече свои корени во средновековието каде што преовладувала идејата дека законот се залага за секојдневните обичаи и живот на луѓето. Меѓутоа, обичајното право има еволуирано главно од три англиски кралски судови во дванаесеттиот и тринаесеттиот век: Судот на касата, Судот на Кралот, и Судот на заедничките правни основи. Обичајното право ги базира своите одлуки врз судските изјави, отколку на законодавните акти (Farlex Free Dictionary, 2015).

[7] (член 29 (4) од Уставот)

[8] (Член 21 (4.2) од Уставот)

[9] (член 29 (4.10) од Уставот)

единствено непобедливо право е правото на национална идентификација и зачувување на културата (Foster, 2006: 166).

Оттука доаѓа идејата за келтското културно наследство; оттука доаѓа потребата да се зачува и да се заштити минатото и оттука доаѓа сето она што Ирска го направила за да го зачува она што го имала – а тоа во најголем размер потекнувало од Келтите. Токму поради тоа сознание се создава и една врска меѓу Келтите и Ирците, на етничка идентификација и припадност што покажува нераскинливи размери.

# III Анализа на корпусот

## 1 Келтско културно наследство во Ирска

Постојат голем број спротивставени мислења во однос на тоа што значи културата во секое општество. Во поновото минато луѓето во индустриските земји почнале да го фаворизираат индивидуализмот, а со тоа почнале да размислуваат и во насока дека културата е нешто што не е воопшто потребно. Оделе дотаму што потенцирале дека културата ја одзема слободата кај луѓето. (Nanda, 2004: 71). Токму напротив, културата дава дополнителна слобода и смисла на припадност на одредена културолошко-општествена група. Покрај ова, неминовно е да се спомене дека сепак културата е онаа што го прави секое општество. Низ овој магистерски труд уште повеќе ќе се увиди како културата била важна за Келтите и како таа придонесла келтското културно наследство да се пренесе во модерна Ирска.

Покрај сето тоа и сите поделености за значењето и важноста на културата, во 1873 година сер Едвард Бурнет Тејлор, кој е познат како татко на антропологијата, го претставил концептот на култура како дефинирање на разликите меѓу општествата низ целиот свет. Тој ја дефинирал културата како „*комплексен збир што ги опфаќа знаењето, верувањето, уметноста, законот, моралите, обичаите и други преземени способности и научено од секој припадник на самото општество.*" (Nanda, 2004: 72). Културата е дел од знаењето и интелектот на народот, вербата во натприродното, комплексноста на уметноста, законите на едно општество, моралните вредности, обичаите, и сето она што претставува карактеристика за едно уникатно општество што зад себе остава културно наследство.

Фокусот тука ќе биде ставен на келтското културно наследство и неговото влијание врз развојот на Република Ирска како модерна европска држава, односно како уметноста, архитектурата, религијата, митологијата, музиката и јазикот влијаеле врз Ирска и нејзината територија.

Несомнен е фактот дека Келтите како етнолингвистичка група претставувале голема историска сила што зад себе оставила богатство, кое е видливо и денес на територијата на Ирска и во делови од Европа. Од голема важност е да се спомене повторно дека термините „Келт" и „келтски" се

познати во модерното време, и како такви имаат земено свој замав во оформувањето на ирската современа држава. Голем број луѓе претпоставуваат дека тие се всушност само етнички термини што опишуваат луѓе поврзани преку крв и култура (Monaghan, 2004: iv). Но подолу ќе биде увидено дека тие термини имаат поголемо и подлабоко значење. Тие термини всушност претставуваат големи движечки сили за опстанокот на една етнолингвистичка група каква што биле Келтите.

Во многу филмски адаптации[10] Келтите биле претставувани како уникатни луѓе со свои посебни физички карактеристики. Ова ги одделувало од сите други. Но најмногу од сè, постојат докази што покажуваат дека Келтите биле луѓе со убава кожа, црвенокоси и со многу пеги на лицето (Monaghan, 2004: iv). Може да се увиди дека голем дел од Ирците ги имаат овие физички карактеристики. Друга препознатлива карактеристика на ирските народи е нивното верување во надреалното и мистичното. Дури се оди дотаму да се претпостави дека тие природно имаат вродена мистика во својата ДНК, што ги прави уште попривлечни како народ и како етнолингвистичко племе (Monaghan, 2004: iv).

Добро е да се потенцира фактот дека некои антички народи не се нарекувале самите себе „Келти“. Впрочем, тие антички народи имале посебни имиња, како Белги, Канти, Ицини, Бриганти, Воконси, Арвени, итн. (Monaghan, 2004: iv). Самиот термин „Келти“ дошол многу подоцна, дури во 1707 година. Не постои некој официјален запис за постоењето и ширењето на Келтите. Сите информации се земени од секундарни извори што служат како некој вид официјален факт. Келтите ги немаат напишано своите митови и историски преданија, а како резултат на тоа, не постојат пишани докази што се однесуваат на раните келтски времиња или периоди потенцирајќи ги нивните најважни преселби (Monaghan, 2004: iv). Од истиот извор може да се види дека најраните пишани записи што се однесуваат на Келтите можат да се најдат на други јазици – на јазиците на нивните непријатели: Грците и Римјаните. Од ова може да се извлечат многу информации и факти што укажуваат на големите преселби на Келтите и нивното влијание врз развојот на Северна Европа, а потоа и Британија и Ирска, како и воените подвизи, кои како народ биле познати.

[10] “The Secret of Roan Inish – 1994”; “Rob Roy – 1995”; “Braveheard – 1995”; “The Gaul – 2001” (Imdb, 2012).

Како што беше претходно потенцирано, првата употреба на терминот „Келти“ е од страна на грчкиот географ Хекатес од Милет, во далечната 517 година пред нашата ера. Самиот термин се однесувал на одредено географско племе што живеело близу денешен Марсеј (Rankin, 1997: 2). Од ова можат да се видат првите почетни докази за постоењето на келтските племиња и нивната географска одредница што се менува со големите миграции. Дополнително на ова, терминот „Келт“ е впрочем прилично модерен англиски збор, кој е првпат употребен во 1707 година од страна на Едвард Луид. Луид заедно со некои други научници од 18 век придонеле за детално и темелно истражување на јазиците и историјата на ранонаселениците во пределите на Ирска (Lhuyd, 1971: 290). Од нивното заемно истражување се појавиле голем број докази за постоењето на келтските племиња, кои подоцна се населиле на територијата на Ирска и таму ја ширеле својата култура.

Се верува дека Келтите се населиле во Ирска околу 500-тите години пред нашата ера, во еден масовен бран на инвазија. Оваа информација може да се најде во ирски документ познат како Лебар Габала[11] (Leabhar Gabhála). Овој документ бил напишан во 7 век од страна на голем број монаси, веднаш по периодот на големата инвазија (Knowth, 2014: 1). Самиот текст покажува дека почнуваат да се развиваат текстови што се однесуваат на ирската преселба и населувањето на Келтите. Исто така, голем број други ирски документи датираат од овие години, и тие се трудат детално да го опишат предхристијанскиот живот и законите во Ирска. Не само што го опишува пристигнувањето на галските народи во Ирска туку и ни кажува многу за нивниот секојдневен живот (Knowth, 2014: 1). Самите документи се богатство за модерното време, од кои може да се види како уметноста и самата култура на Келтите се пренесла во постојната култура на Република Ирска и како тие помогнале да прерасне во модерна држава.

Осознавањето на една култура и еден народ може да се достигне преку неговиот јазик. Следствено, од ова би се добила јасна слика за тоа како тој јазик бил употребуван и ширен низ минатото, и како опстојал во сегашноста. Релативно модерната идеја за идентификација на келтското културно наследство се фокусира на сличностите меѓу јазиците, уметноста и класичните

[11]Во превод „*Книга на Инвазии*“

литературни текстови (Graves-Brown, 2012: 242-244). Поради тоа, мораме да се осврнеме кон тоа од каде потекнува келтскиот јазик и која е неговата историја, односно кое е неговото значење за опстојувањето на келтската етнолингвистичка група. Според Нора Чадвик во нејзината книга *Келтите* (*The Celts*), келтските јазици како такви формираат гранка од поголемото индоевропско јазично семејство (1970: 28). Од ова може да се увиди нивната силна вкоренетост во историјата, а со тоа и важноста како народ што ѝ припаѓал на една многу мистериозна и важна група за историјата на Европа. Нормално, моментот кога келтските јазици влегуваат во пишаната историја, околу 400 година пред нашата ера, тие се веќе поделени на неколку јазични групи и распространети низ западниот дел на континентална Европа, Ирска и Британија (Chadwick, 1970: 33).

„*Притоа, истражувањето на овие елементи и комплетното осознавање на улогата што ја изиграле тие во испреплетените животни нишки на една нација, мора да е од големо значење и интерес за оние на кои им е јасно дека, всушност, сегашноста е дете на минатото, а иднината е дете на сегашноста. Тука спаѓаат и оние што не сметаат дека тие самите, нивните блиски и нивните сограѓани се само бестелесни привремени сенки, кои бегаат од темнината и се враќаат во неа, туку знаат дека во себе го носат широкиот тек на историјата, започнат од некој далечен и таинствен извор, кој тече кон иднината условена, најмногу од сите минати придвижувања на таа човекова река, но и во голем степен таа иднина ќе го добие она значење што тие ќе изберат да ѝ го дадат со својата храброст, патриотизам, знаење и разбирање*“

(Rolleston, 2010: пар. 5).

За цел да се одговорат голем број прашања поврзани со келтското културно наследство и неговото зачувување во модерна Ирска, треба да се увиди потеклото на тој народ на Британските Острови и Ирска. Имено, вистинскиот термин за населението на овие острови, како и за типичниот и доминантен дел од населението на Северна Америка, не е англосаксонско, туку англокелтско (The Celtic League, 2014: пар. 3). Ова покажува една различност што помага за идентификација на келтскиот народ. Токму поради оваа

неконвенционална мешавина од германски и келтски елементи, британскиот народ е уникатен како таков – овој спој е причината за специфичната природа на овој народ, за архитектонските стилови, уметничките подвизи и драматичноста во литературата, кои не се типични за германските племиња, а во исто време укажува за постоење страст за личната слобода (The Celtic League, 2014: пар. 3). Самата борбеност на Келтите придонела за неговото опстојување низ историјата.

Добро познато е дека Келтите се прошириле на голема територијална површина низ Северна Европа. Па поради тоа, шест други нации се поврзуваат со модерниот келтски идентитет и се нарекуваат „келтски нации", а тоа се: Британија, Ирска, Шкотска, Велс, Островот Ман и Корнвал (The Celtic League, 2014: 3). Од ова може да се забележи влијанието и опсегот на оваа стара култура, која со себе донела многу богатство што го пренела во модерниот свет. Келтското влијание врз денешната ирска култура се шири преку јазикот, религијата, вајарството, музиката и литературата. Келтските јазици припаѓаат на две класификации: годелски и бритонски (Patterson, 2007: пар. 3). Повеќе за јазиците што произлегуваат од келтските народи ќе биде објаснето подоцна во трудот каде што ќе се согледа што е тоа што ги спојувало овие народи со другите, а и тоа што ги направило единствени.

Музиката отсекогаш била една од најважните сегменти на келтската култура и келтското културно наследство. Келтската преродба и ширењето на културата довело до појава на музички и уметнички стилови што почнале да се идентификуваат како келтски. Музиката е најчесто базирана врз фолклорни традиции, додека уметноста е базирана врз декоративни стилови што се поврзани со Келтите и раносредновековното келтско христијанство (Cunliffe, 1997: 276). Фолклорните традиции имале огромно значење за Келтите. Музиката не била единствен канал каде што тие ја вметнувале својата историја. Тука биле и литературата и уметноста како излезен канал на традиционални вредности (Cunliffe, 1997: 276).

Кога станува збор за музичкиот стил на Келтите, тој според својата композиција бил уникатен за цела Европа. Имено, музичките влијанија на Келтите најмногу се отсликувале низ Ирска и Шкотска поради сличностите што ги споделуваат во однос на темпото и мелодијата, а воедно музиката на Велс, Корнвал, Островот Ман, Британија, Нортумбрија, Галија, Кантабрија и Астурија

како и Североисточна Португалија е исто така дел од музиката на Келтите (Knowth, 2014: пар. 2). Влијанието на Келтите било она што придонело да се задржат и да се развијат нивните музички влијанија низ вековите. Токму поради уникатноста на нивната мелодија, денес келтската музика може да се сретне како додаток на многу музички жанрови (Knowth, 2014: пар. 2).

Келтите биле и големи занаетчии. Во минатото тие работеле со скапоцени метали: злато, сребро и железо. Изработувале уникатни скулптури, оклоп и накит, кој со својата убавина и деликатност ги надминувале и сè уште ги надминуваат кујунџиските способности на секоја друга култура (Knowth, 2014; пар. 2). Нивното големо познавање на металите им дало предност токму кога станува збор за изработка на нешто уникатно. Келтскиот декоративен стил е живописен и криволиниски, каде што на многу драматичен начин се претставени видови животни, украсени со испреплетени ластари. Декоративниот мотив е видлив и во изработката на метални брошови, накит за вратот или рацете, видови прстени, како и декоративни копчиња за ремени, или фитинзи за штит или кочија (HistoryWorld, 2015: пар. 3). Подолу ќе се увиди како денешните уметници од Ирска сè уште го користат келтскиот стил како инспирација и одржување на креативните традиции на земјата.

Од друга страна, ги имаме и религиозните обреди по кои Келтите се многу добро познати:

> *„Ритуалистичко човечките жртвувања што биле вршени под многу екстремни услови. Античките келтски гробни места биле украсувани со даб и имела за кои се верувало дека се мистични тревки. Во денешно време, легендите и митовите што се однесуваат на друидските свештени лица се само приказни што се пренесуваат усно на разни собири низ Ирска каде што се слави келтската култура“.*
>
> (The Celtic League, 2014: пар. 5).

Низ годините се појавиле многу голем број дејци што се обидувале со својата работа да го зачуваат келтскиот идентитет. На пример, келтските

преродбеници, како Вилијам Батлер Јејтс[12] и Даглас Хајд[13], творејќи во 1890-тите години, намерно започнале со истражување на античкото минато на Ирска за да создадат чувство на идентитет и самопочитување за ирскиот народ (The Celtic League, 2014: пар. 5). Со оваа заложба се утврдиле многу факти што денес служат како темел за зачувување на келтското културно наследство и постоењето на Република Ирска како модерна европска држава. Понатаму, двајцата автори биле решени повторно да ја воспостават националната гордост, а тоа го направиле со истражување на потеклото на ирската цивилизација и „расчистување" на многу историски неповрзаности и пополнување на многу литературни „дупки":

> *„Концептот на модерниот келтски идентитет еволуирал во текот на 19 век. До крајот на 19 век идентитетот често земал форма во етнички национализам, особено во рамките на Обединетото Кралство на Велика Британија и Ирска, каде што се случува отцепување на ирската слободна држава во 1922 година. Постојат значителни велшки, шкотски и бретонски националистички движења што доведуваат да се создаде концепт на келтски нации. По Втората светска војна, фокусот на келтското движење се префрлил на јазичното заживување и протекционизам, на пример, со основањето на Келтската лига во 1961 година, посветена на зачувување на преживеаните келтски јазици."*
>
> (The Celtic League, 2014: пар. 6).

Келтскиот идентитет се стремел за зачувување на келтските вредности што денес можат да се увидат низ многу сфери во ирското општество. Тие келтски вредности ќе бидат детално разработени и анализирани во текот на магистерскиот труд, со цел да се видат и да се дадат одредени одговори и прашања за тоа како келтското културно наследство влијаело и сè уште влијае врз модерна Ирска..

---

[12]Вилијам Батлер Јејтс (13 јуни 1865 – 28 јануари 1939) бил ирски поет и еден од најважните литературни дејци во 20 век. Се сметал за столб на ирските и британските литературни достигнувања (Jeffares, стр. vii).

[13]Даглас Хајд бил ирски научник на ирскиот јазик, кој бил првиот претседател на Ирска од 1938 до 1945 г.. Тој бил водечка фигура во периодот на келтската преродба, и прв претседател на Келтската лига, која била една од највлијателните културни организации во Ирска во тоа време (Jeffares, стр. x).

Како интересен општествен феномен се јавува фактот дека Келтите се можеби едни од првите народи што ја гледале жената како еднаква со мажите. Жените заземале многу повисоко и поважно место во општествените групи, и уживале речиси иста слобода и начин на живот како и мажите (Squire, 1909: 30). Оваа еднаквост се базирала врз верувањето на Келтите дека природата дава баланс и улога на секој што доаѓа од неа, односно дека и мажите и жените претставуваат еднаквост во рамките на целиот свет.

Во модерното време може да се забележи голем интерес за зачувување на семејната историја кај ирските семејства, што пак претставува и начин да се сознае келтското потекло за потоа тоа да може да биде зачувано. Населението во традиционалните келтски области има сериозен пристап кон својата припадност и од каде доаѓа (Moffat, 2008: 86). Гордоста за тоа каде припаѓаат и на што припаѓаат секогаш било од голема важност за овој народ. Поради таа лојалност кон својата природа, денес е зачувано тоа културно наследство, кое со себе донело голем број промени. Натамошното анализирање ќе ги разгледа разните уметнички докази и ширењето на ирско-келтската култура, јазик и музика низ историјата.

# 2 Келтска митологија и религија во Ирска

Понекогаш религијата и митологијата одат рака под рака; понекогаш едната произлегува од другата; понекогаш се толку многу испреплетени што со сигурност не може да се докаже кое од каде доаѓа и што воопшто претставува.

Теистичките религии во модерното време се најраспоространети низ целиот свет. Добропознато е дека во најголемите теистички традиционални религии, како што се јудеизмот, христијанството и исламот, Господ Бог е претставен како семоќен и сезнаен законодавец што му дал на човештвото одредени правила и прописи што мора да се следат, а со тоа да се живее и живот исполнет со морал и доблести (Rachels, 2003: 54). За потребите на овој магистерски труд и за одговарање на сите прашања поврзани со Келтите и Ирска, го имаме христијанството, кое со необична брзина се распространило на територијата на Ирска, која била под силно влијание на паганството и митологијата.

Имено, предримските божества на сите Келти и нордиски луѓе биле креаторот Татко и Мајката божица, или други голем број богови на природата што симболизирале плодност, војна и љубов (Wilkinson, 2008: 142). Оттука, може да се види дека Келтите имале посебна посветеност кон природата, факт за кој подетално ќе се зборува подолу во трудот. Исто така, со таа класификација на божества посебно се давало внимание и наклоност, и детална категоризација според важноста на самото божество.

Келтите направиле своја разлика меѓу божествата во кои вметнале карактеристики што се разликуваат од културите на другите народи низ Европа. За да се симболизира моќ поголема од онаа на луѓето, на боговите им биле доделени дополнителни одговорности за сето она што луѓето не го разбирале. Таков пример се грмотевиците, за кои се верува дека потекнувале од магичниот чекан на Тор, наречен Мјолнир. Се верувало дека келтските божества се бесмртни, а со тоа се верувало дека и животот и културата на Келтите би била бесмртна (Wilkinson, 2008: 142). Ова верување довело Келтите да се дефинираат како едни од најтврдокорните народи, кои својата култура и историја почнале да ја востануваат на почвата на Ирска. Многу голем дел од овие митолошки верувања останале и до модерното време, и некако се вметнале и во христијанството. Нормално, од ова може да се заклучи дека како и кај многу други општества од железната доба, така и Келтите имале своја силна политеистичка религија (Cunliffe, 1997: 202).

Постојат голем број модерни празници што останале и преживеале од стари пагански обичаи. Еден од тој пагански празник што има големо значење денес е Ноќта на вештерките. Имено, се знае дека Ноќта на вештерките, која се слави на 31 октомври секоја година, и сите нејзини асоцијации со вештерки и духови припаѓаат и доаѓаат од келтската старогодишна ноќ – или ноќта на сите вештерки. Во оваа ноќ се верува дека сите задгробни духови уште еднаш талкаат низ земјата за да се сретнат со своите љубени (Praill, 2003: 19). Иако денес оваа ноќ се слави речиси насекаде и на модерен начин, сепак нејзините корени можат да се трасираат од келтската историја, и тоа културно наследство колку и да е изменето, сепак потекнува од нив. Така овој празник е најзастапен низ територијата на Америка, кој пак се раширил со помош на миграциите од Ирска на новиот континент, ширејќи го ова митолошко-фолклорно верување.

Кога станува збор за Ирска, се верува дека територијата е богата со многу приказни и богати сказни што доаѓаат и потекнуваат од келтскиот народ. Ирскиот остров секогаш бил фаворитизиран како културна лулка, дури повеќе и од другиот цивилизиран свет (Seymour, 1913: 2). Ова нормално се должи на богатите приказни од митологијата и фолклорот. Како такви успеале да останат во целост и да се пренесат од генерација на генерација.

Многу е интересно што келтскиот народ ги прифатил приказните од митологијата и фолклорот како нешто нормално, како нешто што е факт, и без што не може да се живее. Во таа келтска Ирска, примерите за невидливото и натприродното не биле гледани како нешто чудно или злобно, туку биле дел од обичаите на народот и традицијата (Seymour, 1913: 4). Токму од тоа прифаќање се верувало дека Келтите ја црпеле својата бестрашност и храброст, верувајќи дека што и да им се случи, тие ќе живеат вечно дури и во задгробниот свет. Покрај нивната наклоност кон грандиозноста на шумите и важноста на мистицизмот, интересното е што Келтите имале и голема наклоност кон нумерологијата. Секогаш гледале посебна важност во тоа дека три по три дава девет, а деветката како број ја зголемува важноста и моќта на бројот 3, што пак симболизира вечност, целосност и исполнување. Бројот девет е главниот број на Келтите, алудирајќи на деветте камења што ги претставуваат деветте девици во келтската митологија (Wilkinson, 2008: 295).

## 2.1 Митологија

Кога станува збор за верувањето на Келтите, сè започнало со митологијата и нивната преданост кон фолклорот и приказните што ги создавале низ времето. Според голем број свешетнски аналитичари од минатото што се обидувале да ги поништат паганските традиции со тоа што ги дефинирале како псевдоисторија, Ирска била првично населена од млада девојка што се викала Цесаир (Cessair), заедно со нејзините следбеници. Ова населување се претпоставува дека се случило веднаш по големиот библиски потоп (Squire, 1909: 31). Овие обиди да се избрише митологијата на Келтите на територија на Ирска била само начин за воспоставување на христијанството, но Келтите и нивната тврдокорност не дозволиле да се случи тоа, барем не на почетокот.

Но сите обиди да се избрише митологијата и паганските учења и да се донесе христијанството не запрале таму. Голем дел од митолошки приказни биле претопени во христијанството, односно им биле дадени религиски карактеристики. Голем дел од паганските приказни исто така биле напишани одново за да им се даде нова основа, дека потекнувале од христијанските народи. Имено, еден таков пример е за девојката Цесаир (Cessair), која била претставена како внука на Ное. Но повеќе од веројатно е дека таа претставувала племенска божица или духовна наследничка на преткелтските народи на територијата на Ирска. Овој обид да се востанови лажна историја не издржал, и за кратко време исчезнал неуспешно (Squire, 1909: 31). Од ова може да се забележи дека имало обиди на христијанска асимилација базирајќи го христијанството врз веќе воспоставени митолошки верувања.

Во книгата *Митологијата на античка Британија и Ирска* (*The Mythology of Ancient Britain and Ireland)* авторот Чарлс Сквајар укажува на фактот дека митологијата на Келтите како таква била пребогата и поради тоа големо богатство и изобилство издржува во некои форми дури и денес (Squire, 1909: 32-33). Нормално, најголемите и најчестите примени за ова келтско богатство можат да се видат на територијата на Ирска, каде што сè уште постојат голем број следбеници на паганството, старите келтски верувања и обичаи.

Келтското митолошко и паганско богатство игра најголема улога во Ирска, поради самата природа на Келтите и нивните верувања во натприродното. Имено, станува збор за верување дека Ирска била првично населена од џинови, самовили, духови и други митолошки суштества (Squire, 1909: 34-35). Ова верување на Келтите им дало мистериозна карактеристика што може да се увиди во многу уметнички дела, градби и текстови на територијата на Ирска.

Како исклучителен феномен, келтското митолошко верување е интересно од многу причини. Најмногу од сè, поради фактот дека Келтите верувале дека луѓето не се креирани од боговите, но дека доаѓаат директно од нив, како еднакви. И како такво, ова верување било секогаш едно од главните учења на друидите (Macculloch, 1911: 160). Ова верување за еднаквоста дала дури и социјална димензија на развој кај Келтите. Ова нивно верување за еднаквост се темелело врз нивното верување и преданост кон духовноста и смислата на животот, чии учења се темелеле токму врз еднаквоста на сите живи суштества.

Доаѓаме до друидите, кои претставуваат карактеристична келтска религиозна група. За нив постојат голем број податоци што укажуваат на нивната значајност. Сумирано, друидите биле свештеници на античките Келти. Зборот „друид“ доаѓа од коренот ДР што значи „дрво“, најчесто даб. Ова е многу голем доказ дека Келтите оддавале многу голема почит кон кралот на сите дрвја (Squire, 1905: 2). Така, сметале дека друидите доаѓаат од кралевите на шумите и поради тоа им препишувале натприродни видови моќи. Без оглед на сè, и без оглед на турбулентинте времиња низ кои поминувале Келтите, важно е дека друидизмот била нивната прифатена религија (Squire 1905: 35). Таа била првата организирана религија што им дала на Келтите одредени правила и прописи што морало да бидат следени.

Во однос на друидите, тие имале многу разновидни улоги во келтската религија. Биле свештеници, судии, учители и раскажувачи на минатото. Друидите организирале и одржувале религиозни церемонии, а исто така биле многу умешни и во тоа да го запаметат и да го изучат календарот (Sjoestedt, 1994: xxvi–xix). Како едни од најмудрите припадници на келтското општество, многу често биле и советодавци на нивните водачи. Постоеле и други поткласи на друиди што вршеле церемонијални жртвувања на посеви и земјоделски култури и животни, поради тоа што верувале дека тоа ќе донесе големи богатства во нивното општество (Sjoestedt, 1994: xxvi–xix). Тука можат да се видат и сличните карактеристики со многу други политеистички религии, кога станува збор да се жртвува одредено нешто (*како подарок или одданост кон божествата*) за да се добие нешто друго за возврат, најчесто во форма на богата почва и плод.

Како што беше претходно кажано, Келтите покажувале посебна почит кон природата и кон дрвјата, а на територијата на Ирска природата и зеленилото се сè уште во големо изобилство. Како народ сметале дека многу видови дрвја се свети, и им препишувале одредени натприродни карактеристики. Едни од омилените дрвја им биле тис, лешник и јаболко (Day, 2013: 71). Исто така, верувале дека во одредени дрвја се кријат духови, кои најчесто биле поврзани со судбината на Келтите и нивната иднина. Еден од најпознатите духови бил „зелениот човек“. Приказните за зелениот човек (*како и резбите за него*) сè уште можат да се најдат на територијата на Ирска. Тој претставувал келтски дух на природата, најчесто поврзуван со пролетта и култот за плодноста како на

жените, така и на дрвјата. Најчесто бил претставен како ги победува мразот и сланата. Иако суштински бил претставен како добротворен дух, можел во исто време да биде и надмоќен и деструктивен (Day, 2013: 71). Познато е дека Келтите уживале во природата и секогаш се труделе да ја заштитат соодветно, и континуирано ја асоцирале со божества и духови. Единствено ѝ се восхитувале оддалеку и уживале во нејзината магија и величественост.

Покрај дрвјата, одредени растенија исто така имале големо значење за Келтите. Имелата имала многу големо значење во келтската култура и била многу честа како „растението на моќта“ играјќи голема улога во сите нивни ритуали (Squire, 1909: 32). Во модерна Ирска имелата сѐ уште се користи за декорација и како растение што дава среќа и сила.

Шумите како големи пространства играле исто така голема улога во животот на Келтите. Во многу приказни од келтската митологија се споменуваат големи и мистични шуми како природни чуда во кои се случувале необјасниви работи. Келтите опишале како безброј долини и клисури биле исполнети со златна светлина преку ден, и месечева и ѕвездена светлина преку ноќ. Шумите имале чудесни билки и лекови, како и најубавата и најздравата храна (Day, 2013: 56). Во најубавите предели во Ирска можат да се видат и најубавите шуми, дури и да се најдат растенија од кои може да се јаде; од кои може да се живее. Така, Келтите се спојувале со природата и со шумите. Верувале дека нивните животи ќе останат во длабочината меѓу дрвјата, каде што постои магичното и натприродното. Келтите верувале дека шумите можат да ги обезбедат сите потребни материјали за живот, од изработка на облека, па сѐ до материјали за изградбата на домови (Day, 2013: 56). Нивната едноставност ги карактеризирала како општество што на прво место ги ставало земјата и природата, па потоа самите себеси.

И така „*длабоко во густите шуми, шумските пештери, бунари, и фонтани, Келтите им се поклонувале на духовите на дрвјата и водите, каде што ги пронаоѓале своите богови, своите гатачки и сите видовити луѓе*“ (Day, 2013: 56). За нив, природата треба да се почитува и да се чува, поради тоа што суштината на животот опстојува меѓу шумите и меѓу дрвјата, односно меѓу природата.

Кога станува збор за животните, за Келтите сите животни имале одредена улога и важност. Но едно од најважните е кучето волчјак. Ова животно

денес е официјалното куче на Ирска. Овој вид куче може да се најде како мотив на ирските железни пари, поштенски марки, како и дел од приказните од ирско-келтската митологија (Celtic Ireland, 2015: пар. 6).

## 2.2 Религија

Едно од најчестите и најважните прашања со кои почнало да се шири христијанството низ територијата на Европа, а со тоа и низ Ирска, било: *ако не постои Бог, тогаш што се случува со сите форми на етика?* (Rachels, 2003: 174). Поради целта да се прошири христијанството на сите страни од светот, биле преземени одредени чекори од независни мисионери испратени од Рим, кој тогаш претставувал новата престолнина на христијанската религија.

До 5 век од нашата ера, христијанството веќе било раширено низ Ирска, која никогаш не била дел од Римската Империја. Имало христијани во Ирска дури и пред доаѓањето на Паладиус (Palladius) во 431 година како првиот мисионерски епископ испратен од Рим, но неговата мисија воопшто не била успешна (Hughes, 2005: 306). Христијанството како религија во подем се ширело низ Ирска, но не со брзината што била посакувана од Рим.

Иако било многу тешко да се скрши и да се асимилира келтската митологија, сепак настапил период каде што и тоа било неизбежно. Еден од најважните ликови за воспоставување и утврдување на христијанството во Ирска бил св. Патрик. Неговото мисионерство е она што воспоставило цркви што претставувале места каде што се собирале христијански групи. Една од интересните работи е што двата пола (*и машки и женски*) можеле да учествуваат во секоја форма на литургија (Hughes, 2005: 306). Ова е уште еден доказ дека од верувањето во келтскиот фолклор се зачувувала важноста и еднаквоста на жената во секоја форма од општествениот живот. Покрај тоа, се одржувале венчавки и крштевања (Hughes, 2005: 306).

Со доаѓањето на св. Патрик, христијанството како нова религија во тој период почнало да се шири со необична брзина за да достигне и на север од Европа. Постојат голем број уверувања дека св. Патрик бил посетен од Бога на сон, каде што му било наредено дека мора да им однесе христијанска надеж на Келтите, кои во тој период биле најмногу населени во Ирска (Smith, 2015: пар. 5) и кои биле под големо влијание на фолклорните верувања и учењата на

друидите. Исто како приказните од Стариот завет од Светото писмо, така и тука, св. Патрик дејствувал како спасител и пророк на Бог, кој морал да го одведе келтското население од Ирска во спасение. И навистина, се чинело како Ирска ја добила својата духовна трансформација, барем кога станува збор за религијата, односно христијанството. Откако св. Патрик конечно се населил во Ирска, почнала да се случува таа христијанска преродба на сиот народ што живеел на ирскиот остров (Smith, пар. 5).

Со доаѓањето на христијанството во Ирска, дошло и неговото учење, кое е дел Библијата. Имено, неминовен е фактот дека и тогаш Библијата како книга радикално ги менувала животите на луѓето. Тој вид трансформација продолжува и денес, без разлика колку и како се менува светот. (Peterson, стр. 3) Ирска по својата форма како држава е христијанска, и подолу ќе се увиди дека келтицизмот и христијанството се споиле, и со тоа успеале да создадат нешто што потпомогнало како на христијанството, така и на келтската култура, и нивното зачувување. Како последица на ова, се наметнува прашањето – која е врската меѓу Келтите и Библијата? Дали воопшто има врска? Без разлика на големиот број учења, се верува дека потеклото на Светиот грал е инспирирано од митолошките приказни за котелот (кој по својата природа е магичен и кој има слична моќ како Гралот) и потекнува директно од келтската митологија. Во паганството котелот е симбол на плодност, ревитализација и изобилие (Wilkinson, 2008: 209). Ова е многу добар пример како делови од Библијата почнале да се спојуваат со делови од келтската митологија. Токму овој спој може да се увиди во Ирска дури и денес, во модерните времиња. Останале делови што може да се карактеризираат како паганско-христијански. Ова најмногу се случувало за успешно и без конфликти да можат да се претопат овие две духовни учења – учењето на христијаните и учењето на паганството.

Откако христијанството и неговото учење успеале да се амалгамираат со келтската митологија на територијата на Ирска, се воспоставило и учењето за демонологијата. Еден од најголемите проблеми, кој како таков се префрлил од Европа во Америка, било вештерството. Кога англо-норманската раса се населила во Ирска, открила дека веќе населените Келти што почнале да го прифаќаат христијанството немале никаков вид предиспозиција за да го прифатат и постоењето на вештерството како „сатанско“ дејство и како непријател на црквата (Seymour, 1913: 7). Ова нормално се должело на фактот

дека келтската митологија и паганство поддржувале некоја форма на вештесрство, но вештерство за правење добри дела. Тука може да се види судирот на келтската митологија и христијанството. Поради тоа се развиле дискусии за една иста работа гледана од две перспективи, односно од христијанството и келтскиот фолклор и митологија, односно дали вештерството е практика за добри или лоши дела.

Поради ова, но и од многу други причини се појавил термин познат како „келтско христијанство.“ Еден пример на келтско христијанството се појавило во 563 година од нашата ера кога свештеникот Колумба (*кој подоцна бил прогласен за светец, и познат како Св. Колумба*) дошол со дванаесет монаси од Ирска за да им проповеда на своите блиски сестри и браќа во Британија. На малиот остров Јона во близина на западниот брег на Шкотска тој основал манастир и го утврдил како свој дом за наредните триесет и четири години. На овој начин многу мисионери заминувале, основале други верски куќи, и направиле многу за да го прошират христијанското учење и религија (Baugh, 2003: 76). Келтското христијанство била сила што се раширила од Ирска, па наоколу, за да се воспостави единство меѓу минатите и новите верувања.

Исто како Келтите во минатото, така и Ирците од сегашноста почнале да го сметаат натприродното како нешто најважно во нивната општествена организација. Поради тоа, Ирска прераснала во земја каде што религијата и религиските обреди секогаш се гледале со највисока почит и преданост. Мнозинството во Ирска се римокатолици, но постои и малцинство на протестанти, најмногу се концентрирани во Северна Ирска, каде што пак сочинуваат мнозинство од населението (Von Dehsen, 1999: 150). Оваа поделба нормално, се должи на територијалната поделеност на Обединетото Кралство и Република Ирска. Според најновите статистики, кога станува збор за модерна Ирска, самиот остров е составен од 93% католици, 5% англиканци и само 2% други (Макаровски, 2004: 310).

Кога станува збор за територијалната поделеност на Република Ирска, станува збор за проблематична граница што била причина за голем број граѓански конфликти. Поделбата на Република Ирска и Северна Ирска е најмногу поради верската поделеност и несогласување на самиот остров (Rubenstein, 2008: 208). Ова можеби е еден од најсериозните примери каде што религијата, односно христијанството се наметнува како проблем на територијата

на Ирска. Кога поголемиот дел од Ирска станал независен, мнозинството од северните земји гласале за да останат во Велика Британија. Протестантите, кои го сочинувале мнозинството во Северна Ирска, сакале да бидат дел од претежно протестантската Велика Британија, а да не се приклучат кон римокатоличката Република Ирска (Rubenstein, 2008: 208). Иако сето тоа било со најдобра намера, сепак било причина за да се создадат тензии што резултирале со голем број конфликти – за религијата.

## 2.3 Духовно наследство

Духовното наследство во случајот на Ирска претставува наследство што е спој од христијанството и друидизмот на Келтите. Ова духовното наследство може да се увиди и денеска на територијата на Ирска. Тоа се карактеризира со живот исполнет со мешавина од нормите на христијанството и келтскиот фолклор. Христијанските морални вредности биле она што св. Патрик се трудел да ги донесе во 5 век од нашата ера, со донесувањето на христијанството во Ирска, и спојувани ја келтската митологија со новата религија. Старите филозофи имале многу што да кажат за среќата. Тие верувале дека „добриот живот" и „среќниот живот" се една иста работа. Објаснувале дека среќата се состои од живот во кој предомиминираат разумот и доблеста (Rachels, 2003: 186). Ова била јасна карактеристика и за Ирците и нивната келтска заднина, каде што се ценела доблеста како најголема карактеристика.

Покрај духовното наследство што се пренесувало преку традициите на самиот народ, постојат и материјални богатства што останале зачувани. Едно од најголемите зачувани материјални наследства и духовни вредности кога станува збор за христијанството во Ирска претставува книгата Келс (Kells). Позната и по тоа како келтската книга Келс, составена е од четири евангелија. Се претпоставува дека книгата била напишана во 8 век од страна на непознат ирски ѓакон. Оригиналот е изложен во библиотеката на колеџот Тринити, во Даблин, а секој ден се врти нова страница од неа, како востановена традиција на самата држава (Макаровски, 2004: 310). Ова се смета дека е едно од највредните келтско христијански наследства во Ирска според својата комплексна изработка и украсување. Во однос на самата книга и што претставува таа, подетално ќе се зборува подолу во магистерскиот труд.

Како второ по значење духовно богатство на Ирска претставува ревидираната ирска Библија. Библијата била изработена со кооперативно вложување што вклучило неколку деноминации и многу голем број научници. Една од причините за нејзиниот успех е тоа што кога секој инволвиран ја завршил својата работа, преводите биле дополнително проверени и одобрени од група литературни советници (Pelikan, 1992: xvi). Овој подвиг им дал на Ирците своја ревидирана Библија со која денес можат да се пофалат како едно големо духовно богатство.

Голем дел од модерниот ирски календар се базира врз старите пагански обичаи, со подоцнежни христијански традиции, што исто така имале големо влијание. Божиќ како празник во Ирска има многу различни локални традиции (*кои потекнуваат од Келтите и нивните пагански празнувања*), кои воопшто не се ни поврзани со христијанството (Frazer, 1922: 10). Очигледно е дека секоја форма на келтицизам успеала да се нурне низ сите дојдени промени, кои требало целосно да го уништат келтскиот идентитет. Но напротив, келтскиот идентитет се претопил и опстојал испреплетен со новите учења, односно во рамките на христијанството како религија.

Религијата, исто така, е тесно поврзана со чувство на луѓето кон и за моралот, и постоењето и значењето на етиката. Самиот корен на постоењето на етика кај луѓето многу често има религиозна основа (Muller, 2003: 427). Религијата, односно христијанството, останува да биде едно од најважните духовни наследства на Келтите од минатото, кое се претопило и во сегашноста.

# 3 Келтска музика во Ирска

Во последните неколку години ирската традиционална музика ја пронајде својата публика и во прекуокеанските држави, а не само на територијата на Ирска или во ирските заедници во Соединетите Американски Држави и Австралија. Ирската традиционална музика се распространи и низ Европа. Но најважно од сè се нејзините корени од Келтите и нејзиното зачувување на територијата на Смарагдниот остров.

Кога станува збор за келтска музика во Ирска, мора да се има предвид дека таа останала зачувана низ времето во музичката уметност на земјата. Автохтоната уникатна музика во Ирска сепак се смета дека е традиционална по

својата природа и по своето значење. Таа останала многу популарна во текот на 20 и 21 век, покрај сите други влијанија на глобализацијата во тие периоди (Sawyers, 2002: 28). Своите традиционални корени ги имала засадено во своето минато, од каде што ја црпела сета инспирација. Иако се соочувала со многу проблеми, сепак ирската традиционална музика успеала да опстои и да преживее. Низ минатото постоеле многу големи влијанија врз ирската музика од страна на Англија и Америка, но и покрај нив, ирската музика ги зачувала своите традиционални аспекти (Sawyers, 2002: 28). Токму преку музиката може да се раскажат приказни, да се доловат чувства што остануваат како важен дел од културата на Келтите и Ирците. Има голем број влијанија и врз рок музиката од страна на келтско-ирската традиционална музика. Ирската традиционална музика најчесто се спојувала со рокенролот, панкот и чистиот рок, креирајќи симбиоза на уникатност и нови жанрови (Sawyers, 2002: 28). Со овој спој ирските музичари успеале да го донесат келтското влијание од минатото, со одреден жанр од модерното време, и така да направат да не се заборават келтските вредности. На тој начин им се сервирала келтската музика на новите генерации, а со тоа и било зачувано ова општество и нивната култура.

Големото меѓународно музичко признание било од голема корист и од голема важност за ирско-келтската музика. Во изминатите години почнала да се појавува тенденција кон модернизација на музиката, додека пак зголеменото ниво на заинтересираност однадвор довело до барање на поголемо промовирање и претставување на вистинската уникатност на ирско-келтската музика (Hidden Ireland, 2015: пар. 5). Токму поради овие енормни разлики и вкусови, може целосно да се претстави и да се промовира келтската музика кај публиката, или да се компонира стил што ќе има келтски елементи. Тој вид модернизација е застапен во сите делови од земјата, каде што достапноста на оваа музика е преголема. Денес интересот да се научи и да се истражи ирската музика се зголемува кај младите луѓе. Самото ова има многу голем позитивен ефект врз квалитетот на ирско-келтската музика и нејзината достапност (Hidden Ireland, 2015: пар. 6). Ова укажува на фактот дека во модерното време келтската музика почнува да се шири како никогаш претходно.

## 3.1 Развојот на келтската музика низ Ирска

Според Мартин Мелуиш, во неговата книга *Келтска плима – Традиционална музика во новото време* (*Celtic Tides: Traditional Music in a New Age*), келтската музика претставува многу широка група на музички жанрови што еволуирале од фолклорните традиции на келтските народи што биле населени низ Европа, Британија и Ирска (Mellhuish, 1998: 8). Нормално, келтската музика не се однесува само на музиката од народот што се населил на територијата на Ирска, туку на сите народи што се идентификувале како Келти. Но како и да е, за потребата на овој магистерски труд ќе се согледа како се развивала келтската музика во ирското општеството. Самата музика се однесува на орално пренесените традиционални песни и мелодии со стилови што многу варираат, почнувајќи од традиционалната музика, па до големиот број симбиози и хибриди на жанрови, креирајќи сосема нова подгрупа (Melhuish, 1998: 8).

Постои посебно разграничување во однос на келтската музика што доаѓа од Ирска. Келтската музика има две дефиниции и две значења, а тоа е музиката на луѓето што по припадност се идентификуваат како Келти, и тоа е музиката и нејзините видови што можат да се идентификуваат со музиката на територијата на Ирска (Melhuish, 1998: 73-78). Ова разграничување и дефиниција претставува прво појаснување за важноста и распространетоста на келтско-ирската музика. Не мора да значи дека композиторите или изведувачите што се класифицираат како келтски музичари мора да доаѓаат од Ирска. Постојат голем број бендови и музичари што се распространети низ целиот свет и имаат друга заднинска култура, а се асимилирани Келти.

Во однос на келтските инструменти, постојат повеќе видови што се сметаат како традиционални според својата важност и употреба. Најчести и најпознати ирски инструменти се: удајанската гајда (*варијација на обична гајда која во Ирска е исто така позната како гајда на војната и која е слична на галуего гајдата во северна Шпанија*), бодранот (*вид на тапан направен од козја кожа*), калајот, како и виолината и хармониката што се автентични за сите предели во Ирска (Hidden Ireland, 2015: пар. 5). Токму овие инструменти според многу музичари на денешницата можат да пробудат чувства на борбеност, а во исто време и голема емотивност. Тоа било впрочем и идејата на Келтите – да ги опишат чувствата преку својата музика. Во 19 век фолклорните ирски

инструментални песни ја претставиле флејтата како носечки инструмент, заедно со виолината и гајдата (Sawyers, 2002: 48). Кога станува збор за музиката, мора да се споменат и музичките таленти, кои се главните „виновници" за ширењето на келтско-ирската музика. Ирските музичари се познати по тоа што поседуваат големи музички таленти од различни видови. Голем број од нив можат да свират на неколку инструменти, а исто така и да пеат прилично добро (Hidden Ireland, 2015: пар. 6). Постојат и голем број стари форми на келтска музичка интерпретација што се многу ретки во Ирска во ова модерно време, како што се практиките да се свири на виолина или пијано со одреден придружен вокал. Ваквите практики на музичка интерпретација на некоја мелодија можат да се најдат само во крајбрежните делови на земјата (Melhuish, 1998: 133). Овој уникатен спој претставува начин да се доловат приказните што се најчести мотиви во келтско-ирската музика.

Навраќајќи се кон минатото, постојат многу голем број интересни факти за ирско-келтската музика на територијата на Ирска. До 17 век свирачите на харфа биле често спонзорирани од ирската аристократија. Оваа традиција изумрела во текот на 18 век со падот на Галската Ирска. Најпознатиот харфист бил Турлоу Каролан (Turlough Carolan) (1670–1738), и над 200 од неговите композиции сè уште се познати низ цела Ирска (Sawyers, 2002: 28). Во однос на танците, Ирците се познати по своите веселби и фестивали каде што најчесто можеле да се сретнат келтските танци што останале зачувани од минатото. Едни од најпознатите танци се мазурката и хајлендите (Sawyers, 2002: 48).

Од сето ова може да се заклучи дека голем дел од музиката во ирскиот регион е келтска по својата природа, но ги има своите корени во локалните делови и крајбрежните градови (Melhuish, 1998: 133). Келтската музика има одредени поделби. Тие поделби ја поедноставуваат музиката што се раширила и дошла од териториите каде што доминирале Келтите како етнолингвистичка група. Во своето дело *Келтска музика: комплетен водич* (*Celtic Music: A Complete Guide*), авторот Џун Скинер Сојер (June Skinner Sawyers) идентификува шест келтски националности поделени на две групи според нивното лингвистичко наследство и припадност: Q-келтската група во која спаѓаат Ирците, Шкотите и Манксите, и P-келтската група во која спаѓаат Корнскијците, Бретонците и Велшаните (2002: 50). Еден од најпознатите келтски теоретичари на музиката во Ирска Алан Стивел (Alan Stivell) придонел

многу за развивањето на келтските мелодии од минатото, и како голем познавач на оваа култура дополнително направил своја поделба. Кај него постои галски народ (Ирци, Шкоти и Мански) и британски народ (Бретонци, Велшани и Корнскијци), кои меѓу себе имаат многу разлики кога станува збор за ирските мелодии (Sawyers, 2002: 50). Овие поделби подобро ја разграничуваат музиката и нејзините стилови и даваат голема прегледност за тоа кои стилови најмногу се рашириле.

Со ширењето на музиката се создале исто така и одредени музички поделби. Овие музички поделби по својата важност укажуваат дека секој келтски регион имал своја музичка насока, односно се развивал различно. Таков е случајот и со Ирска, која најсоодветно ја задржала вистинската природа на келтската музика. Имено, Ирска, Шкотска и Британија имаат постојни и посебни традиции на јазик и музика (Pintado, 2015: пар. 1). Музиката на Ирска најмногу е инспирирана од онаа на Келтите, и како таква се одделува од другите по својата уникатност и мелодичност. Во последно време се појави голем интерес за оживување на одредени традиции во овие региони уште повеќе (Pintado, 2015: пар. 6) за да се заштитат келтските музички вредности. Тоа оживување на традициите инволвира и голем број заборавени музички стилови, што само ќе ја збогатат музичката сцена во Ирска, која е келтска по својата природа, изградена врз келтски темели.

## 3.2 Келтски фестивали

Едни од најважните настани кога станува збор за келтското музичко наследство во Ирска се фестивалите, кои претставувале и сè уште претставуваат интегрален дел на оваа земја каде што најживописно може да се види келтската историја. Постојат неколку одредени и архаични видови келтски фестивали што го имале најголемото влијание во тоа време, а и денес. За почеток, Феис (Feis) е еден од нив, што претставува традиционален келтски фестивал за уметност и култура, во кој најмногу се одржувале и се одржуваат натпревари по ирско-келтски танц (Dubh Gall, 2015: пар. 1). Уште од минатите времиња може да се увиди како Келтите им давале посебно значење на музиката и на танцот. Верувале дека преку тоа не само што стануваат едно со природата туку и дека комуницираат со нивните божества и митолошки суштества. Во денешното

модерно време фестивалот Феис (Feis) ја има својата модерна преродба, како за етничките Галци и келтски Ирци, така и за фанатиците и ентузијастите на келтската култура во Ирска и низ светот (Dubh Gall, 2015: пар. 2). Со самото ширење на музиката низ светот, се проширувале и овие музички фестивали што се глобализирале со голема брзина. Во минатото тие не само што им давале голема важност на локалните фестивали каде што народот се собирал пеејќи и танцувајќи, туку имале и посебен афинитет и кон театарските претстави и спортот, што биле централна точка на тие собирања (Dubh Gall, 2015: пар. 1). Фестивалите имале разновиден карактер, и најчесто биле најголемото забавно случување како во минатото, така и во сегашноста. Во текот на нивното одржување најубаво може да се увиди келтското влијание врз Ирска.

Со појавата на келтскиот идентитет во 19 век започнала да се појавува и потребата од создавање и револуционаризирање на некои стари практики што би можеле да помогнат во тоа да се направи конекција меѓу Келтите и Ирска. Самиот тој концепт еволуирал во движењето познато како келтско оживување и развој на келтските нации. По Втората светска војна, фокусот на келтското движење се пренасочил кон лингвистичко оживување, односно зачувување и заштитување на келтските јазици, но и музичкото и фестивалското оживување, (The Celtic League, 2014: пар. 1-3) што биле најчестите начини за да се заштити минатото, и неговото движење да се насочи кон сегашноста и иднината. Келтската преродба на културата, како феномен исто така донела и многу нови музички и уметнички стилови што можат да се идентификуваат како келтски. Музиката била најчесто инспирирана од фолклорната традиција на келтските нации, како и харфата што била најпознатиот и најупотребуваниот келтски инструмент (The Celtic League, 2014: пар. 1). Овие инструменти го имале својот цут во текот на келтските фестивали, каде што можело да се слушнат мелодиите од минатото, кои станале дел од ирската традиција на модерниот свет. Со големата промоција на келтските фестивали се промовира и келтскиот идентитет и култура. Важноста на ова претставува начин преку кој ќе се осигури дека сето она што е келтско нема да биде заборавено. Па поради тоа, во последните години се појавија и културни настани за да се промовира меѓукелтската културна размена. Фестивалите се едни од тие големи настани (The Celtic League, 2014: пар. 3). Најважно е да се увиди како Келтите ги воспоставиле тие фестивали и која била најголемата причина.

Покрај музичките фестивали, постоеле и друг вид фестивали што биле од големо значење за Келтите. Пред да се премине кон објаснување на вториот вид фестивали, треба да се спомене дека Келтите на територијата на Ирска ја поделиле годината на два дела. Првиот дел претставувал светлина (*познат како „сам" или лето*), а вториот дел претставувал темнина (*и студ и бил наречен „гам" или зима*) (Blackwell, 2015: пар. 4). Од ова може да се увиди дека Келтите верувале во двојноста на нивната природа, и поради тоа нивно верување, годината ја поделиле на два дела. Но најинтересно е тоа што во текот на овие два дела Келтите воспоставиле четири главни фестивали. Според Ејми Блеквел и Рајан Хекни, овие фестивали биле тесно поврзани со нивната музика и уметност, но исто така имале и духовно-друидно (*како и фолклорно и митолошко*) значење, што пак укажува на тоа дека тие биле нивните најголеми празници, кои во некоја форма останале и денес. (Blackwell, 2015: пар. 4) Тие фестивали се:

- Имболк (*Imbolc*), како прв фестивал што се одржувал на 1 февруари. Тој ја прославувал божицата Бригид, која била асоцирана со раѓањето на јагниња и лактација на овците. (2015: пар. 4). Белтан (*Beltane*), како втор фестивал се одржувал на 1 мај. За прославата на овој фестивал, Келтите најчесто палеле огнови, играле околу дрвја, се веселеле и пееле песни. Овој фестивал бил посвет*ен на п*очетокот на летниот период. (2015: пар. 4). Повторно, во текот на празнувањето на овој фестивал посебна почит им била дадена на природата и на животот.
- Лугнаса (*Lughnasa*) како трет фестивал претставувал жетварски фестивал што се одржувал кон крајот на летото и го прославувал богот Луг. Свеченостите вклучувале играње игри, пиење, танцување, склучување бракови и одржување трки со коњи и со други видови животни. (2015: пар. 4).
- Самаин (*Samhain*) како четврт фестивал бил во точна кореспонденција со модерното славење на Ноќта на вештерките и го потенцирал крајот на летото. Ова било периодот кога се верувало дека гробовите се отвораат и духовите чекорат заедно со боговите и божиците (2015: пар. 4). Оттука се

потенцира мистицизмот на Келтите, а посебна почит им била дадена на нивните предци и на задгробниот живот.

Исто така, според Ејми Блеквел и Рајан Хекни, четирите горенаведени фестивали се славеле во целосна кореспонденција со сончевата рамноденица и сонцестоите, кои лесно можат да се идентификуваат користејќи ги соларните уреди што биле поставени во голем број мегалитски насипи. Келтите како народ биле маестрални астрономи, имајќи предвид дека немале модерни телескопи, а знаеле за постоењето на Меркур, Венера, Марс, Јупитер и Сатурн (Blackwell, 2015: пар. 4). Овие значења на фестивалите можат да се увидат и денес во модерните фестивали што претставуваат само одраз на оние од минатото, но сепак успеале да бидат зачувани со своите значења, и најважно од сè, со нивните пораки и нивната уникатност.

Денес овие фестивали се зачувани во форма на улични саеми, кои се придружени со музика, танци, штандови и кабини каде што се продаваат рачни изработки и разновидна храна.

## 3.3 Музичко наследство

Музичкото наследство на Келтите на територија на Ирска може да се увиди низ многу сфери во општеството. Добропознато е дека ако некој сака да престојува во ирска куќа, да биде гостин, значи дека мора да се искуси задоволството страсно да се слуша ирска традиционална музика барем еднаш во денот (Hidden Ireland, 2015: пар. 7). Оваа наклоност на Ирците укажува само на нивната склоност да бидат блиски со своето минато и со своето културно наследство. Концентрацијата на ирската музика, нормално, не е само во рамките на ирските домаќинства. Низ модерното време постои големо музичко наследство кога станува збор за ирската традиционална музика. Постојат голем број музичари што доаѓаат од Ирска, а кои достигнале голема слава со своите композиции на келтско-ирска музика. Добро е да се спомене дека едни од најпознатите традиционално фолклорни изведувачи што ја црпат својата инспирација од келтското културно наследство се Ења (Enya), Лорена МекКенит (Loreena McKennitt), и мјузиклот *Господарот на танцот* (The Lord of the Dance) креиран од Мајкл Флетли (Michael Flatley) (Letkemann, 2014: пар. 3-4)

за кои подетално ќе се зборува подолу, каде што ќе се увиди како тие ја имаат зачувано келтската музика, и проширено и промовирано не само во Ирска туку и надвор од нејзините граници.

Иако веќе укажавме на неколку дефиниции за она што значи келтска музика во Ирска, добро е да се потенцира дека самиот термин „келтска музика" ѝ се припишува на музиката што доаѓа (најчесто) од Ирска. Ова е поради фактот дека земјата продуцирала добропознати разновидни музички стилови што имаат уникатни заеднички и јасни влијанија од келтското музичко наследство (Melhuish, 1998: 121). На овој начин се добива појасна слика за тоа што значи келтска музика и кое е нејзиното значење на територијата на Ирска. Постојат голем број примери што укажуваат на континуирано оживување на келтските музички стилови и нивно инкорпорирање во модерната музика. Нормално, во секоја приказна постојат и негативни карактеристики. Се појави тврдокорна дебата за тоа дека ирската независност ѝ дозволила на Ирска да ја промовира „келтската музика" само како продукт што доаѓа од Ирска (Melhuish, 1998: 121). Нормално, тоа не е случајот, поради тоа што е добропознато дека секоја територија што има келтска заднина, има своја музичка карактеристика што е уникатна за таа земја или регион, како што можеше да се увиди погоре. Постојат јасни поделби за келтската музика и територииите низ кои се населиле Келтите.

Покрај тоа што келтската музика се развила на територијата на Ирска, исто така се развила и низ други држави каде што има многу иселеници од Ирска. Музиката на етничкиот келтски народ кој живее надвор од Ирска се карактеризира со забавни ноти. Најчест пример се оние иселеници што живеат во САД и Канада (Melhuish, 1998: 152). Постојат многу голем број докази што укажуваат дека келтско-ирската музика има големо значење во овие држави. Само во одредени региони и земји оваа музика е застапена во голем процент. Атлантскиот брег на Канада е многу добро познат регион каде што келтската музика е раширена, вклучувајќи ги островите Њуфаундленд, Кејп Бретон и Принц Едвард (Melhuish, 1998: 152). Правилно е да се претпостави дека келтската музика се раширила во овие земји токму со населувањето на Ирците и нивното прво доаѓање. Но фактите говорат дека најстарата музичка традиција со која се исковал терминот „келтски спој" првпат се појавила во руралните делови на југот на САД, со започнувањето на колонијализмот кога се воспоставиле

шкотските, ирските, велшките и англиските културни и музички влијанија (Harper, 2005: 101). Ова проширување значело дека келтската музика имала силно влијание со својата мелодичност и уникатност.

Келтската култура во модерното време има големо влијание и врз самата музика и нејзиното значење. Како што беше споменато претходно, келтската музика има влијание и врз сите други жанрови на популарна музика, вклучувајќи електроника, рок, метал, панк, хип-хоп, реге, нововековна, латино, и поп. Сите овие модерни музички интерпретации на келтската музика се познати како жанрови на келтска фузија или мешање (Harper, 2005: 101). Келтската фузија е многу застапена во модерната музика, при што примамува со својата мистика и едноставна мелодичност. Покрај движењето на оваа фузија, се појавиле и голем број поединци што сами по себе придонеле за ширењето и запазувањето на келтската музика. Не би било соодветно да не се спомене сето она што го направил Бретон Талдир Џафреноу (Breton Taldir Jaffrennou) (*французин по потекла*) за панкелтската музика. Самиот тој, во текот на двете светски војни, компонирал келтски мелодии што биле по потекло од Ирска, Шкотска и Велс (Koch, 2005: 1627). Овој негов придонес се смета за големо богатство, бидејќи го ширел келтското музичко наследство насекаде. Донекаде тој претставува татко на модерната келтска музика. Еден од неговите најголеми придонеси за келтското културно наследство било да ѝ даде поголема популарност на песната Hen Wlad Fy Nhadau (велшката химна) на двата острова, и да создаде соодветен превод на англиски јазик. Оваа химна прераснала во песната Bro goz va zadoù[14] (Koch, 2005: 1628). На овој начин се запазиле дел од старите келтски песни што биле умешно и успешно внесени во модерна музичка форма. Оваа модерна форма на национална мелодија и на национална песна е присутна и денес. Со нејзиното постоење се укажува на тоа дека Келтите како народ не можат никогаш да се заборават, односно дека живеат во сегашноста, и се едно исто со ирскиот народ. Од друга страна го имаме Алан Стивел (Alan Stivell), кој исто така со својата индивидуална работа придонел за запазување на келтицизмот на територијата на Ирска. Во 70-тите години тој започнал да компонира и да свири келтска музика, која во голема мера ја популаризирал не само во Ирска туку и низ Европа (Koch, 2005: 1628).

---

[14]Во превод: *Старата земја на моите претци*

Во однос на конкретните пример за тоа кои биле најголемите и највлијателни двигатели во ирската музика, покрај гореспоменатите двајца, не може а да не се спомене бендот Кланад, како и Енја, Лорена Мекенит и мјузиклот *The Lord of the Dance* креиран од Ирецот Мајкл Флетли.

Во текот на 1970-тите години ирскиот бенд Кланад го оставил својот белег со своите фолклорни и традиционални мелодии, последователно поврзувајќи ја традиционалната келтска музика со поп-музиката (Harper, 2005: 110). Популарноста што била достигната со оваа нова фузија на поновото време придонела светот повеќе да дознае за келтската музика и мелодија. Во текот на 1980-тите и 1990-тите години, бендот Кланад успеал да ги инкорпорира келтските музички елементи во новите музички движења, џезот и фолк-рок жанрот (Harper, 2005: 110).

Една од најпознатите ирски изведувачи на келтска музика е Енја. Енја[15] е родена на 17 мај 1961 година во Ирска. Позната е како ирски музичар, инструменталист, текстописец и композитор, која првично е инспирирана од келтската култура и историја (Enya, 2015: пар. 1). Нејзините мелодии секогаш се карактеризираат со милозвучност инспирирана од келтската уникатност, со која придонела да се прошири келтската култура преку нејзините мелодии. Енја била родена и израсната во Гведор (Gwedore), областа Донегал (Donegal), што се наоѓа во северозападниот дел на Ирска. Таа има ирско потекло, поточно доаѓа од ирско католичко семејство (Enya, 2015: пар. 1). Нејзиното потекло било пресудно за таа да ја истражи келтската култура и со тоа да се впушти во светот на музиката. Енја ја започнала својата кариера во 1980 година, кога се придружила кон фамилијарниот бенд Кланад. По кратко време ја започнала својата соло-кариера. Својот успех го достигнала во 1986 година кога ја компонирала музиката за телевизискиот документарец на BBC наречен *Келтите* (*The Celts*) (Warner, 2015: пар. 1). Нејзиното целосно вклучување во светот на Келтите бил од самите почетоци. Иако била дел од Кланад, таа продолжила да ја истражува историјата на својата земја и од тоа ја црпела најголемата музичка и културна инспирација. Музиката на Енја е најчесто дефинирана како духовна и небесна со голема доза на мистицизам и магија, како што биле дефинирани и Келтите (Sullivan, 1997: пар. 1). Таа мистика од

[15]Цело име Eithne Ní Bhraonáin (што е типично келтско име приспособено на ирски начин), и дополнително приспособено на англиски јазик како Enya Brennan (Enya, 2015: пар. 1)

минатото што ги карактеризирала Келтите, успеала да биде пренесена и низ нејзините мелодии.

За нејзината најголема љубов, музиката, Енја има кажано: „*Своите инспирации ги црпам од ирската, келтска, црковната и класичната музика, и така продолжувам да живеам, со таа љубов*“ (Sullivan, 1997: пар. 1).

Следно, личност што не доаѓа од Ирска, но има придонесено многу за келтско-ирската музика е Лорена Мекенит. Лорена Изабел Ајрин Мекенит (Loreena Isabel Irene McKennitt) е родена на 17 февруари 1957 година во Канада, а потекнува од ирско и шкотско семејство. Таа е позната како канадски музичар, композитор, харпист, хармоникаш и пијанист. Пишува, твори, компонира и изведува претежно келтска музика (McKennitt, 2015: пар. 1-3). Нејзините многубројни таленти укажуваат на нејзината посветеност кон келтската музика. Додека растела, Лорена ја развивала својата страст кон келтската музика и поради тоа првично научила да свири на келтска харфа (Washburn, 1994: пар. 1-4).

Како еден од најпрепознатливите инструменти од келтската култура, харфата, била само првиот предизвик за неа. Со сите нејзини замисли и голема имагинативност, Лорена ги компонирала едни од најпрепознатливите келтски мелодии на денешницата. Музиката на Лорена најчесто е класифицирана како келтска музика, иако користи и аспекти и карактеристики на музички жанрови од целиот свет. Најчесто е класифицирана и како фолклорно-келтска музика (McKennitt, 2015: пар. 1). Таа е еден од најдобрите примери за користење фузија / спој (*кој беше објаснет погоре*) на келтска музика со одредени жанрови што даваат уникатен призвук. Поради ова и поради чистата употреба на келтски инструменти, таа стана една од најпознатите музичари на келтско-ирска музика. Интересно е да се спомене дека пред да ги компонира албумите Elemental и Parallel Dreams, Лорена патувала низ цела Ирска за да ја пронајде својата келтска инспирација. Додека престојувала таму, ги истражувала историјата на земјата, нејзиниот фолклор, митологија, географија и култура (Todd, 1996: 185). Оваа преданост е карактеристична за неа, имајќи предвид дека има долги периоди меѓу објавувањето на секој албум посебно. Тоа ѝ дало повеќе време да се внесе во светот на Келтите и да ја прошета Ирска, каде што можела да ги види остатоците на келтската култура и културното наследство.

Лорена за својата љубов кон Келтите и Ирска има изјавено:

*„Се вљубив во она што го запознав како келтска музика. Тоа беше во 1970 година. Но навистина ја осознав таа љубов кога почнав да се поврзувам со келтската историја и култура. Во 1991 година во Венеција присуствував на келтска изложба на артефакти и научив за географското и историското ширење на Келтите. Отогаш бев вовлечена во богатата и стара таписерија на звуци, мелодии и приказни. Ги открив митовите и традициите што си наликуваа една на друга низ целиот свет, и ги запознав Келтите кои имаа слични карактеристики со луѓето од целиот свет, а сепак имаа своја уникатност*".

(McKennitt, 2015: пар. 3).

Најпознатиот ирски мјузикл, кој со својата ирско-музичка уникатност се проширил низ целиот свет е мјузиклот *Господарот на танцот* (*The Lord of the Dance*) креиран од Ирецот Мајкл Флетли. Пред да го создаде овој мјузикл, Мајкл ги имал своите почетоци во танц во друг ирски мјузикл наречен Riverdance. Но во 1995 година тој го напуштил шоуто за да се фокусира на неговата ирска продукција. Уште од мали нозе тој сонувал да создаде свој ирски мјузикл каде што ќе може да му ги прикаже на светот ирската музика и ирскиот танц. Со неговата генијалност тој почнал да создава нови хибриди на ирски танци што подоцна му послужиле како основа за да ја достигне славата, која ја има денес (Lord of the Dance, 2015: пар. 1-2). На овој начин Мајкл ја инкорпорира традиционалната ирска музика на нов иновативен начин што бил позитивно прифатен од публиката низ светот.

Откако Мајкл успеа да ја достигне својата визија со *Господарот на танцот* (*The Lord of the Dance*), неговото име почна да се поврзува со самиот мјузикл и стана синоним за ирска музичка уметност што е визуализирана преку грандиозна продукција. Со својот талент, Мајкл успева да го реформира традиционалниот ирски танц со внесување нови елементи. Сето ова резултира со едни од најпознатите ирски танцови мјузикли на модерното време, како Lord of the Dance, Feet of Flames and Celtic Tiger. Мјузиклот *Господарот на танцот* има надминато многу рекорди низ целиот свет. Во 1998 година *Lord of the Dance* постави нов рекорд на 21 консекутивно шоу во арената Вембли во Лондон. Ова

е рекорд што до ден-денес не е надминат (Lord of the Dance, 2015: пар. 3). Мајкл влезе во светот на музичко-танцовата уметност со својот иновативен пристап, креирајќи уникатно визуелно дело (Lord of the Dance, 2015: пар. 3). Со ова визуелно дело тој успеа да го пренесе келтско-ирскиот танц низ целиот свет и со тоа да ги пренесе и културата и уметноста.

# 4 Келтска лингвистика во Ирска

Кога станува збор за лингвистиката, мора да се земат предвид комунказиските канали што се потребни за да се оствари, да се задржи и да се пренесе некоја порака. Поради тоа, потребно е да се изнајде соодветна дефиниција за тоа што навистина претставуваат лингвистиката и комуникацијата. Според Серена Нанда и Ричард Л. Вармс во нивната книга *Културолошка антропологија* (*Cultural Anthropolgy*), комуникацијата претставува чин на пренесување порака што влијае врз однесувањето на друг организам. Комуникацијата (*а со тоа и интеракцијата*) во сите видови животни форми зависи од доследен збир на сигнали со кои вклучените страни пренесуваат информации. Овие сигнали се пренесуваат преку визуелни, мирисни, звучни и допирни сетила (Nanda, 2004: 95). Ова дава една генерална идеја за тоа што значи комуникацијата, односно како луѓето комуницираат едни со други. Ова се однесува и на јазикот, кој претставува преносно средство за да се оствари еден вид од таа комуникација. Нормално, кога станува збор за Келтите, тие оставиле голем број траги во Ирска во однос на нивното лингвистичко богатство (Celtic Ireland, 2015: пар. 8). Овие траги ги вклучуваат и нивниот јазик по кој биле најмногу препознатливи, и кој им помогнал првично да се обединат и да се дефинираат како Келти, односно како етнолингвистичка група, односно племе.

Келтскиот јазик како многу стара јазична група сè уште постои на територијата на Република Ирска. Тие јазични траги можат да се видат на илјадници живеалишта што можат да се најдат распространети низ многуте региони во Ирска, во имињата на градовите и луѓето, мнозинството на светците и мисионерите, зачуваните ракописни дела, скулптури и метални изработки. (Celtic Ireland, 2015: пар. 4). Ова покажува дека во најосновните форми на

употреба на јазикот, келтските морфолошко-синтаксички траги го нашле својот дом.

Употребата на некоја форма на келтски јазик сè до појавата на гладот на територијата на Ирска, сега може да се пронајде низ одредени мали делови на островот каде што се користи како малцински јазик, и каде што може да се сретне во прекрасната традиционална музика и во рамките на едни од најбогатите фолклорни приказни во светот. (Celtic Ireland, 2015: пар. 4). Преку овие форми на посебност, Келтите се присутни како низ музиката, така и низ нивниот јазик и сите морфолошко-синтаксички форми што можат да се најдат низ Ирска како показатели на минатото, што никогаш не изумреле.

Иако со текот на времето јазикот се менувал и еволуирал, добро е да се спомене дека јазичните карактеристики по својата суштина сепак останале келтски. Денестие претставуваат големо и богато наследство за целиот ирски народ (Celtic Ireland, 2015: пар. 4). Последователно, ова наследство претставува едно од најважните, и се смета дека е она што има големи шанси за најдолго опстојување. Британските Острови биле населени илјадници години, но не се знае ништо за нивните јазици, сè додека келтските племиња не се доселиле околу 200 година пред нашата ера. Тие племиња зборувале на јазик што денес е познат како келтски јазик (Rubenstein, 2008: 147). Келтите не само што ја донеле својата примитивна култура на двата острова туку го донеле и својот јазик што го достигнал својот развој. Исто така, јазикот почнал да се модифицира и да се концентрира само на одредени територии.

Околу 450 година од нашата ера, одредени племиња од континентална Европа го нападнале островот и ги протерале Келтите во далечните северни и западните делови на Велика Британија, вклучувајќи ги Корнвал и планинските предели на Шкотска и Велс, и нормално во соседниот остров што денес е познат како Ирска (Rubenstein, 2008: 147). Со овие промени, келтскиот јазик најмногу се утврдил на територијата на Ирска, каде што во најголема форма останал и до ден-денес. Келтското лингвистичко наследство по својата природа претставува големо богатство за ирскиот народ. Затоа посебната филолошка гранка на изучување на овој јазик претставува голем чекор за задржување на келтскиот идентитет во Ирска. Имено, филологијата што се однесува на изучување на келтските лингвистички наследства има цел да ги следи и малите и големите работи што се насочуваат кон науката на обединетоста на овие јазични траги

(Arnold, 2014: 30). Со тоа следење се трасира патот на самиот келтски јазик, кој влијаел многу врз ирскиот дијалект и посебноста на келтско-ирската врска, која ќе биде анализирана подолу.

## 4.1 Лингвистички почетоци

Како што е веќе познато, постои големо дрво на јазици, кое прегледно го дава потеклото на секој јазик во светот. Келтската гранка на индоевропските јазици е од посебен интерес за англискиот јазик, бидејќи бил главниот и доминантен јазик на Британските Острови пред да нападнат германските Англиканци, Јути и Саксонци (Rubenstein, 2008: 169). Уште од самиот почеток можеме да увидиме дека станува збор за еден вид симбиоза на овие јазици. Дополнително на ова, пред две илјади години келтските јазици се зборувале во голем дел од денешна Германија, Франција и северна Италија, како и на Британските Острови (Rubenstein, 2008: 169). Со самото населување на Келтите на овие простори, почнале да се утврдуваат и јазиците што ги користеле тие. Тие јазици потоа придонеле за да се прошират и да се надградат веќе постојните јазици на тие територии. Во однос на поделбата на дрвото на јазици, добро е да се спомене дека келтската гранка на јазици е поделена на две групи, и тоа: Гоиделик (Галски) и Бритонски. Само два гоиделски јазици денес имаат преживеано, и тоа ирско-галскиот јазик и шкотско-галскиот (Rubenstein, 2008: 169). За целта на овој магистерски труд, интересот е насочен нормално кон ирско-галскиот јазик, кој претставува спој од англиски и келтски, и како таков има задржано многу карактеристики од првичниот келтски јазик.

За да се објасни проблематиката малку подетално, треба да се потенцира дека од двете поделби на келтски јазици на галски и кимриски, галскиот според многу теоретичари и научници е поврзан со помладата синтетизирана група јазиц,и како што е санскритската, грчката, латинската и тевтонската. Од друга страна, кимриската група јазици ѝ припаѓа на постарата и аналитичка урало-алтајската група јазици (Arnold, 2014: 30). Оваа поделба дава попрецизен преглед за тоа од каде потекнуваат келтските јазици и кои се нивните корени.

Од друга страна, го имаме стандардниот англискиот јазик. Историјата на англискиот јазик најчесто се верува дека започнува во средина на петтиот век, кога неколку германски племиња се укотвиле во она што денес го знаеме како

Англија и започнале да го асимилираат келтското локално население (Norton Anthology, 2000: xlix). Со оваа асимилација дошлоа до мешање на повеќе јазици, и малку по малку оставале свои траги врз јазикот што денес е познат како англиски. Фактите и информациите се неминовни, и покажуваат на тоа дека два јазика имаат создадено еден. Самото освојување на келтскиот народ од Британија од страна на Англосаксонците и последователното мешање на двата народа резултираа со кореспондентно мешање на нивните јазици. Во староанглискиот јазик можат да се увидат голем број примери од зборови што се и келтски и англосаксонски (Baugh, 2003: 74). Овој вид келтско културно наследство претставува форма на запазување на јазикот, преку запазување на друг јазик.

Од 18 век па наваму се воспоставило верување дека секоја нација заслужува да има свој јазик. Тоа било случај и со Ирска, каде што се верувало дека самата политичка независност треба да ѝ претходи на лингвистичка независност (Norton Anthology, 2000: xlviii). Ова верување било поддржано од фактот дека Ирците го имале чувството за одделност, поради нивното верување дека доаѓаат и припаѓаат на келтската раса, а со тоа и дека го имаат еден од најуникатните јазици од историјата – келтскиот.

Но, нормално, не било сè толку едноставно. Во секоја заедница каде што се користи одреден јазик постојат сили што придонесуваат за создавање нови разлики: географска и социјална поделба на заедниците што користат некој јазик, нивните различни културни интереси, нивниот контакт и поврзаност со други култури и други јазици, како и универзална наклоност кон внесување новини во јазикот (Norton Antology, 2000: xlviii). Како што беше веќе споменато погоре, се претпоставува дека со независноста на Ирска се осамостоил и ирскиот јазик што тогаш бил под силно влијание од келтските јазици што можеле да се најдат и да се трасираат само во руралните области на земјата.

Поделбата иако во голема мера застапена на територијата на Ирска, влијаела и предизвикала голем број конфликти. Иако најголемата причина била религијата, сепак донекаде се смета дека и јазикот имал одредена улога. Јазикот како форма продолжил да се менува со своето влегување во рано модерниот период (Norton Anthology, 2000: xlix). И со тоа продолжување на промени, се менувала и културата кај луѓето, нивната улога во општеството и начин на интеракција.

## 4.2 Лингвистичка еволуција и регресија

Веќе е добро познат фактот дека келтските јазици претставувале една од најбогатите групи на индоевропската фамилија на јазици (Baugh, 2003: 34). Тоа богатство претставувало начин да се задржат многу карактеристики и форми што се застапени и денес. Беше исто така споменато дека во текот на самите почетоци на христијанството Келтите можеле да се лоцираат во Галија и Шпанија, како и во Британија, Западна Германија и Северна Италија, што значи дека тие покривале голема територија од Западна Европа, (Baugh, 2003: 34), што пак значи дека и нивните јазици се развивале и се ширеле низ сите тие територии, оставајќи ги своите траги.

Денес многу е јасно дека келтските јазици придонеле многу кога станува збор за опстојувањето на нивната култура. Поради тоа, Ирска е земјата што најмногу има да понуди докази за постоењето на сите овие јазици и оваа култура. Но сепак, секогаш постојат проблеми или неконзистентности кога станува збор за трасирањето соодветни периоди и што навистина се случило во нив. На територијата на Британија и Ирска постојат голем број контрадикторни теории кај научниците што го изучуваат Келтите, кои велат дека не постои точен период што може да каже кога навистина тие се доселиле во Англија (Holmes, 1936: 444). Со ова, не може да се даде ни одреден период кога навистина келтските јазици почнале да се развиваат. Кога станува збор за лингвистичкото опстојување на некој народ и неговиот јазик, мора да се имаат предвид многу фактори, кои се дел од секое општество. Имено, опстојувањето на кој и да било јазик зависи од политичката и воената сила на оние што го користат и го зборуваат. Келтските јазици речиси исчезнале поради тоа што Келтите ја изгубиле територијата што некогаш ја контролирале и ја поседувале, а воедно и ослабеле како воена сила (Rubenstein, 2008: 169). Иако биле познати како воен народ, сепак предоминантноста на природата, а воедно и на другите народи си го направиле своето. Со секое освојување на териториите на Британија и Ирска, келтските јазици биле се повеќе заборавани и оставани во минатото.

Еден од поинтересните факти вели дека Во 1300 година на Ирците им било забрането да го зборуваат својот јазик во присуство на своите господари

што доаѓале од Англија (Rubenstein, 2008: 169). Со оваа забрана дошле многу тешки периоди за Ирците, токму поради тоа што знаеле дека нивниот јазик е базиран врз келтските јазици, а самото тоа укажува и на националниот идентитет што тие го сметале дека има келтско потекло. И тогаш се случила една од посериозните и потажни настани во историјата на Ирска. До 19 век ирските деца биле принудени да носат таблички закачени околу нивниот врат додека биле на училиште. Секој учител запишувал цртка на самата таблица тогаш кога некој ученик или ученичка ќе изговорел некој ирски збор, и на крајот од денот се доделувала казна во однос на бројот на добиени цртки во текот на денот. Нивните родители биле принудени да ги советуваат своите деца да го изучуваат англискиот јазик за да можат да се вработат и да имаат добар живот (Rubenstein, 2008: 169). Со текот на годините ирскиот јазик почнал да исчезнува. Иако ова придонело да се изменат работите до голема мера и да влијаат врз изумирањето на келтско-ирскиот јазик, сепак опстојувањето продолжило во некоја форма. Голем број луѓе во Ирска што имаат келтска заднина ги знаат јазиците како на нивните англиски или француски освојувачи, така и на своите келтски предци (Rubenstein, 2008: 169). Скришното учење и зачувување на нивниот јазик не било пример само за овие народи. Историјата познава многу примери дека тоа се случувало и во други држави и области низ светот.

Постојат голем број докази што укажуваат на тоа дека голем број луѓе што зборуваат келтски сè уште постојат на територијата на модерна Република Ирска. Ова може да се воочи без проблем, бидејќи голем број места имаат келтски имиња и се распространети низ територијата на Ирска и дел од Британија (Zachrisson, 1927: 55). Како што беше укажано погоре, имињата на сите овие места укажуваат дека келтицизмот не само што не е изумрен туку е и многу застапен во секојдневниот живот на ирскиот народ. Во однос на ирскиот јазик, општоприфатен е фактот дека падот на ирската аристократија била причината за падот на самиот јазик, и за тоа како тој бил прифатен од страна на луѓето. Спротивно на тоа, англискиот јазик станал јазик на правото, политиката и администрацијата, а во целост и јазик на економијата и трговијата. Англискиот јазик прераснал во јазик на писменоста, а со текот на времето и се проширил во религијата, односно во богослужбата (Celtic Ireland, 2015: пар. 7).

Оваа глобализација настанала поради големата моќ на англискиот народ. Келтско-ирскиот јазик бил потиснат, но не изумрел целосно.

Државниот систем на основно образование од 1830-тите години, како и фактот дека англискиот јазик станал јазик на политиката биле првичната причина да се забрзаат ширењето и употребата на самиот јазик и кај сиромашните луѓе. До 1801 година, една четвртина од вкупната нација зборувале ирски. До 1851 година оваа бројка опаднала до само 5 проценти, додека пак помалку од една четвртина од луѓето признале дека можат до некаде да го зборуваат ирскиот јазик. (Celtic Ireland, 2015: пар. 6). Низ годините и со влијанието на другите доминантни народи, келтскиот јазик ја достигнал својата најголема регресија.

Со самата регресија на келтско-ирскот јазик се појавил друг феномен што не бил до толку очекуван. Самото тоа повлекување им дало предност за развој на италијанските и на германските јазици, преку ширењето на литературата и музиката (Baugh, 2003: 34). Но постоеле и се појавиле и многу други фактори што предизвикале да се заборави ирскиот јазик. Големата смртност поради гладот на посиромашните граѓани меѓу ирското население драматично ја намалила популацијата на луѓе што зборувале ирски јазик. Додека, пак, феноменот на иселување кон земјите што зборувале англиски јазик била силна причина повеќе да се научи англискиот јазик, а со тоа и да се остави ирскиот јазик во минатото (Celtic Ireland, 2015: пар. 6). Ова прво повлекување на келтскиот јазик претставувало почеток на неговото постепено исчезнување. Една работа треба да се запомни, а тоа е дека очекуваната регресија на јазиците (*како што е келтскиот*) дава одличен пример за тоа дека треба да бидат преземени сериозни чекори за да не се продолжи со овој тренд на изумирање на јазиците (Rubenstein, 2008: 170). Со ударот на глобализацијата и модерните времиња, не е чудно старите јазици комплетно да исчезнат во иднина.

Светот е соочен со ширење на употребата на само неколку јазици, што претставува позитивен феномен за само одреден број земји што имаат голема политичка и економска сила. Поради ова, речиси незначајната група што го зборува келтскиот јазик мора да направи одредени отстапки за своето зачувување и на својот културен идентитет (Rubenstein, 2008: 170). Модерното време, спротивно од искажаното, докажало дека сепак келтскиот јазик опстојува низ времето.

## 4.3 Лингвистичко наследство

Покрај фактот дека келтско-ирскот јазик го доживеал своето повлекување, првите години на модерното време донеле промени што се однесувале на тоа дека сепак келтско-ирскиот јазик имал шанса да преживее, односно да оживее. Од самата потреба да се изнајдат докази за преживувањето на келтскиот јазик, истражените извори даваат скудни одговори на сите прашања. Ваквиот вид одговори, односно докази што преживеале низ времето се докази што можат да се најдат кај топонимите на територијата на Ирска и Англија (Ekwall, 1924: 75). Лингвистичкото наследство почнало да се пронаоѓа во најмалите работи на територијата на Ирска. Погоре беше споменато дека постојат многу видови топоними што се келтски според својата лингвистичка природа и што го зачувале келтското културно наследство. Пример за ова е кралството Кент (Kent), кој збор потекнува од келтскиот збор *Canti* или *Cantion*, чие значење е непознато, додека пак двете нортумбријански кралства Деира и Берниција (*Deira and Bernicia)*[16] доаѓаат од келтски племенски имиња. Други области, особено во западниот и југозападниот дел од Ирска, ги имаат зачувано своите имиња од келтските ознаки што биле користени во минатото. *Devonshire* го содржи племенското келтско име Думони (Dumnonii) (Ekwall, 1924: 75). Од сите овие примери може да се види дека келтицизмот опстојува низ модерните времиња без оглед на сите препреки што се појавиле во минатото.

Во модерното време келтските јазици преживеале само во далечни и затскриени делови на Шкотска, Велс и Ирска, и во делови на Северна Европа и во одреден дел во Франција (Rubenstein, 2008: 168). Најраспространет од сите тие е англо-ирскиот јазик, кој сепак влече некои карактеристики и од старокелтските јазици и од келтско-ирскиот јазик. Самата уникатност на англо-ирскиот јазик се добива од мешање на влијанието на ирскиот јазик, влијанието на Шкотите, најмногу во североисточниот дел, и природната оригиналност на

[16]Кралството Нортумбрија било средновековно англиско кралство во регионот на денешна северна Англија и југоисточна Шкотска, кое подоцна стана обединето англиско кралство. Името ја одразува приближната јужна граница кон територијата на кралството. Нортумбрија била формирана од страна на Етелфирт во централниот дел на Велика Британија во англосаксонските времиња. На почетокот на 7 век двете царства Берницииа и Деира се обединиле (Ekwall, 1960: 55).

англискиот јазик, кој во 17 век бил донесен во Ирска од западна Англија (Baugh, 2003: 318).

Исто така, во модерното време постои процес на континуирано оживување на келтските јазици. Бројот на луѓе што течно го зборуваат келтско-ирскиот јазик се зголеми во последните години, и тоа најчесто кај младите. Ирски пејачи, вклучувајќи и многу рок-групи, почнуваат да ги снимаат и да ги издаваат своите песни на келтски јазик (Rubenstein, 2008: 169). Сите овие процеси на оживување на келтскиот јазик се зголемуваат сè повеќе. Од 1996 година почна да се емитува ТВ-програма само на келтско-ирски јазик. Во 2005 година патните знаци на англиски јазик биле забранети за употреба. Самиот процес на оживување на овој јазик е предводен од млади луѓе што сакаат да се разликуваат од Англичаните (Rubenstein, 2008: 169). Младите генерации заземале чекори што придонеле за оживување на келтската историја. Исто како и со музиката, младите генерации почнале да креираат симбиоза на келтицизам со веќе воспоставеното англиско влијание на територијата на Република Ирска, и до некој степен зачувувајќи го келтското наследство.

Денес келтските јазици (*во каква и да било форма*) можат да се најдат во северните делови на Франција и Ирска; во деловите во кои некогаш биле предоминантни, а сега оставиле само мала трага од нивното постоење (Baugh, 2003: 34). Во овие периоди тие најчесто се присутни низ малите места, селата и оние предели што не можат толку лесно да потпаднат под влијание од глобализацијата на светот. Навраќајќи се на Ирска, познато е дека келтско-ирскиот и англискиот јазик се двата официјални јазика во земјата, кои се заштитени како со Уставот, така и со законодавството на Европската унија. Келтско-ирскиот јазик го зборуваат само 350.000 жители, односно 7% од целата популација (Rubenstein, 2008: 169). Модерното време ги донело модерните промени. Иако минатото се докажало како тежок период за лингвистиката на територија на Ирска, модерното време заедно со демократските вредности донеле нови промени и нови можности. Со сигурност може да се каже дека денес официјални јазици во Република Ирска се ирскиот и англискиот (Макаровски, 2004: 310). Зачувувањето на ирскиот јазик и неговата ревитализација е континуиран процес што сам по себе открива многу нешта како за потеклото, така и за значењето на ирскиот народ.

Предвидувањата за иднината нормално не се многу оптимистички и тоа е факт што мора да се има предвид. Се претпоставува дека ако не се направи некој план за заштитување на јазиците (во овој случај на ирските видови јазици и келтскиот), неминовен е фактот дека на крајот, уште една гранка на индоевропски јазици едноставно ќе исчезне (Baugh, 2003: 35).

# 5 Келтска уметност во Ирска

Кога зборуваме за Келтите и за нивното културно наследство, мора да се анализира уметноста што била интегрален дел од нивното опстојување. Се верува дека келтската етнолингвистичка група претставува уникатност сама по себе, а келтската култура, јазик и уметност само дополнителни феномени што останале низ времето (Kuic, 2015: 121). За биде изработено одредено уметничко дело, потребно е да се поседува голема имагинација и богата културна заднина. Па затоа, имагинативноста може да се сретне олицетворена во ликовната уметност, и тоа во големо изобилство (Минсини, 2004: 55). Уметноста е сеприсутна кога зборуваме за Келтите и за нивното опстојување на територијата на Ирска. Самиот народ не само што бил наклонет кон натприродното, туку бил исто така и наклонет кон уметничкото – да се создаде нешто посебно, олицетворено во нешто опипливо.

Една од големите карактеристики на ирското културно наследство е надмоќта на келтската уметност и нејзините карактеристики, како и дизајнот и архитектурата на ранохристијанскиот период. Овие аспекти на уметноста на Ирска се разликуваат од речиси сите други земји и народи во светот (Hidden Ireland, 2015: пар. 8). Иако постоело уметничко движење уште во раните години на нивното доселување во Ирска, врвот на уметноста бил достигнат со донесувањето на христијанството на самиот остров. Во тој период (*односно околу 5 век од нашата ера*) започнала уметничка традиција што може да се трасира од раното бронзено време, па сè до првото распространување на ирската уметност во ранохристијанскиот келтски период. Ова се изедначува со доаѓањето на св. Патрик, па сè до војната и пустошот на Викнизите и нивната инвазија што се случила во 9 век (Arnold, 1977: 9). Најголемите и највеличествените изработки дошле од тие периоди.

Ирската уметност била создадена на самиот остров и во државите каде што келтската култура била застапена (Missigen, 2015: пар. 1). Тесната поврзаност со Ирска и со Келтите на полето на уметноста е видлива и присутна. Прашањето е сепак насочено кон тоа кога се појавила келтско-ирската уметност. Доказите покажуваат дека најраните форми на келтско-ирска уметност биле најдени во камените резби, кои датираат од 2500 години пред нашата ера. Овие камени разби биле дел од мегалитски камени споменици и гробници. Многу честа била изработката на камени садови за погребални обреди, кои биле украсени со геометриски дизајни и брановидни линии (Missigen, 2015: пар. 1). Може да се увиди дека природата играла голема улога и во уметничките подвизи на Келтите, кои не ја уништувале природата, туку само ја надополнувале и украсувале со своите изработки. Но тоа не е сè. Има големи примери на уметничко сликарство и изработка на религиски книги што се сметаат за најголемото уметничко богатство на Ирска (Missigen, 2015: пар. 1). Нивната важност и што навистина претставувале ќе бидат објаснети подолу, а како таква погоре беше спомената книгата Келс (Kells).

## 5.1 Почетоци на келтската уметност

Иако сепак нема некој одреден период што може да се препише на започнувањето на келтската уметност во Ирска, може да се разгледа најраните откритија на уметност. Келтската уметност во Ирска може да се трасира од железната доба. Имено, декорациите во Њу Грејнџ и Кноут (New Grange и Knowth)[17] многу се разликуваат една од друга. Дури постојат и примитивни обиди на живописна уметност, вклучувајќи и сликање нејасни животински фигури (Arnold, 1977: 11). Нормално, со одминувањето на времето почнувале да настануваат и одредени промени. Ритуалните декорации на ранобронзеното време на надгробните плочи го докажуваат тоа. Келтите користеле уникатни

[17]Мегалитските гробници во Њугрејнџ (Newgrange), Кноут (Knowth), Доут (Dowth), Фоурнокс (Fourknocks), Лоукру (Loughcrew) и Тара (Тара) се наоѓаат во округот Мит на источниот брег на Ирска. Мегалитските структури во Њугрејнџ (Newgrange), Кноут (Knowth) и Доут (Dowth) биле изградени околу 3200 п.н.е. што ги прави постари и од Стоунхенџ во Англија и пирамидите на Гиза во Египет. Тие биле изградени од страна на тогашните земјоделски заедници пред околу 5000 години. Гробниците имаат јасно астрономско израмнување, како на пример зимската краткоденица и изгрејсонце во Њугрејнџ и рамноденицата и изгрејсонцето во Лоукру. Судејќи според сјајот и величественоста на Њугрејнџ и Кноут, веројатно е дека овие храмови биле места од астролошко, духовно, верско и церемонијално значење (Knowth, 2014: пар 1).

техники на спирални фигури и кружни форми, дијаманти, цикцак, триаголници и квадрати, кои можат да се најдат изрезбани на камена површина (Arnold, 1977: 9). Каменот за нив претставувал првичната површина каде што тие можеле да ја изразат својата уметничка природа. Една од најчестите првични форми на уметност, а обработката и украсувањето на камена површина. Најпознатиот рабен камен што се наоѓа во Њу Грејнџ е покриен со шема од спирали, кои претставувале мотиви што се користеле за да се декорираат гробниците (Arnold, 1977: 9). Постојат и голем број остатоци на камени површини на кои можат да се види умешност на келтската декорација. Но добро е да се спомене дека уште пред доаѓањето на Келтите постоела некоја форма на уметност на ирскиот остров. Уметноста и умешноста за декорација во тој период останале прилично примитивни, сè до доаѓањето на овој народ. Нивната миграција целосно завршила кон крајот на 3 век пред нашата ера (Missigen, 2015: пар. 1). Оттогаш натаму настануваат значителни промени во однос на уметничкото изразување.

Но што навистина значело тоа? Кои биле тие промени? Има голем број докази што укажуваат дека раната келтска уметност прикажувала златни и сребрени орнаменти што најчесто се искористувале како декорација во накитот, како и бронзата и железото што биле инкорпорирани во мечовите и оружјата. Овие предмети биле декорирани со изгравирани дизајни или издигнат релјеф (Missigen, 2015: пар. 1). Полека, како што поминувало времето, Келтите почнале да се усовршуваат во своите уметнички подвизи, без оглед на тоа што изработувале. Уникатниот келтски стил бил видливо нагласен со апстрактните геометриски фигури базирани врз недефинирани, а и дефинирани геометриски фигури и линии (Missigen, 2015: пар. 1). Употребата на апстрактни фигури за Келтите претставувал начин да се долови духовното и необјасливото онака како што тие го гледале и доживувале.

Кога станува збор за користењето симболика, Келтите биле повеќе од умешни во тоа. За нив животните биле многу важни, како директна поврзаност со природата. Едно од најзастапените животни во нивните уметнички дела бил орелот. Орелот претставува келтски симбол, кој од почетокот, па сè до денес е симбол на повторното раѓање и обнова (Wilkinson, 2008: 63). Од друга страна, пак, треба да се потенцира дека голем број од келтските симболи не се дури ни целосно келтски, но биле создадени под влијание на различните народи во тие предели (Macculloch, 1991: 203). И нормално, тие биле инспирирани од

населението што Келтите го начекале со нивното доселување на територијата на Ирска.

Животните не биле единствените симболи што Келтите ги користеле во нивните уметнички декорации. Келтски симболи низ Ирска можат да се најдат на одредени слики, олтари, споменици и железни пари, од кои: свастиката и трискелето, што претставувале симболи на сонцето, вклучувајќи и голем број фигури на кругови, крстови и искривени линии (Macculloch, 1991: 203). Иако си ги задржале своите апстрактни геометриски фигури како заштитен знак, сепак почнале да инкорпорираат и свои мотиви што станале карактеристични за нивната култура. Да се навратиме наназад, има важни докази што покажуваат дека трискелето заедно со употребата на круговите можат најчесто да се најдат на железните пари. Поради тоа, се претпоставува дека како такви се употребувале за да претстават лик од висок ранг (Macculloch, 1991: 203).

Бронзената доба како период е многу богат за келтската уметност, каде што се користеле орнаменти направени од злато. Не е целосно откриено од кога датираат, но се претпоставува дека е од околу 2000 години пред нашата ера, па сè до доцната железна доба (Arnold, 1977: 11). Во тој период се гледа дека Келтите почнале да користат и други метали, откривајќи ја нивната функција и значење. Откритијата во Ирска се во изобилство и даваат многу јасна идеја за развојот во стилот и декоративноста од простата употреба на фигури, па сè до комплексноста на мајсторството што било употребено. Ова на Келтите им препишало дополнително значење, бидејќи докажува за нивната умешност во речиси сите полиња. На овој начин келтската уметност се развивала од првиот век од нашата ера, па до христијанскиот период во Ирска, (Arnold, 1977: 11-12). каде што ги презентирала највеличествените уметнички резултати. Уметноста во Ирска во текот на паганскиот период останува богата по својата природа, но претставува и зачудувачко и збунувачко културно наследство (Arnold, 1977: 13). Но паганството не е единственото нешто што придонело да се доразвие уметноста. Постојат многу други духовни движења што ја искачиле келтската уметност на светско ниво.

## 5.2 Келтската уметност низ историјата на Ирска

На многу начини минатото може да се зачува преку уметнички изработки. Тоа е и случајот со келтската уметност и изработките што до ден-денес се зачувани на територијата на Ирска и претставуваат маестрални дела. Ирска била и сè уште е дел од келтскот свет, и уметноста на таа држава секогаш ќе биде целосно споена или под влијание на келтската култура. Ова како факт е феномен не само во Ирска туку и низ цела Европа, протегајќи се од Шпанија, па сè до скандинавските земји, и од Унгарија, па до атлантските брегови на Кери и Донегал во Ирска (Arnold, 1977: 9).

Едно од најважните моменти што придонеле за растот на келтската уметност во Ирска е доаѓањето и претставувањето на христијанството. Беше претходно споменато дека во 5 век од нашата ера христијанството почнало да се шири на таканаречениот „*зелен остров*“. Оваа религија во подем донела во Ирска многу услови каде што уметноста можела да се развие. Донела многу силни верувања што потоа придонеле голем број аспекти од паганската уметност да се спојат со христијанството (Arnold, 1977: 4). Значи, не се вршела само асимилација на верувањето на Келтите туку и на нивната уметност. Мирната конверзија на Ирска не направила ништо за да го отуѓи веќе воспоставеното келтско општество и култура, туку само осигурила дека христијанството заедно со фолклорот ќе живеат во полн подем 500 години (Arnold, 1977: 4). Оттука може да се заклучи дека сепак христијанското преобратување на Ирска не било и толку непогодно. Напротив, тоа помогнало келтската култура (*во овој случај уметноста*) да опстојува низ годините, а воедно и митологијата и фолклорот.

Иако преобратувањето на Ирска во христијанска земја започнала во 5 век, дури во средината на 7 век се гледаат прекрасните ремек-дела на ранохристијанска келтска уметност што се изработувале низ сета земја (Arnold, 1977: 16). Иако било потребно време за целосно да се приспособи народот кон оваа нова религија, тоа дало резултат, кој е видлив низ многуте изработки и дела. Периодот од 4, па сè до првите години од 7 век имаат дадено многу добри примери на важни прототипи на уметнички изработки. Овие изработки вклучуваат бронзени предмети, обработени со емајл, како и многу познати традиционални изработки што успеале да се одржат во живот до ден-денес и

што сведочат за сложеноста на келтската уметност во Ирска (Arnold, 1977: 16). Христијанската природа на сите овие изработки претставувала начин да се зачува религијата во Ирска, а во исто време и да се земат сите претходни форми на паганска уметност и да се вклопат во новите.

Веќе знаеме дека христијанството има свој одреден симбол со кој се карактеризира самата вера. Тоа е крстот. Крстот како симбол значи величественост и моќ. Но дури кон крајот на 6 век крстот ја зазема својата природна форма и е често употребуван како симбол на христијанството (Arnold, 1977: 17). Келтската Ирска веднаш го приспособила овој симбол како свој национален белег. Но неговото инкорпорирање во светот на уметноста најпрво било претставено преку каменот. Оттука може да се види дека народот ја задржал својата наклоност кон камената обработка, па затоа еден од најпознатите камени крстови е крстот Карндонаг (Carndonagh), кој се наоѓа во Донегал (Donegal). Овој вид споменик е фасцинантно богатство за келтската и христијанската историја. Декориран е со сложени форми на врвот, а од страните има животни и птици, кои исто така се поврзани со геометриски фигури (Arnold, 1977: 18). Геометриските фигури како и животните остануваат да бидат важен дел од келтската уметност, без разлика која промена настапила на територијата на Ирска.

Најубавите и најбогати уметнички дела што биле инспирирани од келтското христијанство биле изработени од крајот на 7 до почетокот на 8 век. Овие дела биле изработени во Ирска и низ сите ирско-христјански мисии низ Европа (Missigen, 2015: пар. 3). Христијанството заземало сè поголем замав, а со тоа се појавила и потребата да се изработуваат што е можно повеќе уметнички дела што ќе го инкорпорираат келтицизмот во нивната содржина. Исто така, многу книги од Библијата биле украсени и разубавени со декоративни корици на кои можел да се забележи ракопис од преубава комплексност и инвентивност (Missigen, 2015: пар. 3). Библиските книги биле едни од најважните книги во Ирска, па поради тоа им било дадено многу големо значење при нивната обработка. Нормално, и тука предоминирале геометриски фигури што биле комплексни по својата изработка. Претставувањето на човечки ликови и фигури било прилично апстрактно и стилистички модифицирано. (Missigen, 2015: пар. 3). Така, останале многу карактеристики од раната келтска уметност.

Во 7 век дошло до техничка совршеност и стилистичка независност, што, пак, довело до дополнителна синтеза во изработката на метал, вајарството како и обработката и украсување на книги (Arnold, 1977: 18). Полека, но сигурно уметноста почнала да се развива и да се усовршува, а со тоа и да претставува инвентивност што дотогаш не била позната. Келтскиот талент бил видлив и зајакнувал со секоја нова година и со секој нов предизвик (Arnold, 1977: 18). Уметниците почнале да експериментираат со христијанската и келтската уметност, спојувајќи различни форми во една единствена. Најчести и најталентирани уметници кога станува збор за христијанските обработки и изработки биле монасите. Едно од најраните уметнички изработки каде што е претставено распнувањето на Исус е она што е познато како Плакетата на распнувањето на св. Јован, и датира од крајот на 7 век (Arnold, 1977: 22). Иако фигурата на Исус била претставена прилично апстрактно, сепак укажува на тоа дека почнале да се земаат сцени од Библијата и да се претставуваат низ разни уметнички техники и изработки.

Погоре споменавме дека една од најважните книги за Келтите е книгата Келс (Kells):

> *„Нејзината изработка претставува врховно достигнување на ирско-келтската уметност, која датира сигурно околу втората половина на 8 век. Во самата книга сите различни форми и развојни техники на ирската уметност го достигнуваат својот врв на педантност и талент. По својата природа, книгата е оригинална. Честата употреба на бои е софистицирано инкорпорирана на уникатен начин. Ракописот е читлив и убав, додека низ буквите се вметнале голем број декорации“.*
>
> *(Arnold, 1977: 31).*

Дел од тие декорации се растенија и дрвја, што повторно нè доведува до тоа да забележиме дека келтската склоност кон природата не изумрела без разлика на сите настанати промени.

Уметноста на Келтите на територија на Ирска, иако развиена на многу начини, уште еднаш била ставена под влијание на процесот на асимилација. Имено, викиншките напади во 9 и 10 век предизвикале голем број пресврти што биле причина за нови уметнички потези (Missgen, 2015: пар. 4). Овие нови

уметнички потези не донеле со себе некоја иновативност, но успеале донекаде да ја сменат уметноста во Ирска. По овие викиншки упади, 1100 година со себе донела период на обновена креативност, иако виртуозноста на претходните векови никогаш не се вратила. Едни од најважните изработки од тоа време биле олтарите во христијанските храмови, како и убаво изработените реликвии на свети предмети (Missgen, 2015: пар. 5). Келтската уметност може да се каже дека по сето тоа доживеала блага форма на обновување и ревитализација. Имало голем број иновации во тој период, а една од најголемите била видлива во резбарењето на камени крстови, како и металната изработка. Настапило отстапување од апстрактните геометриски декорации и зголемената употреба на човечката фигура и лице најчесто оние на свештени лица, светци и ликови од Библијата (Missgen, 2015: пар. 5).

Но важно е да се спомене дека сепак викиншката инвазија како таква не била доволно силна за да може да се уништи келтската уметност и нејзината уникатност (Arnold, 1977: 37). Ирска останала и продолжила да биде келтска по својата природа, и како таква продуцирала уметнички дела што се зачувани до ден-денес. Во период од 40 години постоел некој вид релативен мир, но ерупцијата на грабежи и уништувања се прошириле низ цела Ирска и траеле речиси еден цел век, а завршиле во 1014 година (1977: 37). Големиот број грабежи само отежнале келтската уметност да продолжи да се развива и да се зацврстува. А сепак многу е важно да се каже дека во периодот кога започнала инвазијата, Ирска имала воспоставено своја уметничка сцена што била прилично издржлива, и го преживеала сиот тој пустош – најмногу уметноста на камените скулптури, (1977: 37) што можат до ден-денес да се видат низ целата земја.

Иако келтската уметност доживувала голема популарност, сепак автохтоните келтски традиции во Ирска опаднале во текот на 12 век поради големите надворешни влијанија, како што било воведувањето на цистеријанскиот ред[18] во средината на 1100-тите години (Missigen, 2015: пар. 8). Сите овие проблеми немале влијание само врз уметноста, туку и врз целосната култура на Келтите во Ирска. Дополнително влијание биле ослабените

[18]Цистеријанскиот ред е религиозен ред сочинуван од монаси и монахињи. Најчесто се нарекувани и бернадини, според влијателниот св. Бернард од Клаирво, или исто така бели монаси, референцирајќи ја бојата на нивната мантија (Simpson, 1989: 232).

традиционални уметнички практики заедно со норманското освојување на Ирска во 1170-тите години. За жал, ирската уметност само станала поткатегорија на англиската уметност (Missigen, 2015: пар. 8). Добро познато е дека келтската уметност има некој вид науникатнос, и таа уникатност ја инкорпорирала во речиси сите сфери на уметноста.

Но настапил период кога Ирска почнала да „позајмува“ многу уметнички стилови од своите соседи. Ирската готска уметност, која бил доминантен стил во текот на 15 и 16 век, била само многу евтина имитација на англиската готска уметност (Missigen, 2015: пар. 8). За среќа, тогаш настапил период на промени. Дури во 18 век ирската уметност го доживеала своето воскреснување (Missigen, 2015: пар. 8). Повторно почнало навраќањето кон келтското културно наследство и кон минатото, од каде што се црпеле едни од најуникатните инспирации. Ирското сликарство се појавило во текот на 18 век кога голем број ирски уметници од Лондон достигнале скромни успеси при изработката на пејзажи слики (Missigen, 2015: пар. 8). Ова не било пример само за Лондон. Големи промени настанувале и во Ирска, поточно во главниот град Даблин. Во текот на 1800-тите години во Даблин се основала школа за сликарство чиј главен фокус било сликањето пејзажи што предоминирале со природа, која пак била од големо значење за Келтите. (Missigen, 2015: пар. 8).

## 5.3 Уметничко наследство и келтско оживување

Не постои соодветно објаснување и продолжување на темата ако не се спомене келтското оживување, односно ренесанса во Република Ирска. Овој вид преродба претставува главна карактеристика во 19 и 20 век. Во текот на 20 век, ирската уметност, која била инспирирана од келтската уметност, била најпозната по својата модерна преродба каде што најзастапена била техниката на обоеното стакло (Missigen, 2015: пар. 9). Исто така, во текот на 20 век уметноста го достигнала својот врв со својата модерна преродба. Таа преродба била предводена од Џек Батлер Јејтс (Jack Butler Yeats)[19], кој со своите

[19]Џон „Џек“ Батлер Јејтс (29 август, 1871 - март 28, 1957) бил ирски уметник и олимписки медалист. Почетокот на неговата уметничка кариера ја има како илустратор и дури во 1906 година почнува да работи со маслени бои. Неговите сликарски почетоци покажуваат едноставни лирски описи на пејзажи и фигури, претежно од западниот дел на Ирска, и особено од неговото детството што тој го карактеризирал како детство под келтско влијание (Pyle. 1989: x).

*„уникатни слики каде што предоминирале темпераментни и разиграни Цигани, кловнови и дворските шутови,“* придонел многу за да се развие келтската уметност во Ирска (Missigen, 2015: пар. 9). Покрај Џек Батлер Јејтс (Jack Butler Yeats), друга главна личност во текот на оваа преродба бил неговиот брат. Во неговата поема наречена *„Ревидираната општествена галерија“* Вилијам Батлер Јејтс (William Butler Years) се обидел да ги претстави заканите од минатото како што нему му се прикажувале во насликаните дела, и како што се во согласност со неговите идеали. Тој користи стихови што би биле апликабилни за сета таа ера и нејзината генерација, и нормално за Ирска и за секој Ирец воопшто:

*„Но каде е четката што може да покаже нешто*
*од таа гордост и таа понизност?*
*А јас во очај живеам дека времето може да донесе*
*одобрени изработки од секој работник,*
*А не од таа иста совршеност повторно.“*

(Arnold, 1977: 115)

Стиховите од оваа поема покажуваат како авторот понизно се прашува каде се неговите адути, за да изработи нешто што ќе биде келтско, и што ќе ја покаже историјата на Ирска. Продолжува со тоа да каже дека живее во агонија и исчекување на некое ново време што може да донесе нешто вештачко и наметнато, а не од минатото што за него е совршеност и толку далечно. Оваа борба за да се  зачува историјата на Ирска претставувала една континуирана карактеристика за тие години.

Сите овие преземени чекори биле поради тоа што се чинело како уметничките дејности на територијата на Ирска да го допрале дното на своето постоење. Уметноста на Ирска во периодот од 1850 до 1916 година се карактеризирала со неконзистентност, различност и фрагментација (Arnold, 1977: 115). Ова придонело да не постои никаква конзистентност и педантност во уметничките редови. Едноставно, настанал општествено уметнички хаос. Преродбата била можеби една од најдобрите и најповолните работи што можеле да ѝ се случат на Ирска. Во голем број аспекти, преродбата дошла за да претстави одреден вид реакција кон модернизацијата. Самата преродба била за

да се возобнови историјата на Ирска, каде што врската меѓу архаичното и модерното била антагонистички настроена, каде што самата историја била распарчена, и каде што нацијата како една целина немала преносен период што би ја однел од традиција во модерност (Castle, 2001: 2-3). Тој преносен период бил вештачки создаден преку келтската преродба на територијата на Република Ирска.

Периодот на преродбата и просветителството од 18 и 19 век го задале својот удар со тоа што поединци со посебни таленти се здружиле заедно, и поставиле една единствена цел да ја стимулираат и да ја развијат уметноста со тоа што ќе создадат нешто ново базирано врз старото (келтско). Со самото ова, келтското наследство во Ирска успеало да се зачува, да се прошири, а со тоа и да се доразвие (Harding, 2007: 274).

> *Во 1892 година сер Чарлс Гаван Дафи (Sir Charles Gavan Duffy)*[20] *рекол:*
> *„Одредена група младинци што биле повеќе од великодушни и заинтересирани за античките творби, беа длабоко решени да ги откопаат закопаните реликвии на нашата историја, да ја просветлат сегашноста со знаење од минатото и да ги постават одново келтските и ирските праведници, осудувајќи ги сите грешки, кои под долготрајпа неказнивост станаа несомнени, па дури и преподобни, истовремено топлејќи ги студените срца на Ирците со вистината и келтско-ирските песни на храброст и надеж...“*
>
> (Castle, 2001: 239).

Младината била одговорна за да ја спаси Ирска од каква и да е форма на асимилација или заборав. Тоа било случај и со келтската преродба, која се покажала како успешен чекор да се премине кон модерноста. Во текот на преродбата улогата на келтската уметност и уметничките предмети останува непроменлива. Не би било соодветно да се каже дека келтската уметност може

[20]Сер Чарлс Гаван Дафи, (12 април 1816 – 9 февруари 1903), бил ирски националист, новинар, поет и политичар, и бил осмиот премиер на регионот Викторија, и еден од најконтроверзните политички фигури од викторијанската историја. Дафи бил роден во Даблин, Ирска, во католичко семејство (Duffy, 1883: 1-9).

да биде сфатена веднаш, но добро е да се знае дека таа уметност и нејзината улога биле едни од најтврдокорните двигатели на келтскиот народ, а со тоа и на ренесансата во Ирска (Harding, 2007: 273). Тие помогнале да се зачува келтската култура во голема мера. Најважното нешто што се раширило и придонело најмногу во текот на преродбата било повторното воспоставување и претставување на келтскиот крст. Како форма и симбол, келтскиот крст бил користен во средновековието, и повторно почнал да се користи како монументален и погребален симбол, а воедно и форма на уметност низ целиот западен свет, а најмногу во Ирска (Walker, 2013: пар. 1-8). Во овој период крстот повторно се воспоставил како највеличественото уметничко достигнување, кој повторно бил дефиниран како келтски по својата природа.

Имено, подоцнежниот период на келтска уметност е различен од раниот период, бидејќи треба да се земе предвид дека 1000 години сепак можат да променат многу, па дури и најконзервативните традиции што дотогаш биле распространети низ Ирска (Harding, 2007: 274). Со ова отфрлање на некои стари конзервативни форми на уметност, Ирска почнала полека да преминува во светот на модерната уметност. На почетокот на 21 век терминот „модерна уметност" имал значење што алудирало на нешто преродбено и вековно, нешто што би траело засекогаш. Самиот тој термин, а нормално и самото движење, се придружил кон другите уметничко-историски категории, како што биле ренесансата и романтицизмот (Arnason, 2004: x). Но треба да се има предвид дека таа модерна уметност во Ирска во своите корени ги има Келтите и нивното значење за самата земја. Поради тоа, добро е да се потенцира дека уметноста била најмногу инспирирана од античките Келти, како и средновековното келтско христијанско, вклучувајќи ги и сите фолклорни стилови (The Celtic League, 2014: пар. 2). Дури и модерните времиња ги користеле сите придобивки од Келтите, искористувајќи ги нивните културни карактеристики и инспирирајќи се од нивната богата историја.

Неминовен е фактот дека келтската уметност е фундаментално вградена во ирското општество, во ирските обичаи и, нормално, во ирското верување (Harding, 2007: 274). Само на тој начин, преку уметноста, успеала да го доживее својот раст, на начин на кој не би можело да биде ништо достигнато пред тоа. Од ова може исто така да се заклучи дека во однос на уметноста, Ирска била под големо келтско влијание.

# 6 Келтска архитектура во Ирска

Пред да се почне со анализирање на келтската архитектура во Ирска, добро е прво да се изнајде соодветна дефиниција за она што навистина значи архитектурата. Според Филип Бабкок Гов во *Третиот нов Вебстеров меѓународен речник* (*Webster's Third New International Dictionary,)* зборот „архитектура" може да има повеќе значења, и тоа:

> *„поим, и зависно од контекстот на тие значења, може да се однесува на која и да било градежна структура изработена од човек; која и да било градежна структура изработена од човечка сила што е важна за своето постоење; внимателно дизајниран објект (на пример: стол, лажица, чинија); дизајн на град, село, парк или одредена зона; самата уметност на дизајнирање и градење објекти и надворешни простори; стил или метод на изградба; нацрт-план за одредено место*".
>
> (Gove, 1993: 113).

Оваа дефиниција по својата природа дава голема прегледност при анализирањето за она што Келтите успеале да изградат и да го изработат, и тоа да го пренесат во модерното време и во модерната Република Ирска. Исто така, според *Третиот нов Вебстеров меѓународен речник (Webster's Third New International Dictionary)*, архитектурата претставува уметност и техника на дизајнирање и градење одредена градба, што е различно од вештината физички да се изгради самиот објект (1993: 113). Архитектурата на тој начин се идентификува со имагинацијата на народот, односно личноста што ја осмислува некоја градба. А Келтите биле повеќе од умешни да осмислат нешто.

Голем дел од културното наследство, дел од историјата, уметноста, па и културата на Келтите, може да се најде и да се увиди од античките и од средновековните архитектонски градби на територијата на Ирска. Таквите изработки можат да се најдат од камената доба и мегалитските оформувања (*како што биле гробовите*), па сè до ранохристијанските манастирски градби, вклучувајќи и голем број тврдини, замоци, кули, дворци, и сето она што е дефинирано како архитектонска градба (Encyclopedia of Art, 2015: пар.1).

Келтските техники на изградба и дизајнирање објект биле често застапени во овој период, вклучувајќи ги и нивните карактеристични декорации врз градбите. Келтските тврдини биле голема инспирација за да се изградат подоцнежните, ирски тврдини што можат во целост да се најдат и денес, красејќи ја Ирска со нивната грандиозност и едноставност (Westropp, 1902: стр. 2). Како и со сите претходни примери, се гледа дека Келтите биле континуирана инспирација во однос на архитектонските подвизи.

Археолошките остатоци на првичните Келти во Ирска не се толку многу застапени и се во соодност со износот на келтски градежни материјали што се пронајдени низ Европа (Bhreathnach, 2006: 9). Ова укажува дека постоела посебна инклинација кон архитектурата од страна на оваа етнолингвистичка група. Ирска е дом на повеќе од 1000 архитектонски споменици низ 750 различни локации. Споменицте се од големо национално значење поради нивниот историски, артистички и археолошки карактер и природа (Encyclopedia of Art, 2015: пар. 1). Сите тие претставуваат градби на келтскиот народ, кој со уникатен стил оставил зад себе архитектура што била и е инспирација на модерното време. Примери за овие градби и нивните локации ќе бидат дадени подолу.

## 6.1 Почетоци на келтската архитектура

За жал, нема никакви информации и записи за архитектите што ги имаат дизајнирано и изградено келтските градби. (Encyclopedia of Art, 2015: пар. 1). Но сепак, тие несебично оставиле зад себе резултати што зборуваат сами по себе, по тоа што го претставуваат денес во Ирска. Постоеле разновидни начини како тие ги граделе разновидните градби и тврдини. Имено, тврдините што биле изградени со тврда земја (како основен материјал), не би можеле да се разграничат од тврдините што биле изградени од камен. По својата градба и по своите карактеристики се комплетно исти, додека пак начинот на нивната изградба е прилично модерен, што се користи и до ден-денес во делови на Ирска (Westropp, 1902: 3). Ова ја покажува снаодливоста што ја имале Келтите при осмислувањето и изградбата на овие тврдини. Квалитетот на градбите бил во преден план за нив, и поради тоа, тие останале речиси неуништливи низ времето.

Се претпоставува дека земјените архитектонски градби се едни од најраните, додека пак новите откритија покажуваат дека ѕидарството и каменоделството се првите форми на келтска архитектура во Ирска (Westropp, 1902: 3). Иако претставува некоја мала форма на архитектура, сепак ѕидарството и каменоделството биле во голема мера застапени во Ирска, а биле и едни од првите обиди за создавање нешто квалитетно и издржливо. Спротивно на ова, најпростиот вид градба било заградено куќиште, без разлика дали било кружно или овално. Варијации на овој тип градба имаат два или повеќе ѕида, со обработена земјена површина околу самата градба. Земјената површина околу градбата најмногу се обработувала за да се декорира просторот каде што била изградена куќата, а истовремено и да се заштити од можни напади (Westropp, 1902: 4). Умешноста на Келтите покажува дека тие како народ биле свесни за сите можни сценарија и исходи, па ги адаптирале своите живеалиште според нив, односно според минати искуства.

Келтската архитектура се служела со апстрактни декорации. Овој вид архитектура била од голема важност на Келтите поради тоа што го претставувала и апстрактно надреалниот свет во кој тие верувале, односно биле под влијание на мистицизмот и неговото значење за овој народ (Stead, 1996: 7). Од ова може да се заклучи дека нивната инклинација кон магичното била вклучена во секоја форма од нивниот живот. Увидовме дека така било со уметноста, а сега може да се заклучи дека истото било и со архитектурата.

## 6.2 Христијанска архитектура во Ирска

Христијанството како една од најголемите промени во Ирска довело до голем број промени во животот на населението и општеството на Келтите. Според запишаните докази, се верувало дека во 5 век, св. Патрик бил посетен од Бог на сон, кој му кажал дека мора да им донесе христијанска надеж на Келтите. Откако тој веќе целосно се населил во Ирска, почнале на големо да се градат ирски тркалезни кули, како и манастири, цркви, како и она по што е позната Ирска, а тоа се келтско-ирските високи крстови (Smith, 2015: пар. 5). Поради тоа, само се проширила потребата од изградба на религиозни градби и храмови, кои би послужиле за целосно ширење на христијанската вера. Манастирските живеалишта биле многу скромни и примитивни по нивната природа (Arnold,

1977: 14). Од примерите набројани погоре увидовме дека и првичните келтски градби по својата структура биле едноставни; а истото било и со христијанските цркви.

Кога зборуваме за архитектурата на Келтите, кај христијанските претставници на територијата на Ирска постоеле големи аспирации за тоа какви градби треба да се изградат, па најголемиот фокус бил насочен кон религијата и нејзиното преставување низ архитектурата, а воедно и задоволување на потребите што биле наметнати од христијанскиот свештенички врв. Пример за раскошен христијански храм од тој вид бил Мелифонт (Mellifont), опатија што била една од најраните цистерцијански градби[21] во Ирска. Таа била основана од Донаг О'Керол (Donagh O'Carroll), крал на Ориел, во 1142 година. На чинот на осветувањето на опатијата и црквата бил присутен Геласиус, ирски примат од црквата и од папскиот легат, како и од седумнаесет епископи што дошле од сите краишта на земјата (Arnold, 1977: 45). Од ова може да се увиди важноста што им се оддавала на религиозните храмови и нивното архитектонско постоење. Иако скромни по својата изградба, сите опатии биле изградени со карактеристичен стил, за да можат да се разликуваат една од друга, но и да се разликуваат и од другите дотогашни градби.

Следствено на ова била изградена и нова опатија наречена Бојл (Boyle), која се наоѓала во провинцијата Роскомон (Roscommon), и која архитектонски била најголемото достигнување во тој период, потцртувајќи ја важноста на христијанството. Големата импресивна црква била изградена на северната страна од градот, до бреговите на реката Бојл (Boyle). Денес совршено се зачувани внатрешниот ходник, балконите за хорот, трансептот, како и централниот простор (Arnold, 1977: 45-46). Оваа црква сè уште важи како една од поголемите келтско-ирски архитектонски достигнувања и национални богатства. Старите Келти не граделе села или градови, но имале минималистички пристап. Празнината на големите пространства во Ирска се доволен доказ за самиот тој факт. Најголем архитектонски доказ на келтското

[21]Цистеријанците биле римокатолички религиозен ред сочинуван од монаси и монахињи, чии манастири почнале со изградба околу 1098 година. Првата цистеријанска градба била опатијата Шитоу. Нивните манастири се рашириле низ Европа во текот на средниот век, а многу од нив и биле затворени или уништени во текот на протестантската реформација, за време на владеењето на крал Хенри VIII, во текот на Францускта революција. Некои од овие манастири преживеале и биле реставрирани во почетокот на 19 век (O.C.S.O., 2010: пар. 4).

влијание може да се види во дворовите на црквите, самите цркви и надгробните плочи. (Smith, 2015: пар. 6).

## 6.3 Келтското архитектонско наследство во Ирска

Естетиката останала како архитектонско наследство во Ирска, преку сите градби и декоративни мотиви употребени од страна на нејзините градители. Во архитектонските градби, прекрасната скулптура, сите видови литературни творби, па дури и во изработката на метал и накит, странските влијанија биле повеќе од очигледни (Arnold, 1977: 47). Келтите повторно примиле одредени влијанија што директно или индиректно доаѓале однадвор. Најголем дел од нив им биле наложени, иако сепак успеале да ги вметнат своите келтски карактеристики. Силниот замав и влијание на келтската архитектура, кои се ширеле низ цела Ирска и Британија, биле многу послаби во текот на 11 и 12 век (Arnold, 1977: 47). Ова било нормално резултат на сите последователни влијанија. Но покрај сите тие влијанија, Келтите продолжиле да градат и да создаваат.

Има многу голем број докази за келтската архитектура што денес се зачувани на територијата на Република Ирска. Најголеми докази можат да се најдат во обработката и изградбата со камен. Обработката на камени површини во целост зависела од видот на каменот и од местото каде што бил пронајден; исто како што постоела разлика меѓу земјените градби на тврдини со оние изградени од чист камен. На местата каде што и почвата и камењата биле во изобилство, може да се најдат градби што се изградени од мешавина на двата материјала. Ова се претпоставува дека е најстарата форма на келтска изградба (Westropp, 1902: 3). Уште од почетоците, Келтите се труделе да изнајдат начини за да направат совршенство од градба, и на некој начин да ја искористат природата за своја придобивка, без да ја уништат или да осакатат. Маестралноста на Келтите не запрала таму. Очигледно е дека дури и во карпестите предели самите градби на тврдини се повеќе од извонредни и умешно изградени (Westropp, 1902: 3). Извонредноста на овие градби е видлива и денес.

Постојат голем број историски градби што со својата архитектура сè уште претставуваат национално богатство за Република Ирска, и на модерните

архитекти им даваат инспирација за да ги искористуваат старите техники при градење нови градби.

На територијата на Република Ирска постојат голем број вакви градби, кои подетално ќе ги објасниме, за кои со своето значење и вредност се препознатливи за локациите во кои се наоѓаат.

Првенствено е добропознатиот манастир Келс (Kells), кој е изграден во областа Мит (Meath). Манастирот Келс е познат по својата поврзаност со ирско-келтската книга Келс, која беше објаснета погоре. Манастирот бил основан во 805 година од нашата ера од страна на монаси што во тој период барале некое сигурно место за да ги скријат своите свети предмети и богатства. Се претпоставува дека книгата Келс била напишана во опатијата, и дека до 1650 година останала таму. Во текот на 10 и 11 век манастирот Келс неколкупати бил опустошен од страна на викинзите. Средновековните остатоци вклучуваат тркалезна кула од 30 метри, како и голем број келтски крстови (Encyclopedia of Art, 2015: пар. 77). Според своето значење, овој манастир (односно опатија) претставува неизмерливо богатство и пример за келтското влијание врз христијанските градби.

Следниот пример е манастирот Клонманкос (Clonmacnoise). Тој се наоѓа во областа Офали (Offaly). Градбата на манастирот Клонманкос[22] е ранохристијански манастир од огромно значење, кој бил основан од св. Кјаран околу 550 година од нашата ера. Тој се наоѓа покрај реката Шанон. На истото место можат да се видат урнатини од голема катедрала, седум цркви (*кои датираат од околу 10 и 13 век*), две кружни кули, три келтски крста и најголемата колекција на ранохристијански надгробни плочи во Западна Европа (Encyclopedia of Art, 2015: пар. 85). Според неговата изградба, манастирот и дворот во кој е изграден претставува едно од најважните богатства од времето на Келтите.

Последниот пример е дворецот Фернс што се наоѓа во областа Вексфорд (Wexford). Од оригиналниот замок што бил изграден во 13 век од страна на Вилијам, гроф од Маршал, има останато само половина. Најзачуваната кула содржи убаво изграден кружен параклис, со изрезбани орнаменти и скулптури,

[22] Што во превод од ирско-келтски значи: „*пољаната на синовите на Нос*“).

како и неколку уникатни камини и голема визба (Encyclopedia of Art, 2015: пар. 110).

Други географско-историски места во областа Фернс ја вклучуваат опатијата на Света Марија, која била изградена во 12 век; остатоците од катедрала од 13 век, кои сега се дела од Црквата на Ирска; црквата Св. Петар и многу голем број келтски крстови што се наоѓаат во дворот на катедралата (Encyclopedia of Art, 2015: пар. 110).

На територијата на Северна Ирска се наоѓаат исто така голем број келтски градби и архитектонски достигнувања што до ден-денес сведочат за келтската историја.

Првиот и еден од најпознатите примери е градбата што се наоѓа е областа Лоубрикланд Кранонг (Loughbrickland Crannong), во општината Даун (Down). Тука постои вештачко направен остров што датира од бронзената доба и е поврзан со Келтите. Се смета дека бил вештачки направен од околу 2000 години пред нашата ера. Неговите градби се видливо келтски и како такви се зачувани и назначени како културно наследство на Ирска. Во 17 век островот бил населен од фамилијата Magennis (2015: пар. 130).

Вториот по значајност пример е оној на камените фигури од островот Боа, кој се наоѓа во областа Ферманаг (Fermanagh). Боа (*или како што е подобро познат како Бадба островот*) е остров што се наоѓа близу северниот брег на езерото Лоу Ерн (Lough Erne). Гробиштата на самиот островот се познати како непроценливи историски споменици поради застапениот дизајн на келтско-ирската уметност (2015: пар. 133).

Од сите овие примери може да се заклучи дека Келтите зад себе оставиле многу големо архитектонско богатство, без разлика дали таа архитектура по својата природа е едноставна или сложена.

# 7 Келтска литература во Ирска

Литературата како пренос на приказните претставува начин да се долови нешто заборавено, нешто од минатото и нешто величествено. Поради тоа, литературата во нејзината општа смисла и значење може да се дефинира како секој вид пишано дело. Етимолошки, самиот збор „литература“ доаѓа од латинскиот збор „литература“ (literatura/litteratura), што значи „пишување со

зборови“, иако некои дефиниции набројуваат и усно преносна литература или песни. Подетално, литературата претставува пишување што поседува литературна заслуга, и јазик што ја става писменетоста на преден план, за разлика од користењето на обичниот јазик (Foster, 2001: xx). Од оваа дефиниција може да се увиди дека литературата претставува секој вид пишано дело.

Во неговата книга *Опстанок преку верувања кај Келтите* (*Survivals in Belief among the Celts),* авторот Џорџ Хендерсон потенцира дека за Келтите во Ирска, зборот како средство за творештво значи слобода и начин да се долови нешто важно за самиот народ; начин да се пренесе некоја порака, (Henderson, 1911: 10). Ова им дало на Келтите начин да се објаснат себеси, да раскажат дејство или одреден настан, и сето она што имало големо значење за нив. Самиот тој збор што е главно средство за творештво, според Келтите значел и опасност, дека можел да прерасне и во идеологија; можел да прерасне во магија и табу – односно тие верувале во магичната моќ на зборовите (Henderson, 1911: 10). Тие верувале во натприродната моќ на напишаното дело, но никогаш не се плашеле од тоа, поради тоа што знаеле дека тие доаѓаат од натприродното и дека се едно со него. Најчесто ова натприродно го изедначувале и го поврзувале со природата, па така многу често во нивните дела можат да се сретнат зелени шуми, високи планини, мистични ридови, итн. Исто така, за целосно да се спознае постоењето на Келтите и нивното влијание врз Ирска, првично мораат да се истражат Келтите како народ. А пак да се истражат Келтите како народ, мора се истражи литературата што ја оставиле во наследство (Arnold, 2014: 12-13). А таа како таква, е изобилна по своите пораки и по својата композиција.

Лингвистиката како наука придонела многу во тоа да дефинира што биле Келтите и што претставува нивната култура. Но, сепак, треба да се отиде чекор нанапред, и да се истражат другите делови од келтската култура што би дале дополнителни одговори. Поради тоа, сите видови истражувања укажуваат на фактот дека јазикот не е единствен извор за да се истражат и да се пронајдат Келтите; потребно е да се ископаат доказите во литературата, каде што се наоѓаат најбогатите информации за нивното потекло (Arnold, 2014: 31).

Еден од најважните писатели од Британија бил Џ. Р. Р. Толкин (J. R. R. Tolkien),[23] кој на многу наврати укажал на тоа дека неговата првична инспирација ја црпел од Ирска и од Келтите како народ, и нивната богата култура. Според него:

„*Келтско-ирската литература може да се дефинира како приказна што е раскошна и темна како ирските шуми во средновековието. Може исто така да се дефинира и како романтика што е зачинета со сцени од лов и карнални искушенија, а воедно и бајка на големи воини во прекрасни оклопи, и нормално кралот Артур и неговите најпознати витези; може да се дефинира и како возбудливи авантури на надреални магични дејства и судбините на луѓето и нивните човечки потреби и желби*“.

(Tolkien, 1972: xii).

Сето ова, укажува на тоа дека келтската литература и делата од неа се тесно поврзани со природата, со мистиката и натприродното. Нивната литература е полна со таинственост и величественост. Може да покаже сцени од секојдневниот живот, од желбите на ликовите, може да покаже сцени од надреалните бајки, и многу други дејства.

Иако пораките во ирската литература се скоро секогаш исти, тие по својата композиција се различни. Една од многуте убавини на првичната литература на англискиот јазик (која потекнува од Ирска) е богатото изобилство од стари приказни. Дури и во рамките на географските граници на Велика Британија и Ирска каде што мнозинството од литературни дела и текстови потекнуваат, постојат многу повеќе такви дела и надвор од овие острови. Тие биле напишани од Ирци што копнееле по својата земја и по своето минато (Norton, 2000: xxxiii). Секогаш во делата на келтските Ирци има некој копнеж за природата и за единството со неа. Има копнеж за враќање на старите начини и старите времиња. И копнеж кон она што можеби нема никогаш да се врати.

Секое општество си има свои форми на раскажување на приказни и пишување на поезија. Но за жал, голем број од луѓето не ги имаат запишано

---

[23]Џон Роналд Ројел Толкин (John Ronald Reuel Tolkien) бил роден на 3 јануари 1892 година во Бломфонтеин во Јужна Африка, од татко Артур Ројел Толкин (Arthur Reuel Tolkien) (1857–1896), кој работел како банкар, и од мајка Мејбел (Mabel) (1870–1904) (Carpenter, 1977: 14).

многу од нивните митови и традиции што претставувале нивни вид литература (Beaty, 2002: xxvii). Од ова може да се сумира дека постојат многу видови творештво кај Келтите вклучувајќи и голем број приказни што се пренесувале орално, а не се запишале за да бидат пренесени на идните генерации. Да биле сите запишани, и зачувани, ќе биле повеќе од доказ за умешноста на Келтите од кои би се виделе многу инстанции од нивниот секојдневен живот.

Литературно-книжевниот аспект на ирско-келтската литература не е целосно запоставен. Постојат голем број зачувани дела што сè уште инспирираат со својата богата и уникатна содржина. Самиот тој аспект се користи за да се спознаат темите што ги инспирираат модерните творештва. Во тој аспект може да се пронајде авторитетот од келтското минато за самото постоење на модерната мисла што ја создала самата песна или дело (Leahy, 2001: 6). Дури и во модерните времиња Келтите се инспирирани од литературата, и ги инспирираат писателите. Голем број писатели се користат со келтските пораки и ги модифицираат на модерен начин за да се долови истата порака, дури по сите поминати векови. Ирските поети од модерното време тврдат дека главната инспирација им била келтскиот романтицизам (Leahy, 2001: 6) и дека тоа е првичната причина поради која започнале со творештво.

## 7.1 Прилив на творештво

Но што воопшто претставува творештвото? Што воопшто претставува литературата? Најдоброто објаснување е дека литературата не е само одредена работа или дејност туку начин како може да се разбере одредена работа или дејствие (Beaty, 2002: xxviii). Преку разбирањето се добива знаење и се согледува одреден фактички доказ или некоја теорија, но исто така, во исто време се дава некој факт за нешто, се информира, се прераскажува и се дава преглед на што и да е фокусот на тоа творештво. Движејќи се нанапред, мораме да го спомeнеме и келтското творештво и литература, но кога зборуваме за келтското творештво мораме да го објасниме терминот „англиска литература." Терминот „англиска литература" се однесува на литературно книжевни изработки и дела од одреден дел од светот: делата напишани од автори што живеат во Англија, Шкотска, Велс и Ирска (Norton, 2000: xxxiv). Ова значи дека не се однесува само на литературата што доаѓа од Англија, туку на литературата

од сите говорни пограчја на англискиот јазик (*исклучувајќи ја Америка, Канада и Австралија*).

Големото богатство на келтското творештво (*во рамките на англиската литература*) претставува изобилство од фолклорни и митолошки приказни. Овие биле инспирација за секој писател што ги изедначил термините келтски и ирски. Постојат голем број келтски приказни за духовноста и надреалното, составени од богатата литературна традиција од култура што била инспирирана од натприродното. Ирска е земја каде што духовите и бајачите се многу честа и нормална појава. Едни од најпознатите ирски писатели на натприродното се Шеридан Ле Фану (Sheridan Le Fanu), Брам Стокер (Bram Stoker), Патрик Кенеди (Patrick Kennedy), Томас Крофтон Крокер (Thomas Crofton Croker) и Џорџ Мур (George Moore). Тие писатели најчесто во своите дела ги објаснувале тајните на магијата, магичните предели од Ирска, големата креативност на Ирците и Келтите и нивната култура и историја (Wordsworth Collection 2004: vi). Натприродното останало како карактеристика на ирскиот народ низ годините. Се чинело како да преминало тоа сознание од Келтите на Ирците. Природата останала да биде објаснувана како величествено место на тајни и мистика. Од друга страна, јазичната мобилност и културното испреплетување можат да се увидат во творештвата на 20 век (Norton, 2000: xxxiv). Како такви тие само ја збогатуваат литературата на овој остров.

Приливот и богатството на келтско-ирското творештво и литература не би бил соодветно објаснет ако не се спомене едно од најголемите значајни дела во келтско-ирската литература – Беовулф (Beowulf). Епот Беовулф (Beowulf) – првично бил напишан на англосаксонски јазик. Епот се фокусира на приказната за скандинавскиот херој Беовулф, кој се труди да достигне нешто што никој не успеал претходно. Најдобриот превод на овој еп е направен од ирскиот поет Seamus Heany. Поради тоа, во 1995 година Heany ја добива Нобеловата награда за литература. Тој е еден од современите мајстори на англиската книжевност и литература (Norton, 2000: xxxiv). Овој Ирец се смета за еден од највлијателните преведувачи и писатели на 20 и 21 век, поради неговиот огромен придонес во келтско-ирската литература. Речиси петнаесет години во изработка, Seamus Heany го објавил преводот на Беовулф (Beowulf), кој дошол како доказ за целосната сила на овој англосаксонски еп од кој и да било негов претходник (Norton, 2000: xxxvii). Иако на многу места Хини (Heany) е напишан како

Англичанец, сепак тој има ирско потекло и самиот себеси се дефинира како припадник на ирската националност со голема наклоност кон келтската историја и култура.

Од друга страна, покрај големиот прилив на писатели и преведувачи, ги имаме јазиците како преносно средство на литературата. Ирско-англискиот јазик, или познат како хиберно англиски, во различни периоди и на различни начини има оставено свој белег во книжевната и литературната традиција. Во 18 век терминот „театарски ирски јазик" бил често користен термин за да се исмеат одредени ирски ликови во театарски претстави според дела напишани од англиски автори. Како стереотипи, овие лингвистички карактеристики биле многу погрешни (Baugh and Cable, 2003: 318). Но иако овие стереотипи имале цел да го исмеат Ирецот како човек што припаѓа на посебна нација и одредена култура, сепак тие придонеле за збогатување на келтското културно наследство и зачувување на ирската култура, која поминала низ многу премрежја во текот на годините.

Во текот на 19 и почетокот на 20 век, одредени ирски автори[24] почнале со употребата на одредени литературни механизми за да се даде посебен ирско-келтски шмек во нивните дела. Во 20 век се појавила одредена литературна традиција, вклучувајќи ги делата на Шон О'Кејси (Sean O'Casey) (1880-1964) и Брендан Бехан (Brendan Behan) (1923-1964) и користењето на Џејмс Џојс (James Joyce) (1882-1941) на внимателно собрани дијалектни фрази во Ulysses и Finnegans Wake (Bliss, 1979: 312). Можеме да заклучиме дека ирските автори полека почнувале да го внесуваат ирскиот јазик во своите дела со единствена цел да не замре во минатото. На крајот успеале; на крајот секој вид келтска преродба успеала да го одржи келтско-ирскиот јазик и култура во живот.

## 7.2 Карактеристики на ирско-келтската литература

Модерното време со себе дава голем број примери каде што литературата зема голем замав низ светот. Највочливите карактеристики на литературата се трудат да изнајдат начин со кој ќе се доловат некои одредени тематики за кои во минатото немало можност да бидат промовирани и искажани. Преку поезијата и прозата почнале да се шират важни пораки кон општествените проблеми.

---

[24]вклучувајќи ги Douglas Hyde (1860-1940), J. M. Synge (1871-1909), и W. B. Yeats (1865-1939).

Првично, баладите, поезијата и прозата припаѓаат и доаѓаат одживотите на луѓето. Земени се како примери, како сижетни приказни во кои предоминира обичниот човек (Tolkien 1980: xiii). За Келтите и нивната литература, овие карактеристики се чести кога станува збор за опишување на нештото, за раскажување на одредена приказна или создавање на некој стих. Претставуваат двигател за да се создаде одредена приказна што ќе алудира на нивната истрајност и на нивната богата култура и историја.

Многу често се поставува прашањето што користеле ирските писатели како првична инспирација во своите дела. За да се одговори ова, треба да се спомене фактот дека тие употребувале голем опсег на митолошки, историски, литературни, лингвистички и креативни извори за да создадат богат свет на митови и архетипи. Биле првично инспирирани од голем број национални и домашни митологии (Day, 2012: 6). Кога се зборува за овие национални и домашни митолошки извори, станува збор за богатството на Келтите, кое претставувало непресушен извор на приказни. Во англиската поезија може да се увиди келтскиот елемент, кој е многу често застапен (Arnold, 1977: 34). Тој келтски елемент претставувал оддавање почит кон природата, кон надреалното и кон мистичното. Исто така, многу често се користеле карактеристики на љубовното и романтичното, измешано со големи епови на војни и битки.

Главната важност за постоењето на англиската книжевност и литература не може да се оддели од келтската духовност и вештина каде што се кријат изворите на успешно напишаниот збор, а со тоа и успешно напишаното дело (Arnold, 1977: 34). Токму поради тоа што не е можно никаков вид одделување, ирската литература заедно со келтската култура одат рака под рака, и со тоа креираат културно наследство што останало силно до ден-денес. Имено, „*митот се раѓа од потребата за осмислување на светот. Но за да може да опстане таа смисла, мора во својата конечна вистина да биде неискажлива. И таа неискажливост ја привлекла литературата кон митот*“ (Урошевиќ, 1991:10). Се творело за митологијата, се творело за мистицизмот, се творело за значењето на животот, смртта и светот, а најмногу од сè се творело за враќањето на келтицизмот во модерна Ирска.

## 7.3 Келтско литературно наследство

Како што претходно споменавме, еден од најпознатите англиски писатели е Џ. Р. Р. Толкин, кој бил директно инспириран од келтската историја и култура за да ги создаде своите најпознати дела. Самиот тој споменува дека првичната инспирација за неговите дела била келтската митологија и фолклор, и сите приказни што потекнувале од неа, вклучувајќи го мистицизмот. Толкин како еден од најинтелигентните лингвисти и писатели верувал во неговиот измислен свет базиран врз келтските приказни и во сите оние што живеат во него (Day, 2012: 5). На многу наврати имал кажано дека првично почнал да создава фиктивна митологија поради тоа што верувал во тоа дека на територијата на Обединетото Кралство и Република Ирска немало доволно приказни што би го збогатиле фолклорот на овие земји.

Многу добро познат е фактот дека еден од најважните ликови во делата на Толкин е хобитот. Хобитот (како суштество), измислено суштество од страна на Толкин, е во тесна поврзаност со традициите на стара Ирска. Овие суштества се базирани врз суштества што се застапени во келтско-ирската митологија. Тие се познатите келтски самовили од дивите ирски ридови и шуми, познати како кафенкастите. Овие видови самовили биле мали по раст, влакнести, таинствени и пријателски настроени само кон луѓето. Се криеле во шуплините на ридовите низ келтските предели (Day, 2012: 115-16). За секој оној што ја знае митологијата на Толкин ќе забележи дека има директна поврзаност и голема инспирација од келтската митологија, за хобитите што се застапени низ средноземната митологија.

Имагинарниот свет што бил измислен од страна на Толкин е митски по својата природа. Временски, тој свет се наоѓа пред првиот запис на човековата историја и порастот што и да било светски цивилизации. Последователно на ова, Толкин креирал и измислена временска рамка, но географската поставеност била базирана и инспирирана од неговата татковина, но најмногу од Англија, Велс, Шкотска и Ирска (Day, 2012: 6-7). Од ова може да се забележи дека неговата наклонетост кон историјата на двата острови му дала инспирација да создаде нешто кое ќе биде како дел од овие предели, кое ќе биде како дополнување на митологијата која најмногу била развиена од страна на Келтите.

Настрана од ова, ја имаме поезијата на Ирска, која како таква била дефинирана како англиска поезија, без оглед на тоа што доаѓала од Смарагдниот остров. На прашањето каде што англиската поезија ги добива своите карактеристики на стил, меланхолија и природна магија, за да се дофати и изваја шармот на зборовите на прекрасно живописен начин – одговорот е дека овие карактеристики се добиени од келтската култура (Arnold, 1977: 46). Очигледно е дека келтската култура директно и индиректно влијаела на литературата; врз поезијата која останала како големо богатство во светот. Но најважно од сè, е нормално стилот. Уникатниот литературен стил е нешто што е премногу застапено кај Келтите; може дури да се каже дека е главен двигател во нивната литература (Arnold, 1977: 49). Поради ова, поради стилот и богатата култура, може да се каже дека келтската поезија е повеќе од комплексна. Токму поради тоа, тешко е да се направи соодветна интерпретација на некое дело, дури и кога би се искористиле сите форми на превод и препев за да се добие генерално јасна слика за пораката што треба да се долови. Идеите претставени во келтската поезија се со ненадминлив интензитет (Arnold, 1977: 49). Тој интензитет може да се увиди и во модерните времиња каде што многу млади поети и писатели се служат со келтски творечки карактеристики каде што се обидуваат да го зачуваат и да го збогатат келтицизмот.

Би било повеќе од несоодветно да не ја споменеме преродбата што имала толку многу големо значење на територијата на Ирска. Келтската преродба како појава во општеството во Ирска претставувала разновидност на движења и трендови, кои најчесто се појавиле во текот на 19 и 20 век. Оваа преродба се базирала врз традициите на келтската литература и келтската уметност, или сето она што се однесува на стилот и уметноста на Ирска и Британија, а инспирирано од Келтите (Foster, R.F., 2003: 486). Покрај тоа што премногу била застапена во уметноста, преродбата исто така била промовирана и од страна на литературата. Иако самата преродба била комплексна и мултидимензионална по својата појава, нејзината најпозната и најефективна преродба била наречена ирска литературна преродба[25] (Foster, R.F., 2003: 486). Од ова може да се увиди дека литературата во Ирска (*во тој период*) имала огромно значење. Токму поради тоа било одлучено да се изврши дел од преродбата преку пишаните дела на

[25] или како што е исто позната како: „Келтски самрак".

голем број писатели. Дел од тие писатели биле Вилијам Батлер Јејтс (William Butler Yeats), Лејди Грегори (Lady Gregory), АЕ Расел (AE Russel), Едвард Мартин (Edward Martyn) and Едвард Планкет (Edward Plunkett), кои со својот талент стимулирале да се ревитализира традиционалната Ирска литература и поезија во текот на 19 и 20 век (Foster, R.F., 2003: 486).

# 8 Европската идеологија и Келтите како етнолингвистичка група

Да ја разбереме Европа во целина, значи дека треба да бидеме генијалци (McCormick, 2005: 1). Ова ја сумира комплексноста на Европа и заедницата што била последователно на тоа креирана за да се обединат сите народи, сите култури, сите религии и сите луѓе.

Веќе утврдивме дека Келтите и нивното културно наследство придонеле за развојот на Република Ирска како модерна европска држава. На тој начин се зачувал дел од келтското богатство поврзано со уметноста, музиката и лингвистиката. Исто така, постои и длабока корелација меѓу келтските вредности што се пренесени во политичката сфера на модерна Република Ирска. Оттука доаѓа потребата да се дефинира терминот европски идентитет поради важноста и поврзаноста меѓу Ирска и Европската унија. Значењето на „европскиот идентитет" не се подразбира само по себе. Доцниот средновековен збор „идентитет", кој може да се преведе како „самостојност" или „единственост", во поново време значи и самостојност на човековото Јас или Мене (Вајденфелд, 2009: 143). Настрана од ова и од самиот идентитет, се појавува потребата да се создаде некој вид колективен идентитет, односно подетално да се дефинира неговото значење. Па затоа, во 20 век во Европа (*преку процесот на европската идеологија и интеграција*) се тргнува од „колективниот идентитет", каде што луѓето еден за друг и еден со друг зборуваат и размислуваат во формата „ние" (Вајденфелд, 2009: 143). Ова се создава за народите да се обединат, да нема веќе никаков конфликт, туку да се живее само преку културата и преку уметноста. Видовме во текот на овој магистерски труд дека обединетоста претставува суштинска значајност за Келтите и она во што тие веруваат.

Последователно, се појавила потребата да се дефинира политиката, односно да се создадат демократски вредности на европска почва преку успешно и транспарентно имплементирање на политиката. Преку изучување на владеењето и политиката, може да се научи повеќе за предизвиците и можностите, конфликтите и нивните решенија, како и употребата и злоупотребата на моќ низ времето во голем број култури и цивилизации (Muller, 2003: 301). Сите овие примери алудираат на тоа дека во поновата историја на Ирска имало голема злоупотреба на моќ, што довело до голем број конфликти, како што беше увидено погоре. За да се разграничат дефинициите на политичката сфера на европскиот континент, треба да се воведе свеста на постоењето на културологијата. Како што беше укажано погоре, културологијата во овој контекст на трудот и неговата тема може да се дефинира како гранка на општествените науки. Како таква, културологијата се занимава со научно разбирање, опис, анализа и предвидување на културните активности и системи (White, 1959: 33). Во однос на Келтите, културологијата претставува изобилство од богатство што само по себе претставува едно од најважните инстанции во човековата историја. Од друга страна, ирскиот народ приспособил голем број келтски симболи, како обичаи, митови, историски збиднувања, места што спомени (споменици), текстови (убедувања, химни, повелби, програми), и многу често и посебни поединци и дејци и, на крај, институции и организации (Вајденфелд, 2009: 143). Сите овие приспособувања му дале нова димензија на опстојувањето на ирскиот народ преку келтската историја и култура.

Мултикултурализмот може да се каже дека создава мултиетничко, мултијазично или мултирасно општество. Поради тоа, доаѓа потребата да се дефинира и терминот интеркултурализам. Според теоретичарите на културата, најдобра дефиниција на интеркултурализмот и на мултукултурализмот е дека интеркултурализмот е критика или алтернатива на можностите или границите на мултикултурализмот. Со други зборови, ако мултикултурализмот ја нагласува доминацијата на мнозинската култура, интеркултралзимот ја намалува таа разлика (Петрова-Митевска, 2014: пар. 3). Ова е повеќе од важно за да се увиди келтското опстојување во ирското општество, или пак неговата меѓусебна зависност. Ако знаеме дека мултикултурализмот промовира вредности од различни културни традиции на една почва, тогаш знаеме дека

постоењето на Келтите, Ирците и Англичаните во Ирска претставува исто така мултикултурно општество. А, пак, ако знаеме дека интеркултурализмот промовира меѓукултурен дијалог, а воедно и комуникација и однос на различните традиции и култури на една почва, тогаш веќе увидовме на многу начини како Келтите, Ирците и Англичаните комуницирале и се однесувале меѓусебно.

Опстојувањето на неколку на општества на една географска површина претставува разлика и предизвик сам по себе. Токму поради тоа настанала симбиозата во европскиот континент, наречена Европска унија. Европската унија се трансформирала во јадро на политичката архитектура на моќта на европскиот континент. Сценариото за тоа било напишано пред повеќе од 50 години со Договорите од Рим. Овој голем договор бил главниот проект за архитектурата на новата интегрирана Европа (Вајденфелд, 2009: 9). Овој договор бил и од голема важност за Ирска и нејзиното развивање како модерна европска држава.

На Европската унија ѝ било потребно многу повеќе време отколку што самата планирала за да се подготви за новите политички услови и предизвици (Договор од Лисабон, 2010: 15). Ова значело дека комплексноста на самиот континент претставува предизвик за да се воспостават базични односи меѓу земјите и различните култури.

За да се разбере комплексноста на Европа, мора да се спомене Договорот за ЕУ, кој не само што ѝ наметнува на Унијата да го зачува сопствениот (*европски*) идентитет[26] туку и да го почитува националниот идентитет на земјите-членки[27]. Бидејќи ЕУ претставува слика од посебен вид (*латински "sui generis"*) и смислата на заедништво на која се однесува, исто така, мора да има карактер на „sui generis", а не само да наликува на национална свест; поради ова дојде до употреба на апстрактната формула „идентитет" што се користи во многу општества (Вајденфелд, 2009: 144). Со оваа заштита на идентитетот на секоја држава се заштитува Ирска како културна земја, како земја со големо културно богатство, како земја со длабоки корени во и низ минатото.

Постојат многу примери каде што Келтите и Ирска се дефинираат како едно нешто, и како такви влијаат една врз друга со својот спој. Тука доаѓа во

[26] (член 2 од ДЕУ),
[27] (член 6(3) од ДЕУ),

преден план вечноста на Келтите; нивното значење и нивната улога. Постојат голем број дебати кога станува збор за модерниот келтицизам на европскиот континент, а најмногу во Ирска. Во Европа и во Ирска настанале голем број промени, што предизвикуваат посебна тешкотија за да можат денешните модерни народи да се дефинираат како чисти Келти. Нормално, нивните келтски карактеристики (*преданост кон својот народ, недоверба на власта, како и борбено милитантна подготвеност*), потпомогнале до некој степен да се зачува келтското културно наследство, (Metress, 1996: пар. 1-2), низ годините и да биде запамтено и денес.

„Вечност" како термин според своето значење претставува начин одредено нешто да остане целосно запамтено низ времето. Истото е случај и со Келтите и нивното опстојување низ вековите. Најголемиот доказ за нивното опстојување неминовно може да се најде на територијата на Република Ирска. Сè до денес, центарот на келтското културно наследство во Ирска потекнува од Келтите и само од Келтите (Celtic Ireland 2015: пар. 10). Со ова се утврдува вистината дека Ирска не може да биде ништо друго освен келтска. Повеќе од очигледно е дека Келтите придонеле многу за развојот на Ирска како модерна европска држава. Тие влијанија индиректно постојат и денес. Културата на Ирска како модерна држава вклучува обичаи и традиции, јазик, музика, уметност, литература, фолклор, храна и спорт, кој е во тесна поврзаност со Келтите (Rogers, 2010: 55). Оваа поврзаност е длабоко вкоренета во секојдневниот живот на секој човек што живее во Ирска.

Низ времето луѓето се опишани како индивидуи што поседуваат голем број таленти и афинитети за одредена дејност или за одредена работа (Bernstein, 2005: 3), а со тоа и со нив тие успеваат да дадат нешто за историјата, да ја збогатат, да ја прошират, да направат да остане како таква низ времето. Така, и на тој начин, со сите тие таленти, Келтите успеале да придонесат за збогатувањето на човековата историја, а најмногу историјата на ирскиот остров. Додека авторот Метју Арнолд (Matthew Arnold) одел низ Ирска и ги опипувал нејзините убавини, забележал дека Ирска е земја:

> „*Каде што минатото е впиено во сегашноста и сè уште живее, каде што секоја локација и секое место има своја уникатна келтска традиција, секое име има своја приказна и своја поезија. Ирска е место*

*каде што луѓето го знаат своето келтско минато и таа традиција, и се држат кон тоа, а за жал, другите земји со келтски темели го имаат заборавено сето тоа*“.

(Arnold M., 2005: 7).

Ирска останала келтска по својата природа. Секаде можат да се увидат трагите и отпечатоците на тој стар, богат народ. А навистина, што останува келтско во Ирска? Многу работи. А најмногу од сè, приспивните песни, поздравите на улица, секојдневниот жаргон (Arnold, 1977: 7-8). Така останале Келтите во модерното време преку оние најпрости и секојдневни работи. Така останале да бидат запаметени низ времето, и така нивното културно наследство целосно влијае врз развојот на културата во Ирска.

Келтите се присутни дури и во ткаенините на алиштата што ги носат Ирците, оние стари традиционални носии што се изработуваат со стари техники оставени од бабите и дедовците. Техниката на испреплетување сè уште, до ден денес, се претпоставува дека е келтска форма на декорација. Таа останала како многу познат мотив на модерен дизајн во келтските земји, а најмногу во Ирска каде што се има воспоставено како национален стил кај носиите (Castle, 2001: 299). Со тоа се претставува и се промовира келтскиот идентитет. Во изминатите години оваа техника го доживеала своето оживување во дизајните од 1960 година, каде што најчесто може да се најде на ткаенини и како дизајн за тетоважи (Castle, 2001: 299). Постојат голем број млади луѓе што го користат овој дизајн на многу начини, а не само како украсна тетоважа; го користат како модерен додаток на облека, како дел од нивниот ракописен потпис, и што уште не.

Кога станува збор за религијата, постои вечното келтско христијанство, како форма што зазела многу модерни карактеристики. Иан Бредли (Ian Bradley) во неговото дело *Келтско христијанство: креирајќи на митови и бркајќи соништа* (*Celtic Christianity: Making Myths and Chasing Dreams)* има забележано дека постојниот интерес за келтското христијанство има придонесено за голем број движења и преродби – познати како „преродбеност на келтското христијанство.“ Според него, голем број од преродбениците немаат никаква келтска заднина поради тоа што келтското христијанство за нив има егзотична и периферна привлечност (1999: viii–ix). Народот на територија на Република

Ирска се дефинира себеси како келтско христијански. Но, постојат и други народи што сакаат да бидат асоцирани со Келтите и нивната историја и култура, токму поради нивната љубов кон оваа историја, и кон Ирска како земја и нација. Во текот на преродбата во 12 и 13 век се популаризирале голем број стари келтски традиции, кои до ден-денес се присутни во модерното време (Bradley, 1999: viii). Овие стари традиции се однесуваат на музичките стилови и фестивалите, кои по својата природа имаат келтски карактеристики, и до ден-денес се практикуваат и се слават. Во текот на 18т и 19 век антикварството што било движење на романтицизмот заедно со активниот национализам влијаело врз идеи што почнале да бидат познати како „келтско христијанство“ (Bradley, 1999: viii). Овие религиозни идеи останале да бидат присутни и во сегашноста, и како такви ја збогатуваат ирската култура со сите свои поврзаности меѓу Келтите и Ирците.

Во модерното време идентификацијата и користењето на терминот „келтско христијанство“ е широко распространето во земја како што е Ирска, како кај учесниците на веќе воспоставените црковни организации, така и кај независните групации (Gierek, 2011: 317). Идентификацијата на Ирците како Келти е неминовен факт. Тоа е факт од нивното постоење, тоа е факт од нивното минато, нивната сегашност и нивната иднина.

# IV Заклучни размислувања

Темата на магистерскиот труд е „*Келтското културно наследство и неговото влијание врз Република Ирска како модерна европска држава*" и како таква ја увиде потребата да се искористи фактичкиот доказ за тоа како и на кој начин келтското културно наследство влијаело и сè уште влијае врз развојот на Република Ирска како модерна европска држава. Европа како континент е цивилизациски формирана од најразлични социјални, политички, образовни и уметнички превирања, и претставува област каде што културните испреплетувања се нормална појава. Сите овие случувања со текот на времето оставаат разни траги што потсетуваат од некоја друга ера. Повеќеслојноста на оваа тема укажува на богат извор на информации што ќе придонесат за сосредоточен и детален план во однос на тоа како Република Ирска се сменила под влијание на келтското културно наследство.

Келтите претставувале една од најуникатните историски народи што сè уште, до некој степен, опстојува во премрежјата на модерниот свет, на територијата на Ирска. Келтите нè потсетуваат дека постојат голем број историски моменти што можат да влијаат врз сегашноста, а со тоа и врз иднината. Уметничкото, музичкото и лингвистичкото влијание се вкоренило како основно богатство во келтското културно наследство. Тоа така придонело за успешно ширење на христијанството како основна религија во тој регион. Преку тој канал, келтското културно наследство влијаело и врз Обединетото кралство и Ирска.

Последователно на ова може да се укаже дека директното и индиректното истражување на сите извори за оваа тема, вклучувајќи ги сите пишани дела како и документарни филмови, влијаат врз оформување на тезите што се поставени како цели, и одговарање на важните прашања што се тесно поврзани со келтското влијание врз Република Ирска. Постои една мрежа на теми што се повеќеслојни, најмногу поради фактот дека богатството лежи во рамките на келтското културно наследство како главен двигател за развојот на една етнолингвистичка група, која со својата генијалност се проширило низ

двата острова, а со тоа и директно влијаела врз самиот развој на една модерна европска држава.

Традиционално на сето ова беше увидено дека суштинското дефинирање на критериумот за келтство може да се види кај народот и кај земјите што ги користат келтските јазици или имаат врска со Келтите и келтските јазици (Koch, 2005: xx). Толку е лесно и толку е едноставно. Едноставно треба уште еднаш да се потсети дека сепак, од сите народи што имале келтски влијанија и културни заднини, само Ирска успеала да ги задржи тие карактеристики и со право да се нарече единствената нација што е келтска по својата природа.

Низ сите сфери од истражувањето на овој магистерски труд беа посочени извори што укажаа како Келтите преку нивните културни наследства останале присутни низ времето, и како такви сè уште остануваат најмногу на територијата на Ирска. Иако магистерскиот труд користеше голем број извори сепак, секој извор само по себе, и различен по својата природа, презентира нејасности, контрадикторности и енигми (Tolkien, 1980: 5). Но фактот е единствен и посебен, кој алудира дека Келтите влијаеле врз развојот на Ирска како модерна европска држава. Тоа може да се увиди во литературата, уметноста, архитектурата, политиката, и во секој дел од животот на Ирците. Дополнително на ова со нивната мистика успеале да направат луѓето да веруваат во нивната способност духовност и добрина, и да ја согледаат убавината, и да го прифатат својот талент за да се достигне максимумот, а воедно и да се објасни необјасвивото (Arnold, 1977: 42).

Сите тие карактеристики на оваа етнолингвистичка племенска групација можат да се забележат денес, најмногу на почвата на Европа, во рамките на Европската унија. Ако во трудот беше заклучено дека Европската унија е една невообичаена и нова светска организација (Hix, 2005: 1), тогаш тоа може да се каже и за Келтите и нивниот придонес на европската и на светската историја. Поради тој придонес постои тоа големо единство. А тоа единство ги спојува културите и ги заштитува историите на сите народи.

Ова истражување, на еден начин, го откри влијанието што го имало келтското културно наследство и сè уште го има врз развојот на Република Ирска како модерна европска држава. Анализирањето ги вооч разните уметнички докази и ширењето на јазикот, културата, уметноста и музиката низ вековите. Концентрацијата на истражувањето беше сведено на различните

периоди во кои келтската култура се проширила низ Република Ирска. Од сето тоа се дојде до еден единствен заклучок, а тоа е дека Келтите биле народ што им припаѓал на времето и на историјата. Како такви тие не биле народ на една одредена граница, иако нивниот фокус отсекогаш бил и ќе биде Ирска, туку дека тие се народ на цела Европа, дека се народ на светот.

# V Библиографија

## ЛАТИНИЧНИ ИЗВОРИ

Arnason, H. H., 2004, *History of Modern Art (Painting, Sculpture, Architecture, Photography)*, Pearson Prentice Hall, New Jersey

Arnold, Bruce, 1977, *Irish Art – A Concise History,* Thames and Hudson, London

Arnold, Matthew, 2014, *Celtic Literature*, Gutenberg, London

Astin, Sean, 2004, *There and Back Again, An Actor's Tale,* Virgin Books, London

Baugh, Albert C. and Cable, Thomas, 2003, *A History of the English Language – Fifth Edition*, Routledge: London.

Beaty, Jerome; Booth, Alsion; Hunter, J. Paul; Mays, Kelly J., 2002, *The Norton Introduction to Literature – shorter eighth edition*, W.W. Norton & Company, Inc., London

Bernstein, Douglas A., Nash, Peggy W., 2005, *Essentials of Psychology*, Houghton Mifflin Company, Boston.

Bhreathnach, Edel (ed.), 2006, *The Kingship and Landscape of Tara*, Four Courts Press: Dublin

Bliss, Alan, 1979, *Spoken English in Ireland*, Dublin Press, Dublin

Bock, Gisela, 2002, *Women in European History*, Blackwell Publishers, Oxford

Bradley, Ian, 1999, *Celtic Christianity: Making Myths and Chasing Dreams*, Edinburgh University Press, Edinburgh.

Bryson, Bill, 2004, *A Short History of Nearly Everything*, Black Swan: London.

Castle, Gregory, 2001, *Modernism and the Celtic Revival*, Cambridge University Press, Cambridge.

Campbell, Lyle, and William J. Poser, 2007, *Language Classification. History and Method*, Cambridge University Press: London.

Carpenter, Humphrey, 1977, *Tolkien: A Biography*, Ballantine Books: New York.

Chadwick, Nora, 1970, *The Celts*, Penguin Books: London.

Cunliffe, Barry, 1997, *The Ancient Celts*, Oxford University Press ( 1997, p.276)

Collingwood, R. G., and Myres J. N. L., 1937, *Roman Britain and the English Settlements*, Oxford University Press, Oxford

Collins, John, 2003, *The Celts: Origins, Myths and Inventions*, Tempus Publishing: Stroud.

Day, David, 2012, *Tolkien: The Illustrated Encyclopedia,* Bounty Books: London.

Day, David, 2013, *The World of Tolkien: Mythological Sources of The Lord of the Rings*, Bounty Books: London.

Duffy, Charles Gavan, 1883, *Four Years of Irish History 1845–1849 – Autobiography and Recollections*, Robertson: Melbourne.

Dunleavy, Janed Egleson, and Dunleavy, Gareth W., 1991, *Douglas Hyde: A Maker of Modern Ireland*, University of California Press, California

Ebenstein, Alan, 2002, *Introduction to Political Thinkers,* Wadsworth, Belmont

Ekwall, Eldon E., 1924, *Intorduction to the Survey of English Place-Names*, Cambridge University, Cambridge

Ekwall, Eilert, 1960, *The Concise Oxford Dictionary of English Place-Names: 4th Ed*, Oxford University Press, Oxford

Falser, Michael, 2015, *Cultural Heritage as Civilizing Mission - From Decay to Recovery*, Heidelberg, New York.

Foster, John Lawrence, 2001, *Ancient Egyptian Literature: An Anthology*, Austin: University of Texas Press

Foster, Nigel, 2006, *Blackstone's EC Legislation 2006-2007*, Oxford University Press, London

Foster, Nigel, 2006, *Foster on EU Law*, Oxford University Press, London

Foster, R.F., 2003, *W.B. Years: A Life, Volume II: The Arch-Poet 1915-1939,* Oxford University Press, London

Frazer, Sir. James G., 1922, *The Golden Bough: A Study in Comparative Religion (vol. 1 and 2),* Gutenberg, London

Friedman, Marilyn, 2005, *Women and Citizenship,* Oxford University Press, Oxford

Gardiner, Richard K., 2003, *International Law*, Pearson Longman, Essex

Gierek, Bozena, 2011, *Celtic spirituality in contemporary Ireland*, Cambridge Scholars, London

Gove, Philip Babcock, and the Merriam-Webster Editorial Staff, 1993, *Webster's Third New International Dictionary (Unabridged)*, Könemann Verlagsgesellschaft MBH, Berlin

Graves-Brown Paul, Jones Siân, Gamble Clive, 2012, *Cultural identity and archaeology: the construction of European communities*, Routledge: London.

Griffith, Tom, 1997, *Sir Gawain and the Green Knight,* Wordsworth Classics: London.

Hague, Rod and Harrop, Martin, 2007, *Comparative Government and Politics – An Introduction*, Palgrave Macmillan New York

Harding, D.W., 2007, *The Archeology of Celtic Art*, Routledge, Abingdon

Harper, Colin, 2005, *Irish Folk, Trad and Blues: A Secret History*, Cherry Red Books, London.

Harpur, James, 2007, *Warriors – All the Truth, Tactics, and Triumphs of History's Greatest Fighters*, Atheneum Books for Young Readers: London.

Henderson, George, 1911, *Survivals in Belief among the Celts,* James Maclehose and Sons, Glasgow

Hix, Simon, 2005, *The Political System of the European Union,* Palgrave Macmillan, New York

Holmes, T. Rice, 1936, *Ancient Britain and the Invasions of Julius Ceasar*, Oxford University Press, Oxford

Hughes, Kathleen, 2005, *The Church in Early Irish Society*, ACLS History E-Book Project, London.

Jeffares, Norman A., 2001, *W. B. Yeats: A New Biography*, Bloomsbury Academic, London.

Kleiner, Fred S. and Mamiya, Christin J. 2005. *Gardner's Art Through the Ages, twelfth edition.* Thomson Wadsworth.

Koch, John T. 2005, *Celtic Culture: A Historical Encyclopedia (Five Volume Set)*,

ABC-CLIO, Santa Barbara

Krogh, David, 2005, *Biology – A Guide to the Natural World*, Pearson Prantice Hall, New Jersey

Kruta, Venceslas, 2005, *Celts*, Hachette Illustrated UK.

Kuic, Ranka, 2015, *Pod Belim Nebom Crven Zmaj (Petnaeset vekova pesnicke tradicije drevnih Kelta – Kamra)* Gutenberg, Beograd

Lawson, Kay, 2003, *The Human Polity (A Comparative Introduction to Political Science)*, Houghton Mifflin Company, New York

Leahy, A. H., 2001, *Heroic Romances of Ireland,* PublishingOnline, Seattle

Lhuyd, E., 1971, *Archaeologia Britannica: An account of the languages, histories, and customs of the original inhabitants of Great Britain* (reprint ed.), Irish University Press: Ireland.

Macculloch, J.A., 1911, *The Religion of the Ancient Celts,* Morrison & Gibb Limited, Edinburgh

Makins, Marian, 1995, *Collins Paperback Dictionary*, HarperCollins Publishers, London

Melhuish, Martin, 1998, *Celtic Tides: Traditional Music in a New Age*, Quarry Press, Inc., Ontario

McCaffrey, Carmel and Eaton, Leo, 2002, *In Search of Ancient Ireland: From Neolithic Times to the Coming of the English*, Ivan R. Dee Publishing: London.

McCormick, John, 2005, *Understanding the European Union – A Concise Introduction*, Palgrave Macmillan, New York

McNair, Brian, 2003, *An Introduction to Political Communication*, Routledge, New York

Moffat, Alistair, 2008, *The Sea Kingdoms: The History of Celtic Britain and Ireland*, Harper Collins: London.

Monaghan, Patricia, 2004, *The Encyclopedia of Celtic Mythology and Folklore*, Facts on File, Inc, New York.

Munson, Ronald and Conway, David A., 2001, *Basics of Reasoning*, Wadsworth: London.

Muller, Gilbert H., 2003, *The McGraw-Hill Reader – Eighth Edition*, McGraw Hill: London.

Nanda, Serena and Warms, Richard L., 2004, *Cultural Anthropology*, Thomson Wadsworth, London

Noble, Thomas F.X., 2002, *Western Civilization (The Continuing Experiment)*, Houghton Mifflin Company, New York

Norton Anthology, 2000, *The Norton Anthology of English Literature – Seventh Edition, Volume 1*, W. W. Norton & Company, Inc, London

Norton Anthology, 2000, *The Norton Anthology of English Literature – Seventh Edition, Volume 2*, W. W. Norton & Company, Inc, London

Pelikan, Jaroslav, 1992, Sacred Writings – Christianity: The Apocrypha and the New Testament, Cambridge University Press, New York

Peterson, Eugene H.,2003, *The Message // Remix – The Bible in Contemporary Language*, Navpress: USA

Praill, Alex, 2003, *The United Kingdom: 100 Questions Answered*, Belmont Press, London

Pyle, Hilary, 1989, *Jack B. Yeats: A Biography*, Rowman & Littlefield Publishers, London

Rachels, James, 2003, *Problems from Philosophy*, McGraw Hill: London.

Rachels, James and Rachels, Stuart, 2007, *The Elements of Moral Philosophy*, McGraw Hill: London.

Rankin, H. D. 1998, *Celts and the Classical World*. Routledge: London.

Rogers, Jonathan, 2010, *Saint Patrick*, Thomas Nelson, Nashville

Rolleston, Thomas William, 2010, *Myths and Legends Of the Celtic Race*, Constable and Company Limited: London

Rubenstein, James M., 2008, *An Introduction to Human Geography*, Pearson Prentice Hall, New Jersey

Sawyers, June Skinner, 2002, *The Complete Guide to Celtic Music*, Aurum Publishing, London.

Seyler, Dorothy U., 1999, *Doing Research – The Complete Research Paper Guide*, McGraw-Hill College, London

Seymour, St. John D., 1913, *Irish Witchcraft and Demonology*, Hodges, Figgis & Co. Ltd., Dublin

Simspon, John (ed), and Weiner, Edmund (ed), 1989, *The Oxford English Dictionary (20 Volume Set) (Vols 1-20) 2nd Edition*, Clarendon: Oxford.

Sjoestedt, Marie-Louise, 1994, *Gods and Heroes of the Celts*, Turtle Island

Foundation, Berkley

Stead, Ian, 1996, *Celtic Art*, Harvard University Press, Cambridge

Stecker, Robert, 1997, *Artworks: Definition, Meaning, Value*, Pennsylvania State University Press, Pennsylvania

Squire, Charles, 1909, *The Mythology of Ancient Britain and Ireland*, Constable & Company Ltd, London

Squire, Charles, 1905, *The Mythology of the British Islands,* Charles Scribner's Sons, London

Todd, Douglas, 1996, *Brave Souls: Writers and Artists Wrestle with God, Love, Death, and the Things That Matter*, Stoddard Publishing Co. Limited, Toronto

Tolkien, J.R.R, 2009, *The Legend of Sigurd & Gudrún*, HarperCollins: London.

Tolkien, J.R.R, 1980, *Sir Gawain and the Green Knight, Pearl, Sir Orfeo*, Ballantine Books: New York

Tolkien, J.R.R, 1980, *The Tolkien Reader including The Adventures of Tom Bombadil*, Ballantine Books: New York.

Tylor, E.B., 1974, *Primitive culture: researches into the development of mythology, philosophy, religion, art, and custom*, Gordon Press, New York.

Von Dehsen, Christian D., 1999, *Philosophers and Religious Leaders*. Greenwood Publishing, Santa Barbara

Westropp, Thomas Johnson, 1902, *The Ancient Forts of Ireland,* Ponsonby and Weldrick University Press, Dublin

White, Leslie, 1959, *The Evolution of Culture: The Development of Civilization to the*

*Fall of Rome*, McGraw-Hill, New York.

Wilkinson, Kathryn, 2008, *Signs & Symbols: An Illustrated Guide to their Origins and Meanings*, Dorling Kindersley, London

Wordsworth Collection, 2004, *The Wordsworth Book of Horror Stories*, Wordsworth, London

Wordsworth Collection, 2005, *Wordsworth Collection of Irish Ghost Stories*, Wordsworth, London.

Zachrisson, R. E., 1927, *Romans, Kelts, and Saxons in Ancient Britain*, Sweden Publishers, Sweden

**ИНТЕРНЕТ-ИЗВОРИ**

Blackwell, Amy Hackney; Hackney, Ryan, 2015, *Celtic Festivals*, [online] Available at: http://www.netplaces.com/irish-history/celtic-mythology/celtic-festivals.htm [Accessed 19 March 2015]

Celtic Ireland, 2015, *The Celts,* [online] Available at: http://www.proud2beirish.com/Celtic-Ireland.htm [Accessed 30 March 2015]

Celtic Ireland, 2015, *The Celts,* [online] Available at: http://www.proud2beirish.com/Irish-Wolfhound.htm [Accessed 09 May 2015]

Celtic Ireland, 2015, *The Celts,* [online] Available at: http://www.proud2beirish.com/Ireland.htm [Accessed 09 May 2015]

The Celtic League, 2014, *History*, [online] Available at: http://www.celticleague.net/about-us/ [Accessed 10 November 2014]

Culture in Development, 2015, *What is cultural heritage?* [online]

http://www.cultureindevelopment.nl/cultural_heritage/what_is_cultural_heritage [Accessed 16 November 2015]

Dubh Gall, 2015, Feiseanna for Dummies, [online] Available at: http://www.dubhgall.be/ENfeiseanna01.htm [Accessed 11 August 2015]

Encyclopedia of Art, 2015, *Architectural Monuments of Ireland*, [online] Available at: http://www.visual-arts-cork.com/architectural-monuments-ireland.htm [Accessed 11 August, 2015]

Enya, 2015, Biography, [online] Available at http://www.enya.com/about_bio.php [Accessed 30 August, 2015]

Farlex Free Dictionary, 2015, *Common Law*, [online] http://legal-dictionary.thefreedictionary.com/Common+Law [Accessed 15 November 2015]

Hidden Ireland, 2015, *Ireland's Celtic & Gaelic Heritage*, [online] Available at: http://www.hiddenireland.com/celtic-gaelic-heritage [Accessed 30 March 2015]

HistoryWorld, 2015, *Celts*, [online] Available at: http://history-world.org/celts.htm [Accessed 30 September 2015]

IFLA, 2015, *Defining Multiculturalism*, [online] http://www.ifla.org/publications/defining-multiculturalism [Accessed 16 November 2015]

IMDB, 2012, *Celtic Movies*, [online] Available at: http://www.imdb.com/list/ls055187336/ [Accessed 08 September 2015]

Knowth, 2014, *Ireland and the Celtic Culture*, [online] Available at: http://www.knowth.com/celtic.htm [Accessed 10 November 2014]

Letkemann, Jessica, 2014, *Top 10 Irish Musicians of All Time,* [online] Available at: http://www.billboard.com/articles/list/5937588/top-10-irish-musicians-bands-of-all-time-ever [Accessed 19 March 2015]

Lord of the Dance, 2015, *Michael Flatley Biography*, [online] http://www.lordofthedance.com/the-show/michael-flatley/ [Accessed 15 November 2015]

Melia, Craig, *Celtic Heritage – culture, beliefs and traditions of the Celtic peoples*, [online] Available at: http://www.celticheritage.co.uk/ [Accessed 19 March 2015]

McKennitt, Loreena, 2015, *Biography*, [online] Available at: http://loreenamckennitt.com/about/biography/ [Accessed 30 August, 2015]

Metress, Seamus, 1996, *The Great Starvation and British Imperialism in Ireland*, [online] Available at: http://homepage.ntlworld.com/chris.thorns/resources/Translations/iphunger.pdf [Accessed 20 August, 2015]

Missgien, 2015, *Celtic Art*, [online] Available at: http://www.missgien.net/celtic/art.html [Accessed 30 March 2015]

O.C.S.O., 2010, *Order of Cistercians of the Strict Observance*, [online] Available at: http://www.ocso.org/index.php [Accessed 02 October 2015]

Office of the Attorney General, 1983, *Statute Law Revision Act,* [online] Available at: http://www.irishstatutebook.ie/eli/1983/act/11/enacted/en/print [Accessed 15 November 2015]

Patterson, Tina, 2007, *The Celtic Influence on Irish Culture*, [online] Available at: http://www.humanities360.com/index.php/the-celtic-influence-on-irish-culture-4-63944/ [Accessed 10 November 2014]

Pintado, Vincent F., 2015, *Gallaic Revival Movement*, [online] Available at http://gallaicrevivalmovement.page.tl/ [Accessed 11 August, 2015]

Smith, Philip T., 2015, *Ireland's Ancient Celtic Christian Architecture,* [online] Available at: http://scribol.com/art-and-design/irelands-ancient-celtic-christian-architecture [Accessed 11 August, 2015]

Stanford Encyclopedia of Philosophy, 2003, *Aesthetic Judgment,* [online] Available at: http://plato.stanford.edu/entries/aesthetic-judgment/ [Accessed 28 April 2014]

Sullivan, Jim, 1997, *Enya Knocks on Heaven's Door*, [online] Available at: http://www.enyabookofdays.com/articles/ptsws-12.htm [Accessed 30 August, 2015]

Walker, Stephen, 2013, *Celtic Revival Crosses,* [online] Available at: http://www.celtarts.com/revival_crosses.htm [Accessed 10 August, 2015]

Warner Music, 2015, Enya, [online] Available at: http://www.warnermusic.com.au/enya [Accessed 30 August 2015]

Washburn, Jim, 1994, *If You Must, Label Her `Enlightened' Pop music: Loreena McKennitt, who performs in Irvine tonight, sings ethereal material, but don't pigeonhole the harpist as New Age*, [online] Available at: http://pqasb.pqarchiver.com/latimes/doc/293035557.html?FMT=ABS&FMTS=ABS:FT&type=current&date=Nov%2029,%201994&author=JIM%20WASHBURN&pub=Los%20Angeles%20Times%20(pre-1997%20Fulltext)&edition=&startpage=&desc=If%20You%20Must,%20Label%20Her%20`Enlightened%27%20Pop%20music:%20Loreena%20McKennitt,%20who%20performs%20in%20Irvine%20tonight,%20sings%20ethereal%20material,%20but%20don%27t%20pigeonhole%20the%20harpist%20as%20New%20Age. [Accessed 20 August, 2015]

Western Culture Global, 2009, *What is Western Culture?*, [online] Available at:

http://www.westernculturegloal.org/what-is-western-culture.html [Accessed 28 April 2014]

## КИРИЛИЧНИ ИЗВОРИ

Вајденфелд, Вернер, и Веселс, Волфганг, 2009, *Европа од А до Ш – Прирачник за европска интеграција*, Konrad-Adenauer-Stiftung, Скопје

Европска унија, 2010, *Договор од Лисабон*, Konrad-Adenauer Stiftung, Скопје

Коковић, Драган, 2010, Културни и етнички идентитет [online] Available at: http://www.sociolog.rs/files/godisnjak_br03/dragan%20kokovic.pdf [Accessed 08 December 2015]

Каракамишева, Тања, и Ефремова, Вероника, 2009, *Поимник на терминологијата на Европската унија*, GTZ, Skopje

Конески, Кирил, 1999, *Правописен Речник на македонскиот литературен јазик*, Просветно дело, Скопје

Макаровски, Златко, 2004, *Фактопедија: Илустрирана Енциклопедија*, Неографија, Словачка

Минсини, Нуло, 2004, *Европски книжевни студии*, Култура, Скопје

Мургоски, Зозе, 2001, *Голем Англиско Македонски Речник*, Скопје

Петрова-Митевска, Елеонора, 2014, *Култура, мултикултура - интеркултура и културна различност* [online] Available at: http://star.utrinski.com.mk/?pBroj=1878&stID=43149&pR=7 [Accessed 28 April 2014]

Урошевиќ, Влада, 1991, *Алдебаран*, Скопје

Шивананда, Свами, 2014, *Моќта на мислите*, Издавачки центар Три, Скопје